

26 автори
54 раскази

# Електролит :2007

ТЕМПЛУМ

e book
okno.mk

Уредник на едицијата: Никола Гелевски
Графичко уредување и дизајн: Точка™

Темплум, адреса:
Климент Охридски 15, 1000 Скопје
www.templum.com.mk
templum@mt.net.mk

**CIP** - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

**821.163.3-32**

**Електролит 2007: избор од најдобрите раскази од конкурсот „Електролит“ за 2007 година** - Скопје : Темплум, 2007. - 160 стр.; 18 см. - (Библиотека Катапулт; кн. 3)

ISBN 978-9989-189-16-6
COBISS.MK - ID 71101450



КАТАПУЛТ
к н и г а 3

# Електролит:2007

*избор од најдобрите раскази*
*од конкурсот „Електролит“*
*за 2007 година*

*р а с к а з и*

Т Е М П Л У М
Скопје, 2007

## СОДРЖИНА:


ПРЕДГОВОР :6:

А: АЛЕНА: ШАХ :9:
А: АЛЕНА: ДУПКАТА :12:
А: АЛЕНА: ОГЛЕДАЛО :16:
А: АЛЕНА: УТРО :21:
А: А.НОНИМУС: КУКЛЕН ТЕАТАР :24:
Б: БОЈКОВСКИ МИЛКО: НЕПРИСТОЕН ПРЕДЛОГ :28:
Б: БРОМОФОН: ЉУБОВ НА ПРВ ПОГЛЕД :32:
Б: БРОМОФОН: СЕМЕ :36:
Б: БРОМОФОН: ТРКА :37:
Б: БУВЉАК НАДА: НАСЛЕДСТВО :38:
Г: ГОШЕВСКИ ДУШКО: НАПРЕЕЕЕД!!! :43:
Г: ГРУЕСКИ ЗОРАН: И БОГ :44:
Д: ДИМИТРОВСКА МЕЛАНИ: Е, ПА ЈУСКА :45:
Д: ДИМИТРОВСКА МЕЛАНИ: КРАТОК РАСКАЗ :47:
Д: ДОЗГУЛПМУС: ДОДЕКА СМРТТА НЕ НÈ РАЗДЕЛИ :48:
Д: ДОЗГУЛПМУС: ПТИЦИ :53:
Д: ДОЗГУЛПМУС: SUB ROSA :54:
Е: ЕДИФОКС ИКС: ЦРКОВЕН ЗЕЈТИН :56:
К: КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: ЗАВЕРА :59:
К: КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: НЕСОНИЦА :60:
К: КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: ЧУДОВИШТА :61:
К: КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: СЛУЧАЈНА ПОВРЗАНОСТ :62:
К: КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: КРУГ :63:
К: КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: СОН :64:
К: КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: ЦРНА ДУПКА :66:
Q: QUEEN ADREENA: СТРАВ :67:
Q: QUEEN ADREENA : Б(ЛУД) У(СНИ) С(ЕКС) :69:
Q: QUEEN ADREENA: JAC. :71:
Q: QUEEN ADREENA: КОЛЕКТИВНО РАСПАЃАЊЕ :73:
М: МАРКОСКА МАРТА: ШТО СЕ СЛУЧУВА КОГА ГО ЧИТАТЕ ФРЕЈЗЕР :75:
М: MORPHINE: ГРАДОТ НА ИДНИНАТА :79:
М: MORPHINE: ПИСМА :81:
М: МУЦКО: МОЈОТ ЦИМЕР ЕСКОБАР :82:
М: МУЦКО: СПАСУВАЈЌИ ГО ТОШЕ :86:
Н: НИКОЛОВСКА МИЛЕНА: ПРЕСЛИКУВАЊЕ :90:
Н: НИКОЛОВСКА МИЛЕНА: РАЦЕ НА МОЈОТ ПРОЗОРЕЦ :92:
Н: НИКОЛОВСКА МИЛЕНА: СЛУЧАЕН МИНУВАЧ :94:
П: ПАВЛОВА СЛОБОДАНКА: ЧИРОВИ :95:
П: ПЕТАР ПАН: МОЈАТА СЕКСУАЛНА ЕВОЛУЦИЈА :99:
П: ПЕТРЕСКА ИРЕНА: ГРЕВ :105:
П: ПЕШЕВСКА ИНА: НЕДЕЛА, СЛАТКА НЕДЕЛА :110:
С: СЕРАФИМОВСКИ ОЛИВЕР: УБИСТВЕНА УБАВИНА :112:
С: СТАНОЕВСКА ЖАНЕТА: ЖЕНАТА НА НОЌТА :117:
С: СТАНОЕВСКА ЖАНЕТА: ПРИЈАТЕЛИ :120:
С: СТАНОЕВСКА ЖАНЕТА: РАДМИЛА :125:
С: СТАНОЕВСКА ЖАНЕТА: СЛАДОЛЕД :129:
С: СТАНОЈЕСКИ ДАНАИЛ: ВОШКАР :133:
С: СТАНОЈЕСКИ ДАНАИЛ: СУВИ СЕ РАЦЕТЕ НА МИХАИЛ :137:
С: СТОЈАНОСКА ГАБРИЕЛА: ОТВОРЕНИ ВРАТИ :141:
S: SHE: НЕДЕЛА :147:
S: SHE: КРОЈАЧ НА СУДБИНАТА :149:
S: SHE: МАНЧ-МЕЛОУ :152:
S: SHE: НИМФА :154:
У: УГУРОВСКА АНАСТАСИЈА: СТРАВ :157:

# ПРЕДГОВОР

Минатата година на ова место напишавме: идејата на конкурсот Електролит е јасна и едноставна: да се овозможи нов, евтин и релативно силен медиум за презентација и афирмација на литературата пишувана на македонски јазик, главно од помлади и од недоволно познати автори. Како медиум го искористивме интернетот, т.е. сајтот на книгоиздателството Темплум: www.templum.com.mk

Годинава само го потврди добро замислениот концепт, но се случија и одредени измени. На пример, во репрезентативниот овогодишен избор се решивме за истиот број раскази како и минатата година (околу 50), но бројот на застапените автори во изборот го намаливме од 31 на 26. Целта ни е (барем во испечатениов дестилат од сите годишни конкурси) сè повеќе да се сосредоточуваме на квалитетот, наспроти квантитетот, иако бројот од 26 автори воопшто не е мал, со оглед на слабата книжевна продукција кај нас.

Од тие 26 автори (од вкупно околу 100 различни автори што ни испраќаа раскази во текот на 2007), само осум ги имаше и во минатогодишниот избор (тогаш од околу 160 автори во книгата влегоа 31): **Ши, Милко Бојковски, Зоран Груески, Нада Бувљак, Ѓорѓи Крстевски, Милена Николовска, Слободанка Павлова** и **Буши Мит** алиас **Бромофон** алиас **Владо Јаневски** (не пејачот:).

Освен тоа, за разлика од минатата година кога имавме осум конкурси (речиси секој месец), оваа година преминавме на двомесечен ритам, така што имавме само пет конкурси (вкупниот број пристигнати раскази минатата година изнесуваше 508, а оваа 368). Наградивме 16 раскази од 13 автори (минатата година беа наградени 31 расказ од 24 автори). Двомесечниот ритам на конкурсите, инаку, ќе го задржиме и во 2008 година.



***

Иако конкуренцијата за награди и во 2007 беше жестока (и тоа особено радува:), годинава сепак се издвоија неколку автори (поточно: авторки!) кои речиси постојано испраќаа мошне квалитетни раскази; тука пред сè мислиме на **Алена** (која, доколку продолжи со вакво темпо и квалитет, следната година има мошне сериозни шанси да ја добие наградата *Новите!*:), на **Ши** (која можеби малку падна во однос на претходната година, но сè уште предизвикува особено внимание), на **Квин Адрина** (големото овогодишно пријатно изненадување!) и на **Жанета Станоевска** (со нејзиниот сталожен и јасен авторски пристап, кому оваа година за влакно му избега наградата за најдобар дебитантски ракопис, Новите!).

Од другите девојки/жени, годинава се издвоија **Нада Бувљак, Ина Пешевска, Марта Марковска, Милена Николовска, Ирена Петровска**...

Машкиве годинава не се прославија, освен стандардно добриот **Ѓорѓи Крстевски** (кој и минатата година беше меѓу најзабележителните елитраши). На моменти, сепак, одлични раскази годинава имаа **Бромофон , Муцко, Дозгулпмус, Душко Гошевски**...

Се разбира, добри раскази оваа година имаа и многу други елитраши, но ние овде ги издвојуваме само оние автори кои во континуитет испраќале релативно квалитетни раскази...

Продолжуваме следната, 2008 година! Со надеж дека следната година ќе имаме уште повеќе и, пред сè, уште подобри раскази!

***

Годинава расказите ги читаа и оценуваа уредниците на Темплум: Никола Гелевски (уредник и автор на критиките и освртите на Електролит), Бранко Прља (автор на конкурсот и уредник на сајтот на Електролит) и Владимир Јанковски (член на жирито на Електролит).

## АЛЕНА: ШАХ

Во пет часот попладне кога сонцето си ги собира парталите, а јас му варам сиктер кафе, доаѓа Дејан да играме шах. Ги одбирам белите фигури и започнувам со пионот. Секогаш прв оди најслабиот. Тоа го дознав кога си замина Лил. Лил со своите 50 килограми од кои дури 20 проценти паѓаа на инсектите кои живееја меѓу нејзините гради, во онаа мала, светла рамнина. Дејан сè уште не го направил првиот потег. Наместо тоа зјапа во моите очи и по неколку секунди ми намигнува. Мајмун. Кога ќе изгуби цацко ќе му биде крив. Кога гледа дека нема никаков фидбек од намигнувањето го копира мојот потег и се смее зелено.

Лил никогаш не играше како мене. Никогаш не ме гледаше во очи таа Лил. Ја ставаше дланката испружена врз шаховската табла и птици слетуваа на неа. Потоа доаѓаа прво нејзините, а потоа моите родители и парчосуваа сè. Јас и таа бевме во плакарот. Стуткани се смеевме.

Го шишнав офицерот напред скроз до крај. Стои таму бел и горд и цинично му се смее на Дејан в лице. А тој, мајмун, ми ја тегне косата и дише некако забревтано, грубо, грдо. Ја ставам дланката врз таблата шах, но птиците не доаѓаат. Ги нема ни нашите родители. Глупаци. Се скриле

во плакараот и победоносно ги тријат дланките една од друга. Дејан ми го каса вратот. Мајмун.

„Ајде, ти си на ред“ - се тргнувам настрана стрелајќи го со поглед.

Го шишка и тој офицерот. Му го напаѓам кралот. Нечии копја ме бодат во слабините. Мајмунот не си ги исекол ноктите.

„Ќе изгубиш“ - му велам.

„Нека мачe... ќе те победам на поинаков терен.“

Глупак. Се нафрла врз мене. Тежок како слон. Бревта и испушта крици на воин.

„Ова не е војна“ - прошепотувам.



Се престорил во планинар. Студена зима годинава на мојот врв. Ги забодува клиновите во моето месо и вреска. Ги забива проклетите клинови и ми го буши месото. На секоја дупка воскликнува победоносно со едно гласно АААААААААА. Ја освојува планината, полека.

„Овде не би требало да има победници“ - прошепотувам.

Го задушува мојот шепот со канџа на мечка врз мојот отвор кој фабрикува реченици. Ми го гмечи лицето обидувајќи се да го прибере, да го згужва сето во својата рапава дланка. И рика. Рика како лавот од почетокот на некои филмови на кои со Лил секојпат им го вртевме грбот. Кога ќе се појавеше разриканото животно на телевизискиот екран Лил викаше: Еј, овој со лавот го имам гледано! Се смеевме двете и одевме во плакарот. Таму Лил ми дозволуваше да шетам со врвот од јазикот по месестата рамнина меѓу нејзините гради. Ги закачкав полека инсектите на Лил кои содржеа 20 проценти од неа. Ги рчкав колку да им ја навестам бурата. Кога ќе почнев да им пуштам облачиња од воздишки тие здивуваа. Веднаш формираа чети и избувнуваа од отворите на порите од кожата на Лил. Јуришаа кон мојот грб. Ме пецкаа копајќи отвори во мене. Зуеја и вибрираа влегувајќи. Лил стануваше прелесна и се одвојуваше од земјата, а јас се натискав во подот тешка колку цела Кина заедно со Тајван. Правев дупкишта во подот кој не можеше да ја поднесе мојата тежина. Лил со главата го бушеше плафонот од плакарот. Се соочувавме со опасност плакарот конечно да експлодира.

Мајмунот ми ја зграбил косата и ми ја влече главата наназад. Го погледнувам во очи. Згрчено лице. Мускулите му се оптегнати. Изгледа како сликите на кои полагаат испити студентите по медицина. Устата ја здрвил подотворена. Забите ги стиснал и тие шкрипат. Се грчи над мене, ме стиска, урла. Кралот му е нападнат, а тој ликува победоносно. Глупак.



Со Лил ја штитевме кралицата. Затоа никогаш немаше победници. Еден ден дојде точно во 5 часот попладне и ми рече: Конечно ќе одам кај кралицата. Оттогаш не ја видов. Пере туѓи гаќи во домот на некоја лондонска фамилија. Пишува писма секоја недела. Кратки писма. Сè уште не ја видела кралицата. Господин Браун ѝ го пика вишокот машко месо во уста. Голта Лил. За виза. Госпоѓа Браун ги сака алиштата испеглани до 5 часот попладне.

Мајмунот ме полни со неговите вишоци. „Чудовиште“ - ми вели - „ме јадеш, монструму!“ Јас голтам. За родителите. За домашна виза.

На балконот слетуваат авиони. Откога замина Лил аеродромот го префрлија на мојот балкон. Секое утро ја чекам Лил. Со куфери. Сè уште ја чекам. Штом ќе ја види кралицата сигурно ќе слета на пистите од мојот балкон.

## АЛЕНА: ДУПКАТА

„Облечи се добро пред да излезеш од дома", секогаш беа последни зборови на мајка ми пред да тргне на работа. По неа излегував јас и домот чмаеше празен до доцна попладне. Ги натнувам патиките. Јакната ќе ја скриев под креветот, индексот го згмечувам во задниот џеб и тргам накај Дупката. Секој ден исто.



Откако замина Лил не излегував од дома сѐ додека не ја пронајдов Дупката. Геј бар во сутеренски простор. Набиен под земја во најтемниот дел од строгиот центар на градот. Мала гробница на изгубените изопаченици. Бевме неколкумина инвентарни гости, безброј глувци и нешто кусур поминувачи кои откако еднаш ќе влезеа веќе никогаш не се враќаа. Се криевме во влажното подземје за да ја избегнеме белата светлина на очигледноста. Секое излегување од Дупката беше проследено со агонична болка во слепоочниците која ни ја задаваше сонцето. Затоа ретко го напуштавме подрумскиот мрак.

Во кое време и да отидев Сара веќе беше таму. Понекогаш помислував дека не ја напушта Дупката никогаш иако на полноќ заедно се упатувавме кон автобуската. Мојот автобус постојано доаѓаше прв. Никогаш не ми кажа кој автобус го чекаше и дали воопшто постоеше место кон кое се враќа. Евтина ѕидарка во едната рака и цигара во другата која нервозно ја вртеше по работ на пепелникот. До лани таа беше штитеник на домот за сираци. Откако ја истрошија поголемите момци замина оттаму со огромна омраза кон сите стрејт мажи и желба да бега. Каде било, само да му избега на непознатиот непријател. Беше неверојатно слаба, но широките панталони успешно ги криеја цевчињата и шилестите зглобови. Кога минував покрај неа знаеше да ме плесне по газот. Или пак сосема неочекувано ќе ми се фрлеше во скут и ми ги гризеше градите до изнемоштеност. Попусто врескав, сѐ додека газда Пепи не ѝ спискаше таа не се тргаше од мене.

Газда Пепи, или само Газда, беше сопственик на Дупката. Никогаш не излегуваше од неа. Свесен дека лебот од нас не го вади уживаше да нѐ пцуе. Веќе заглибен во зрело доба имаше обичај да каже: „се навикнувам полека на апартманот во градските гробишта. Сето ова е само една генерална проба", а потоа долго ќе се смее сѐ до засркнување. Откако громогласно ќе се искашлаше го враќаше стариот добродушен и загрижен израз на лицето. Имаше одбивност кон сите работи што ги доживуваше како модерни. Замараше често со приказни од младоста која од необјаснива причина ја врзуваше за 1974. Ќе се начукаше здраво и почнуваше да реди:



„Абе на времето, еј, далечна 74-та, пред да се накотат лажливите борци за човекови права, се ебевме ко штуки. Кој ти глеал тогаш како си облечен и колку мускули имаш? Смрдевме на фабриките во кои рмбавме и пак легнувавме по некој секоја вечер. На скопската железница минуваа возови полни со млади Руси. Ќе се стрчав од едниот крај на перонот и викав на цел глас: Ас желаја кур, ас желаја кур! сѐ дур не стигнев на спротивниот крај. Еј, а таму на целта обавезно те чека барем еден Русин. Ехxx, се знаеше тогаш шо е здрав педерски секс. Асално пердашење бре, а не сега. Буљашки лајфстајл со миризливи стапалца и скапи козметики, полни новчаници и факултетски дипломи. Абе се усраа американски-

не ен џи оуа. Сеа ќе ме прашаат: Ти бе Пепи се дружиш со елитата? Имаш пари? Возиш јака кола? Се пржиш у солариум? Епа не бе. Епа тогаш Пепи ти не си геј, ти си едно обично педериште. Ебати човековите, ебати правата.“

Никогаш не дознавме дали приказните му се вистинити. Дали 74-та не беше фрактaлче среќа натисната во огорчената душа на Газда. Мислам дека беше потајно вљубен во Мартин, уште еден член на бандата од Дупката. Доаѓаше секој ден и како по правило прво што ќе направеше беше да го остави ранецот на стол и потоа во истата секунда почнуваше да ги соблекува фармерките. Под нив носеше неверојатно нежни хулахопки. Секогаш различни. Де црвени, де црни, де чипкани, де со баклави... Ги фаќаше фармерките со два прста небаре го допрел најгнасното нешто на светот и ги фрлаше зад себе без да погледне каде паднале. Потоа со насмевка на холивудска кучка ќе ни се обратеше:



„Пичиња, Мартинчо ви носи нешто мнооогу добро од Господ.“ Господ го викавме дилерот. Мартин носеше секогаш добра трева и штом ќе нѐ понудеше не заборавање да дофрли: Ако ве праша некој од каде ви е немојте да сте зуцнале. Кажете Господ ми ја даде. Така дилерот си доби име и ни беше полесно да му допуштаме да влезе во нашите разговори.

Мартин се дупеше со некој амбасадор. Стар и грд. „Ќе дае виза копилето па ќе славиме сите“, имаше обичај да каже.

Муабетите во Дупката без различни ама секоја вечер се пресекуваа во иста точка: ВИЗА. Планот беше да се распарчи газот на Мартин па да се цапне визата. Потоа Мартин ќе се венча со Сара и ќе ја повлече. Таму следи развод и Сара се декларира како лезбејка па повлекува уште една од нашата банда, Мартин го прави истото... Визниот воз завршуваше со мојата индиферентност. Мајка ми ми избра сопруг. Имав претчувство дека ниедна виза нема да ме откачи од грубоста во мојот живот. Другите ги броеја деновите до заминувањето. Дупката беше чистилиштето од кое сите требаше да заминат некаде. Визата им требаше ко леб.

„Уште десет...“ „Уште седум...“, „Уште три дена, уште три гнасни бушења во ректумот и слободен сум! Ќе му ја здувнам, еј! Сите ќе му ја здувнеме!“, ги испапчуваше очите Мартин кога ќе се присетеше на егзилот.

Дувавме џоинт и сонувавме за визи до полноќ. Секакви визи. Секој со својата мака. На полноќ Газда ќе викнеше - breaking news! и сите знаевме дека треба да ја напуштине Дупката. Удираше клуч и останувaше сам во мрачната дупка на соништата.



Последен пат ги видов бандитите една саботна вечер. Мартин дојде без грас и хулахопки. Го заебал Амбасадорот. Фатил ново младо месо, а го изоставил автограмот во пасошот. Дупката секогаш смрдеше на влага ама таа вечер корнеше на човечки агонични воздишки, искршени надежи, растурени идеали. Истиот ден моите ми го ставија вереничкиот прстен на левата дланка. Мумлавме неразбирливо седнати во Дупката цели три часа сѐ додека Мартин не се издиша за последен пат. Зеде воздух и нагло го испушти создавајќи го најтажниот звук на светот. Гласно и финално воздивна како конечно да се помири со себеси. Завладеа потполн молк. Совршена тишина која одговараше и беше предодредена за гробницата.

„Морам да одам да правам дете“, реков и за последен пат му се насмевнав на Газда.

На полноќ Газда го удри клучот од другата страна на вратат и никогаш повторно не се вративме во Дупката. Ниеден глас повеќе не го вознемири нашето подземје.

## АЛЕНА: ОГЛЕДАЛО

Жолтеникава боја. Тумби-румби во рефлексијата на огледалото. Мојот газ е полн со целулитни (прости ми Боже!) нерамнини. Го натегам мидерот. Хииииииии. Снемав здив за момент. Така! Сега е мазно. Се лизга лененото фустанче врз сè уште (фала ти Боже!) цврстите цициња. Застанува неколку секунди набодено на пупките и успева да ги покрие лизгајќи се до натколеницата. Ја испакнувам устата. Стојам пред огледалото зачудена од поинаквоста. Шлапам од црвениот кармин. (пред да ставите кармин нанесете слој течна пудра и тоа ќе ви ги зголеми усните - цитат од женско списание. Благослови нè Боже со уште Библии.) Зад мене се редат старите. Им ги гледам насмеаните лица во огледалото. Такви лудости ги тераат на смеа, на среќа. Само еден фустан, маскара, руж (избегнувајте премногу розовкаст руж кој би ви ги намалил јаболчниците. Избави нè од нечестивиот розов Боже!) и кармин наместо сивите панталони и голото лице. Сакаат да ме шетаат ваква пред светот. Сите да видат дека нашево женско било. „Излегувајте! Ми треба простор и време да се создавам.“

Сега сум сама во собата. Огледало, кратко фустанче и влажна пичка. Вечер, за промена, сакам една иста ваква женка да ме лиже, да ми ги натиска тенките прсти до матката, да буричка внатре, да ги открие скриените високи потпетици, тенки струкчиња, екстензии на коса, пегли, тенџериња, мајки...

На улица ми свиркаат мажи. Првпат (нека е свето крштевањето Боже!) ме гледаат. Првпат сфаќам дека го чувствуваат моето присуство. Ме фаќа паника. (Стресот и целулитот се најголемиот женски комшмар. Знам драга Уредничке. Богу фала за тебе!) Тие знаат дека постојам, дека го фрцкам газето за да не ме осудат, дека ја вртам главата глумејќи недостапност. (Незаинтересираноста може да биде афродизијак, девојки! Амин!) Во клубот влегувам без проблеми. Повеќе нема чекање ред. „Карта за тебе не мора вечерва кукле“, ми се смешка вратарот.

Доле е џунгла, а џиберот ме фрли во неа тотално неподготвена. Си ја поднаместувам косата. Фрц лево - фрц десно се нишаат колковите. Тестостеронот се лепи до мене. Пијам џабе. Конечно. (Твоето момче сака да ти ја плати пичката... упс!.. пијачката! Благословени да се дарежливите зашто нивно е царството небесно!) Почнувам да се чувствувам малку посигурно. Стравот уште постои ама колената не ми клецкаат повеќе. Успевам да ја сокријам паниката од очигледноста. Сателитско око ме набљудува додека ширам мирис на женка. Веќе четврта текила ми го гребе хранопроводот. (Прости ми Боже за нелогичноста!) Сè е течно во мене. Јас сум сок, лигава течност, слуз, влага и мекост. Ена и дечко ѝ се тријат на подиум. Ена. Толку е сигурна во кратките панталончиња припиени на напрченото газе. Ја голтам со поглед. Се нацртав до нив веднаш. Со раката поминувам врз напупчените усни на Ена. Суви барут (Сјајот за усни чувајте го секогаш до себе. Мед излегува од устата на бого-милите!) Очите ѝ се превртуваа. Очеку-

вав секси поздрав или луцидна досетка како од филм ама наместо тоа Ена едвај јасно промрморе:

„Еј, пиче лом сум. Сакаш табла?“

„Не“, одговорив. Кратка пауза и: „Те сакам тебе“.

Се насмеа кривејќи ја устата во лакрдиска поза. Немам време ниту желба да размислувам за естетскиот впечаток. Се лепам до неа и се триеме така цела вечер. Гоце се пикаше меѓу нас, ме гмечеше и ми го плескаше газот. (Еротиката е скриена во секси ќоше. Стапот е измислен во рајот Боже!) Небитно. „Да одиме кај Гоце“, предложи Ена.

Во лифт го вадам претесниот мидер. Телото се разбранува. (Казна! Казна за непослушните. Телото е подложно на дисциплина, драги читателки. Свети Космополит... ен!) Подобро гола отколку напалена и недостапна. Неуредна соба. Ѝ се фрлам на Ена како гладно животно. Ја расоблекувам, ѝ ги грицкам цицките, со раката ѝ го скокоткам клиторисот. Плунката ѝ е горчлива и смрди на цигари. (О ангели небесни и wrigley’s spearmint!) Погрешно! Погрешно! Се сепнувам. Ги тргам рацете од Ена и се сместувам во удобната фотелја. Ги раширувам нозете. Фустанчето се дигнало до папокот (на светот? Семоќен Писателу имај милост кон лудава женска глава која се дрзнува...) Рацете ми се над главата што ја навалив врз потпирачот. Така се тренира пасивна достапност. Ена клекнува пред мене. (Понизноста е света особина. На колена клечат избраниците Божји.) Со прстите ми ги шири срамните (Прости ми Боже!) усни. Со јазикот оди горе-долу. Нежно и скокотливо. Ме пецка нешто во тилот. Инстинктивно (Едно е човекот, друго се животните и не се тие подеднакво мили на Бога.) го вртам јазикот во мојата уста шмукајќи си ги непцата. Сакав да ѝ ја



натиснам во мојата уста ама се воздржувам. Ена го вовлекува јазикот во мене. (Пичкина литургија. Секој дел од телото го слави Бога. При миење на вагината користете шампон со благ мирис кој би ја уништил демонската киселост.) Ѝ ја стискам главата со нозете. Карлицата ми спласнува уште подолу. (Кај бремените жени карлицата се шири. Телото се подготвува за промена. Вежбајте почесто и внимавајте на исхраната. Благословена да е тенката кралица со широка карлица!) Со бутните мускули го грчам телото па го опуштам во немирна вибрација. Прво еден, па два, па три прста ми го ширеа отворот. Има ли внатре нешто изгубено? Ќе го најде ли скриеното? Ги отворам очите. Гоце седи гол спроти нас со џинот во раце. Дише забревтано и му се заблагодарува на Бога. Дланките му брзаат горе-долу. Кожичката се тегне. „Ена! Дрш!“ Ѝ подава краставица облечена во кондом.

Без да го погледне Ена ја подава раката и ми го набива зеленчукот. Се растече крв. (Псалми не ќе се пеат за нечистите. Во „оние денови“ избегнувајте бела облека. Женската крв е отровна и застрашувачка.) Гоце почнува да рика од возбуда. Ена ја набива краставицата сѐ подлабоко и побрзо трескавично грчејќи се. Со другата рака си го трие клиторисот. Јас врискам. Болка, влага, ритуално урлање.

Тој се нацрта пред мене. Џиновското парче месо ми го набива во лице.

„Отвори ја устата“, писка Гоце

„Не!“, вриснувам, „не ме допирај!“

„Ајде ма!“

„Не! Не!“

Станувам од фотелјата туркајќи ги двајцата. Потполн молк. ТРЕС! одѕвекнува по моето лице. Потоа уште една шлаканица па тегнење на коса.

„Сакаш да ја работиш девојка ми, а не сакаш да платиш за тоа? А?“, урла Гоце.

„Ама јас не ја работам неа. Таа мене... знаеш таа... јас денес не...“

„Излегувај!“, ми ја покажува вратата.

Се облекувам набрзина бегам од станот додека двајцава се работат на каучот.

Ме боли шлаканицата, ми смета искубаната коса и размачканата шминка. Немам гаќи, струк (Во името на 90, 60, 90. Слава тебе Боже. Избави нè од несовршенство.) прчест газ, немам свиркачи по улиците, немам надзор, нема појава... само нејасно тело во движење кое брза да се скрие во сивите панталони и невидливоста на голото лице.



## АЛЕНА: УТРО

Утрото е состојба на помеѓу. Трепкав рекламен билборд при недостиг на струја. Матна соба и парчиња шарени соништа. Очните капаци пулсираат во обид да ги раздвојат вљубените трепки. Истегнувањето на екстремитетите го грчи телото. Коски пукаат со домино-ефект. Собата ги добива своите контури. Фокусот е изострен и треба само да трепнеш уште еднаш за да ја замрзнеш сликата. Мојата соба е фотографија, ковчег, ров, зандана...

Утрото е градежник. Ме бетонира во оска и ротирачки ги крева ѕидовите. Во устата е гнило. Мала смрт на зборовите и киселина која ми го распарува желудникот.

Кога ме притиска тупаница во грлото почнувам да раскажувам. Така го исплукувам горчливото парче внатрешен секрет и можам повторно да дишам на уста. Лил е горчливо парче месо. Таа е создателка на најмачните киселини во желудникот. Секакви секрети предизвикува Лил во моето тело. Сè станува течно кога на вратата од мојата соба ќе се појави Лил.

Клуч и катанец. Јас и Лил. Неможност за вклапување. Деструктивни комбинации се котат како зајаци во мојата соба. Стомак и храна. Утроба и рожба. Породот е недозволив, фаличен, грд.

Стомак и храна. Не облекувам ништо. Се полнам однатре. Огромни парчиња месо, мртви свињи, пилиња и јагниња. Згрутчено млеко од кравјо виме. Мелени опашки и нокти зачинети со ген од верверичка. Компир и црв. Чоколадо од виолетова крава. Има место за уште. Дневни весници, целулоза и олово. Тутун и катран во хартиена обвивка. Прекор и пцост. Страв и малодушност. Анксиозност како гарнир подготвен на австриски начин. Виенски валцер со работното столче. Осаменост и изолирбан. А напладне?

Ја рушам собата со здрвени петици и трчам кон веце школката. Клекнувам на колена пред мојот олтар во тоалетот. Главата ја спуштам понизно надолу сѐ додека прецизно не ја наместам токму 2 сантиметри над мистериозната дупка. Со едната рака ја обвиткувам елипсовидната дупка. Другата ја доближувам до главата и ги истегнувам показалецот и средниот прст. Тие двата влегуваат во усната шуплина длабоко, длабоко сѐ додека не ги почувствувам крајниците на нивниот врв. Грлото почнува да се грчи. Хранопроводот пулсира. Јазикот вибрира. Краткотрајна агонија па пауза. Потоа повторно. Го дразнам желудникот преку цревата, грлото и устата. Верижна реакција.



Стомакот е полн, а желудникот мрзелив. Потеков како тампон во крв што е сосема нормална состојба за во собата. Надвор е поинаку... Уште еднаш. Прстите пенетрираат во устата. Ги скокоткам крајниците. Во мене се подготвува. Маршираат злосторници кон излезот. Киселкава слуз се лепи за јазикот, а очите се наросуваат. Давам напор како родилка. Го грчам лицето и ги натискам прстите уште подлабоко. Тензијата расте. Ушите зујат. БРАААААААМ! Како лава од вулкан истекува срамот. Силно и масовно низ устата оди во дупката од ве-це школката. Парчиња ужегната салата, порази, мувлосан леб без пеницилин, вишок килограми, вулгарни страсти, грешни допири, хрчаци во карбонара сос, испратени писма, омразено детство, украден велосипед, изџвакано пилешко крило, свински ребра, сменети презимиња, слики од опасни идоли, сок од портокал и половина хемиска лабораторија, вагинална слуз, вирус, Лил... сѐ се тркала низ водоводните цевки некаде во подземјето на мојот град. Завршетокот на молитвата го славам со плисок вода по лицето. Телото ми е намалено, стомакот спласнат, тежината оптимална. Нема опасност. Ги облекувам тренерките, ранецот го ставам на грб и излегувам Надвор. За светот вистински доброто утро започнува со џогинг.

## А.НОНИМУС : КУКЛЕН ТЕАТАР

Да се родиш поинаков од другите, цел живот ќе бидеш тажен.

Да се родиш поинаков во Скопје, ќе плачеш!



Ако си убав ќе сакаат да те ебат. Ако си паметен - пута два. Ако си па талентиран, а бегаш од вообичаеност - пута двеста.

Сите само сакаат да ебат... а уште мократ врз себе... помочани се скроз... да не речам усрани до даска...

Самозаљубениот претставник на владејачката класа задоволно се враќа навечер дома. Го залепува големото возило до живата ограда на неговиот сосед. Намерно. Го дува носот тука на отворено, се моча во оградата, се драпа за муда, па ждригнува и притоа се вади од памет сам од себе. Знае дека комшијата прикриено го зјапа залепен за прозор со нос, па му го дига средниот прст и се смее најгласно што може. Влегува во турбо фолк куќата на 6 спрата, фрла сѐ од себе, се дрекнува по квази-манекенката што ја прибрал за жена, задолжително ја секса без да извади чорапи и спласнува ко квасец по завршување на чинот. Празнење. Додека таа му збори за новата уста која ја направила дента на пластика, тој забрзано и продлабочено 'рчи во такт. Утре е нов ден, нови подвизи го чекаат семоќниот.

Во Скопје паѓа ноќ.

Убава убава прекрасна ноќ.

Соседот го догледува Јанко на Скај Нет. Ја прашува жената дали утре внуците се на ред да бидат кај нив или кај сватовите. Разводот е лош за децата. За бабите и дедовците па тешка катастрофа. Синот им скита. Снаата ги напушти. И домот повеќе не е дом.

Се слуша караница од подалечната куќа. Двајца тазе земени никако да се погодат. Тој посакува да му се врати мирот пред телевизор, максимално да се посвети на последните спортски вести; а таа бара внимание зашто има многу работи кои мора да ги решат: како да се отиде на свадбата во сабота, дали да се доправи куќата, како ли ќе им стигне платата до крај на месец и како ли ќе се ослободат конечно од неговата мајка-змеј. Ноќта завршува со плачење. Секс нема.

Скопје, убава убава прекрасна ноќ.

Во кафеанчињата во Дебар маало последните боеми со тешко срце се разделуваат од ракијката. Уште една само бе газда, жити све. Никој нејќе да ги напушти малите слатки кафеанчиња исполнети со миризба на печено месо и компирчиња. И ракијка. А ракијата никако да се допие. Тамам еден ќе ја допие неговата, друг нарачал, па дур овој ја пие неговата нарачува и оној првиот за да не седи без врска... и така до недоглед... дур некако на сила не ги истера нештото којзнае што, но никако не полиција, што не се знае ни како ги истерало, ни кога, а не е ни важно па ич....

Додека се влечат накај дома поминуваат покрај кафеаниве за млади... помлади де, пошто ни они не се стари... убави убави раскошни млади... дотерани, нашминкани, средени, млади... вреска чудна музика сепак малце потивко пред фајронт... забранeто е да се работи после еден... сите работат после еден, пари си се пари брат... младите се здрвени ко воштани фигури, оној ја симпатише онаа, ама таа го сака другар му, кој па сите го сакаат уствари пошто е позната фаца (многу има такви тука, сите такви се тука баш), ама, ама, но, бат он е педерче у суштина. Дава да го драпа маже, а сонува за маж. Не знае ни сам, а не знаат ни тие, чудно баш, кога ли се накотија толку педери у градов. Мажи нема ни за лек, ни за жени ни за мажи што сакаат токму маж. Каде ли се пикнал поимот маж? Што ли се случува со поимот жена тогаш!?



Фонтаната во парк барем вечно си стои на истото место. Сите деца се тука. Алкохол на сите страни. Пушат. Сите пушат. Грас пушат, трева пушат. Све пушат. И врескаат по паркот и трчаат наоколу. И се љубат и се тепаат и се караат и се гушкаат, пијат, се дрогираат и максимално уживаат: излудените тинејџери кои во средината на градот бегаат од градот во парк.

Во парк.

Во парк.

Во еден од подрумските адаптирани простори баш тука во близина на овој парк се собрала една такозвана интелектуална сила. Андерграуд скупштина скупштине. Ќе заседава на битна тема - како да се подигне литературата на повисоко ниво, како да се спроведе на неоткриени простори. Што е тоа што ја спроведува на неоткриени простори? Да навлеземе ли малце поединечно во секој од нив? А? Или?

Или...

Ова не е литература драги мои. Ова се тривијални мисли кои не може да се третират како литература. Секојдневието носи бедни содржини. Вообичаеното секојдневие не е тема на авангардниот пишан збор. Но секоја прогресивна мисла од памтивек била осудувана на пропаст на ова парче ветена земја. Магична земја. Проклета земја за тие што се раѓаат поинакви тука. Другите, тие што се помочани, стално ќе се трудат да го уништат тоа што не им е познато, што не им се повинува, не ги тинтра и не им дава да го ебат. А сакаат, ќе пукнат од желба.

Ја допушив цигарата. Им го фрлив пикавецот под прозор. Пробав да замислам што ќе биде вечер со секој од нив. Можам дури и да ги замислам во кревет. Секој од нив. Да дозволат да осетат 10 одсто од она што го пишувам ќе им се промени нешто. Џабе се трудам, џабе пишувам.



Ама не плачам. Никогаш.

Ни-ко-гаш.

## БОЈКОВСКИ МИЛКО: НЕПРИСТОЕН ПРЕДЛОГ

Можев да останам дома, но сепак завршив таму. Ете, се случи. Чадлива соба и свеќници на сите страни. Измешани мириси. Местото беше натрупано со секакви превези кои требаа да асоцираат некаква харемска атмосфера. Газдата вадеше добра пара од сите клинци кои доаѓаа тука. По обичај, слободен стол немаше. На компјутерот беше Петар а Нена служеше. Се насмеа кога ме виде. Се немавме видено од времето кога студираше психологија или таква некаква друга глупост. Некогаш ми се пушташе но не ѝ обрнував внимание, дури сега увидов каков морон сум бил. Сега е со Петар, нема врска, мирен сум. Се сместив покрај ѕидот и нарачав. Некој шугав ден среда. Барем девојките беа насмеани и се забавуваа. Згодни газиња на сите страни. Забележував како нежно ги скрстуваа нозете. Ја чекав веќе цел саат. Ја немаше. За чудење гужва имаше насекаде. Идеше некоја геј музика поради журката која ја подготвуваа таа вечер. Ништо од девојките. Дојде Нена, беше пријатна девојка, секогаш имаше што да каже. Кога таа зборуваше не постоеше ништо што би можело да ја натера да престане. Почна да ме распрашува те за ова те за она, знаеше дека немам со што да се пофалам. Не ми се случуваше ништо. Поголемиот дел од времето молчев додека таа зборуваше. Ми кажуваше како ѝ остало уште малку од факултетот и дека ова со работава е само привремено. Беше опседната со алтернативниот универзум. Расправаше за Супернова. Космички феномен со кој масивните и стари ѕвезди кога ќе експлодираат ослободуваат толкаво количество енергија кое не би можеле да го произведат сите ѕвезди заедно. Со нивното умирање придонесуваат за раѓање на нови ѕвезди. Таа тоа го нарекуваше бакнеж на животот. Ѕвезден оргазам. Мора нешто да умре за да дојде до повторно раѓање. Точка во која животот и смртта без страв ги отсликуваат своите ликови. Толку блиску еден до друг стануваме зависни. Споени во еден нераскинлив процес. Постои верување дека и самите ние сме деца на ѕвездите. Интересна појава. Токму тоа го сакав кај нејзе, се посветуваше како на вечните, бескрајни така и на минливите, безначајни нешта. Ми ја допираше дланката ставајќи ја врз своето чело. Третото око ѝ беше полуотворено знаеше дека наскоро ќе оствари контакт со својата женствена природа. Ме праша дали чекам некој. Ѝ реков дека повеќе не. Стана за да послужи некој додека јас се упатив кон вецето. Влегов прв. На постерот од ѕидовите се смешкаше Грејс Кели со онаа своја провокативна насмевка. Жолти кругови. Го протресов и ги миев рацете додека таа влета во вецето. Преку огледалото го гледав нејзиниот одраз кој се пресликуваше во мојот. Стануваа еден. Ме праша дали пречи и рече да ја почекам. Се свртев на другата страна додека таа ги соблекуваше гаќичките. Ми идеше да ѝ ја растргнам маичката што ја носеше и да ја имам таму на ладните плочки. Ја пољубив на излегување. Долг бакнеж. Ми ја стави раката во фармерките. Ми се дигна. Рече дека подолго време не чувствува ништо за Петар и дека ќе го напушти. Ја бакнував по вратот, половината, ѝ се давев во косата. Ја заклучи вратата. Полека ме љубеше додека ѝ ја соблекував маицата. Брадавиците ѝ беа стврднати а градите паѓаа врз моето

лице. Во секој миг можеше да влезе кој било. Мислам дека од тоа стана понеутешлива. Ладна и полна чувства. Ја влажнев. На грбот имаше истетовирано мала ѕвезда. Ритамот на телата станување рамномерен. Издишуваше сосема тивко додека со усните ми го гризеше едното уво. Звуци на оплодена месечина. Продолжував да ја тријам со врвот на прстот. Задоволно нуркав сѐ подлабоко во белилото. Со рацете ме приближуваше сѐ поблиску и поблиску. Влегов целиот. Имаше тесна пичка. Покриен од бранот конечно експлодирав. Вибрациите стивнаа а вулканот се ладеше. Капки пот се слеваа по моето лице. Таа се смееше, тоа беше добро. Беше повеќе од обичен секс. Ми напиша нешто на едно ливче и рече да го прочитам откако ќе излезе. Ја поднамести шминката, косата ѝ излезе. Паметна девојка. Прочитав: „После работа чекај ме на паркингот". Плиснав вода во лицето, ја извадив маицата и излегов. Журката ролаше и понатаму а Петар беше задоволен од направениот пазар, имаше огромна насмевка на лицето. Неколку педерчиња се лигавеа во полумракот. Не се почувствував виновно ни за миг, на крајот на краиштата таа не го сакаше. Испив уште неколку, ја платив сметката и заминав. Паркингот се наоѓаше во близина на трговскиот. Купив сендвич и гнетев набрзина. Измрзнав на ладното. Можеби се предомислила. Секој има право на избор, жените се како скапи автомобили, ретко кој може да си го дозволи луксузот да ги вози на подолго време. Но во овој случај не беше така. Се појави вртејќи го згодниот задник на високите потпетици. Ме однесе кај нејзе. По пат, додека возев, со раката не се оддели од моето колено. Неколку пати ја вадеше својата глава од прозорецот. Го сакав начинот на кој ги гризеше своите усни. Стигнавме. Живееше во број 69. Заедно со другарка ѝ. Таа беше во соседната соба. Ме седна на креветот и почна да налева. Ја



разгледав собата, премногу книги, премалку вистински. Астрални проекции, паралелни светови и такви срања. Го вклучив телевизорот. Цртани, убиства, сапуници, вести, тажни судбини и.... Роберт Редфорд заедно со Деми Мур во неповторливата сцена кога ѝ кажува за ѕвездите, дека и тие имаат своја цена. Сѐ на овој ебен свет. Треба да знаеш само како да дојдеш до нив. Илјада заблуди, илјада неконтролирани мисли. Таа го гасне светлото додека целиот универзум е на почек чекајќи ја со нетрпеливост следната голема експлозија.

## БРОМОФОН : ЉУБОВ НА ПРВ ПОГЛЕД

Се викам Лефтерие. Во време на сиромаштија на човека не му е многу до зборување па ниту до пишување. Повеќе гладен отколку сит, мене не ми беше ни до излегување на улица, посебно откако ја изгубив работата. Тој есенски ден беше магловит и подросуваше. Улицата беше пуста и сѐ делуваше некако мрачно и потиштено; сепак решив да излезам малку да се протегнам. Си одам јас така значи по патот кога од спротива ми се пушта една поголема баба. Бог да чува, си велам, каде ли само навалила бабетинава. Преку рамо имаше префрлено потешка вреќа, свиткана е под тежината, но успева да ме потфати за рака, дрско ме повлекува за ракавот и ми се обраќа онака насмевната од уво до уво.



Стојанчо, каде сте млад господине, ми вели, од кога не сме се виделе.

Мајче, не сум јас Стојанчо, ни Стојан, па дури ни Столе, ѝ велам, сигурно сте се препознале, се случува.

Ама ова не се случува туку така, ми вели бабата. Судбата ни го вкрсти патот. Ова треба да се прослави, ми вели таа и сѐ посилно ме влече за ракавот кон најблиската кафеана.

Не знам што треба да се прославува, ѝ велам. Се обидувам да се оттргнам. Безуспешен е мојот обид, бабата со невидена леснотија ми го сменува правецот на движење. Јас сум Костадинка, се сеќавате на мене, ми се внесува в лице со уште една насмевка од уво до уво.

Не можам да се сетам, ѝ велам на Костадинка, жалам ама морам да одам. Госпоѓо Костадинке имам многу важна работа, лажам само за да се оттргнам.

Не се брзајте млад господине, ми вели бабата; веќе сме седнати. Костадинка ја спушта тешката вреќа на подот и порачува две ладни пива.

Е, па кога сме веќе тука јас сум за чашка бренди, инсистирав.

Набрзо почнавме некаков неврзан разговор, се затекнав како се смеам од сѐ срце, бабата имаше добра смисла за хумор, а пиеше како смок. Меѓутоа, после нејзиното второ пивце останав подзинат бидејќи таа одеднаш почна да плаче.

Зошто плачете, ја прашувам.

Ве сакам, ми вели таа.

Ама ајде, ви се молам... ме сакате, мене? Не ми се верува, се насмевнувам.

Таа кимнува потврдно.

Како тоа...? Не ве разбирам.

Ве сакам повеќе од пријател, ми вели бабата. Не знам... ве сакам, ете.

Ама како кога ниту ве познавам, ѝ велам, сигурно сте се препознале.

Тоа сега не е ни толку важно, важно е дека ве сакам, додава бабата и продолжува со плачење.

Госпоѓо Костадинке, ви се молам, ѝ велам, Костадинка ви беше името, нели?

Да, потврдува бабата со светнати очиња. Госпоѓо Костадинке, јас треба да си одам. Ете, пивнавме малку и се посмеавме та мислам за атер дека беше доста.

Стојане, ве молам, останете уште малку, ме моли бабата. Но јас веќе станувам, тогаш старицата го прави она што најмалку би се очекувало, се пикнува во вреќа. Таква бабетина ја собра внатре, се прекрстив од чудото невидено. Ми се чини дека однатре сè уште можам да го чујам нејзиниот плач. Се плашам дека ќе се задуши од плачење. Се обѕрнувам наоколу и кога забележувам дека никој не ми обрнува внимание и се прикрадувам на вреќата и ѕирнувам внатре. Меѓутоа таму има само кромид. Бог да чува, каде се изгуби бабата, си велам. Вознемирено претурам низ вреќата, но наоѓам само главици кромид.



На крајот, видов не видов, решив да си одам. Со себе ја понесов и вреќата. Решив да ја чувам, барем додека не ми се разјасни исчезнувањето на бабата. Отпрвин очекував таа да излезе од неа, на истиот оној чуден начин како што влезе, но ништо не се случуваше. Потоа почнав од поблиску да го разгледувам кромидот. Пак ништо. На крајот решив да излупам неколку главици, небаре очекував дека ќе се случи чудо и бабата ќе се појави. Така лупејќи и плачејќи се фатив во муабет со пријателка на еден пријател и дознав дека на другиот крај на градот имало жена што имала слично искуство како моето. Се израдував и веднаш ја побарав.

Тука е, уште од врата таа ми покажа вреќа полна со грав, не знам што да правам со неа, ми рече со надеж дека некако ќе ѝ помогнам. Пред две недели еден непознат дедо едноставно си влезе во вреќава и оттогаш не го видов, ми рече загрижено. Пред тоа дедото ме пречека на улица, ме покани да приседнеме во блискиот парк и ни пет ни шест ми понуди брак, не знам како очекуваше туку така да прифатам, се оправдуваше таа.

Кога ѝ ја раскажав мојата случка кутрата жена ме прегрна, бидејќи мислеше дека веќе почнала да го губи умот.

Ја поканив зимата да ја поминеме кај мене готвејќи грав со кромид.

Имам многу добар рецепт останат од вујко ми, тој знаеше да прави прекрасен грав со кромид и цела пиперка, прстите да си ги излижеш. Таа ја прифати поканата и се насмевна со олеснување.

Уште некоја вреќа со брашно или шеќер ќе ни беше добредојдена, но за почеток бевме среќни и со она што го имавме.

## БРОМОФОН: СЕМЕ

Во мојот град се продава сѐ и сешто, па и семе за автомобили. Оние што веруваат купуваат од семето. Соседот пред една недела купил такво семе. Упатството за употреба напишано на кесичката со семето кажува дека треба да се ископа дупка во земјата со големина на посакуваниот автомобил (или колку гаража) и да се фрли семето во дупката. Ќе треба да се полева со многу вода. Кога колата ќе се фати и заврзе на стеблото важно е секојдневно да се надгледува и повремено да се врти за каросеријата да не се деформира. Соседот ми се пофали дека за некој месец ќе вози мерцедес.



## БРОМОФОН: ТРКА

Во мојот град секоја година се организира трка со ковчези. Тоа е традиционална трка, „Купот на мртовците", што се одржува во последниот петок од есента. Целата земја тогаш оживува. На хиподромот покрај покојниците сместени во ковчезите двоколки и грациозните коњи, може да се сретне најразличен свет, но доминираат насмеаните црни и бели вдовици со нивните раскошни шапки и шампањското. На тој ден живите се обложуваат на мртвите како луди; ако го одбереш најбрзиот покојник можеш добро да заработиш.

Годинава јас добив. Се обложив на покојникот чиј ковчег беше влечен од коњот „Тивка тиква", одлично грло. Помогна и тоа што покојникот имаше помалку од педесет килограми. Сите весници пишуваа за него и за големата победа; неговата вкочанета насмевка кажуваше сѐ.

## БУВЉАК НАДА: НАСЛЕДСТВО

Се разбуди во собата со подот од мувлосани штици, во куќата на татко му, изградена во времето кое сега беше длабоко минато. Низ отворот кој никогаш не го затворија со врата, се рашири мирис на пржена сланина. Откога се протегна и низ прозорецот го препозна планинското сонце, се освести. „Назад сум!" Си мавна дури и шамар, да се осигура, додека се ѕвереше во огледалото чиј одминат рок на употреба му го изобличуваше ликот. Си го изми лицето во легенот со вода кој некој веќе го имаше спремено. Сигурно Вера, помисли.



Вера беше новата жена на татко му. Не знаеше многу за неа, освен дека е приближно негови години. Татко му ја претстави како верна, силна и посветена.

„Тамам она што ми е потребно на овие години. Мајка ти замина, ти си далеку, без намера да се вратиш, ниту треба. Што ми се заштедите ако не можам да живеам во мир?", беше уводот при последниот телефонски разговор.

Заштедите беа од печалба. Кога Љубе замина на спротивната страна, татко му го градеше пристаништето во Перт. Се врати кога почина жена му. Парите беа доволни да ја закопа, да продолжи да гувее во падините на Плачковица, а и да зачува значителна сума. Љубе не стигна на закопот. Тогаш сè уште беше во теснец за пари и документи, па враќањето ќе значеше и збогување со шансата за истите.

Ги навре фармерките и кошулата со којашто долета и се упати кон скалите. На излегување со аголот од окото ја здогледа штавената кожа од мајка си. Пред воопшто да зачекори по патот на сеќавањата, се упати кон кујната.

„Добро утро", запеа, впуштајќи се во прегратката на жената чиј озарен восклик исплетуваше мрежа од младешка возбуденост.

Во тој момент влезе татко му. Годините го имаа одминато стариот градежник чии рамена беа клапнати, а рацете исушени и потечени. Очите му беа суви, а косата како да ја имаше вдомено разретченоста на времето кое се обидуваше да го развлече што повеќе.



„Се запозна со мојата младост, гледам?", изговори, прегрнувајќи го синот за прв пат по една деценија.

„Си остарел и ти! Седи. Уморен? Ќе да си. Спремен за дрвата? Само што пристигнаа, ќе мора да ги исечеме и наредиме во шупата. Ах бре! Кукурек!", продолжи, видно возбуден.

Додека таткото и синот ги исполнуваа празнините на одминатото време, Вера молчеше. Ги послужи и се повлече во аголот од собата, одвреме-навреме упатувајќи го погледот кон новодојденецот.

Деновите потоа ги поминаа окупирајќи се со дневните политики на селскиот живот. Се наредија дрвата, запечати зимницата, искоси сеното...

Една недоумица сепак остана да тлее.

Имено, Љубе иако вратен со значителни заштеди, не можеше да ги оттргне мислите од оние под перницата на

татко му. Настрана нејзините бујни гради кои сѐ почесто му ги крадеа погледите, не можеше а да не го забележи забрзаното одминување на векот на татко му. Но знаеше дека нема да има полза од муабет. Стариот беше обземен со неа.

Сепак, немирот на Љубе му велеше дека Вера нема право. Не на крвните врски, не на минатото и заедничките борби и болки. Во тој дел немаше место за неа. Но, заклучоците се косеа со законите. Знаеше дека не се на негова страна. Истото го потврдуваа и индиректните укажувања на селските озборувачи. Не требаше долго да се рашират муабетите за „маќеата која ќе го закопа стариот и ќе го искористи син му“.

Муабетите најмалку го загрижуваа. Но, во озборувањата ја препозна шансата за неотуѓување на фамилијарното.



Една вечер, за време на вечерата, молкот го прекина Вера.

„Ти се уарни, гледам“, му се обрати, дрско, трескајќи со лонецот.

Љубе остана подзинат, обидувајќи се да го препознае правецот на започнатиот говор. Татко му стана и излезе.

„Мислам... се најави на две недели, поминаа два месеци, се прашувам, зарем не те чека некоја, таму, во Америка?“

Љубе успеа да ја прикрие омразата што се таложеше со секој одминат ден. Упатувајќи се кон неа, со десната рака ја остави чинијата, а со левата ѝ ја обви половината. Ја прилепи својата до нејзината глава, и ѝ дошепна: „Не, имаш среќа... ќе чекаме заедно“.

Муабетот не се повтори. Љубе успеа да го убеди татка си дека одлуката да остане дома е искрена. „Доста скитав, сакам да се вдомам. Овде припаѓам.“

Продолжија да живеат заедно во тројка. Љубе брзо навлезе во рутината. Ги презеде обврските околу стоката, не мешајќи се во нејзините кујни задачи.

Знаеше дека помеѓу стариот и неа нема физичка интимност. Истовремено, сѐ почесто се фаќаше себеси како ѕвери во нејзините гради и колкови: кога таа го метеше дворот или ги простираше алиштата.... Но, тој ги потиснуваше сите нагони, со „една ручна“, како што се изразуваше. Употребата на раката му разлеваше насмевка, предизвикана од чувството на скорешна победа, многу повеќе отколку од сексуалната возбуда.

Татко му не го забележуваше јазот помеѓу нив. Горд беше на, за него, заедништвото. Не ги забележуваше нејзините комшиски обиколки кои завршуваа дури длабоко во ноќта. Не замеруваше ни на Љубевите зачестени посети на селската биртија.



Едно неделно утро, враќајќи се од црква, Љубе го пречека Вера превиена како клопче. Ликот ѝ беше пребледен, со видни болки пресликани во ужаснат грч. Пред воопшто да ја праша, ги слушна зборовите кои му ја открија судбината: „Трудна сум!“

Ја прифати вината, и уште истата вечер му ги соопшти вестите на стариот, кој својата растревоженост ја претвори во рационална одлука: Љубе ќе живее со срамот и обврските кои сам си ги создаде. По изреченото, ја извлече бовчата заколната пред години: „За идната снаа“. Како мајка свесна за сопствената грешка во зближувањето на синот со селскиот измет, со наведната глава тој им ги предаде заштедите. Не проговори повторно. Истата ноќ ги склопи очите, кои тие ги пречекаа заедно со првата заедничка зора.

Наскоро повторно беа тројка. Неприродноста на истата остана фамилијарна тајна. До самиот свој крај Љубе остана доследен на сопствената наводна неморалност со која, како што велеа, „си го уби стариот“. Дури и се убеди во надмоќноста на својата „рачна“ која никогаш не ја употреби за ништо освен за пребројување на наследството. Вера никогаш не му се спротистави.

Молкот за нашето тројство беше разбиен денот кога ми укажаа на сличноста со селскиот поп, од кого во наследство го имам пелтечењето, очниот белег и жар црвената коса. Деталите на приказната што ви ја пренесов ми ги раскажа вујна ми на денот на нивниот закоп - резултат на огнот кој ги зеде заедно со мувлосаните штици. Тогаш ми го предаде наследството со кое на свои седумнаесет години и јас заминав на печалба. Кога ја прашав каде била досега, ми рече дека не сакам да знам. Небаре и толку сакав.



## ГОШЕВСКИ ДУШКО: НАПРЕЕЕЕД!!!

Тргнавме полека. Полека, многу бавно, речиси и не се забележуваше дека се движиме. Треперевме, срцата силно ни удираа.

Се опуштивме малку. Иако сѐ уште исплашени и нервозни, чекорите ни беа полесни. Крадевме мали растојанија. Но, сите бевме свртени со главите назад, подготвени да се стрчнеме назад во секој момент.

Ајде полека, полека но со ситно брзи чекори. Може да се каже дека веќе почнавме да се движиме.

Сега повремено се свртувавме. И се стресувавме од она што навистина може да го видиме, на секое свртување исполнето со страв и очекување.

Одиме, одиме дури и малку подисправено. Далеку од силно изразено одење, сѐ уште со нестабилни чекори. Стравот играше во нашите очи, прстите се грчеа на секое свртување назад, иако ретко се свртувавме.

Опуштено и полека, одиме без да се свртиме. Сепак не издржав. Сакав да се свртам назад, и се свртев. Немаше никој.

Горди и исправени маршираме напред. Напред, напреееееед!

## ГРУЕСКИ ЗОРАН: И БОГ

Два часот по полноќ.

Клекнува на подот и ги склопува дланките. Гледа горе во ѕидот. Мижи.

Повторно недолично одглумена едночинка.

Неговата молитва – мал приватен спектакл. Секој пат, е се по малку задоволен од обидите да се увери себе си во автентичноста на обраќањето.

Молк.

Смеа.

Солзи.

Тишина.

Ги отвора очите. Ги затвора очите и заспива.



## ДИМИТРОВСКА МЕЛАНИ: Е, ПА ЈУСКА

Еднаш Јуска беше однесен од ветерот. Не дека не беше слаб, само коските му висеа на неговата екс мускулатура. Едноставно, Јуска многу му допуштил на ветерот. По три дена нон-стоп летање, ветерот еднаш толку многу го спуштил, па Јуска му се налути на ветерот, па не му зборуваше. Кога дуваше ветер не излегуваше од дома додека сонцето не му намигнеше. Ја караше сосетката да не ги изложува тазе перените парталчиња на тераса за ветерот да не ги однесе. Знае си тој, добар он, како е ветер партал да го носи.

Помина стварно време како Јуска не му зборуваше на ветерот. Сè додека не дојде југот. И југот го скара: „Не си праи филмови бе, што се занесуваш? Па нели знаеш дека некој е непредвивлив, а кој е?“

А кој е? - Јуска се запраша n-пати себеси и тргна да праша некого а наоколу само ветрот дуваше а тој се прашуваше а ветрот дуваше. Ееееe па дојде време ти да видиш кој е непредвидлив. И така Јуска седна на шините на кои се веруваше дека никогаш не проаѓа воз, за да размисли.

Арно ама не беше јадел од пред, пред аааааа, не знам ни јас а ни тој колку време. И собра 1ј енергија од пивото ама не му послужи за да стане па си остана таму сè додека возот не го однесе со ветерот.

!?

Некогаш некаде, во некое време, на некоја маса, во некој агол од некоја соба, седеле некои, си пиеле нешто од некои нешта, „теглеле" нешто и си „тепале" некој муабет за некое нешто од некоја случка некогаш од некое време, во некое место од некој си кварт за некои. И во некој момент влегол некој.



## ДИМИТРОВСКА МЕЛАНИ: КРАТОК РАСКАЗ

Кратките раскази ме воодушевуваат. Едноставно да.

Краткотрајните атомски филмови, исто така.

Дали дека чув Чарлс Буковски викал во моја маала дека генијот е во состојба најсложените нешта да ги претстави на едноставен начин? Еве, едноставно ми се допаѓаат едноставните раскази.

Едноставните луѓе не ги сакам толку. Премногу ми се прости (едноставно=просто).

Од најминијатурните нешта многу ги сакам атомите. Не сите атоми, само префинетите.

## ДОЗГУЛПМУС : ДОДЕКА СМРТТА НЕ НЀ РАЗДЕЛИ

Се разбира дека сите, барем еднаш во нашиот живот, сме присуствувале на некоја свадба. Но оваа на која бев јас, **четвртокот**, ги надмина сите мои досегашни искуства и очекувања. Откако се вратив дома и пробав да си ги средам мислите, за да можам да ви раскажам што се случи, мојот **психоаналитички црв** излезе од главава, поминувајќи низ левата и десната хемисфера на мозокот, за на крај да излезе низ моето загноено уво. Болката беше неопишлива, но чудењето беше уште поголемо. Црвот стигна до вратата од спалната и, со злобно воодушевување на неговото избрчкано лице, почна да ја треска со сета сила. Веројатно моето вино во крвта било посилно од трескањето на вратата, бидејќи сум успеал да заспијам и покрај нервозниот црв, кој сега беше на моето лице и ми провираше крут конец низ отворите од носот, ушите и устата. Бев премногу исцрпен за да пробам да го спречам, но за кратко време разбрав дека сум дозволил голема грешка. На тресокот од вратата сега му претходеше силен удар во кој неправедно се соочуваа дрвената рамка од мојот кревет и здравото уво од мојата глава. Ги отворив очите и забележав дека конецот е заврзан за кваката од вратата, па така, на секое нејзино отворање, мојата глава одрвенуваше сѐ повеќе и повеќе. Кога се разбудив утринава бев уплашен



дека можеби и моето здраво уво загноило, но стравот исчезна кога се погледнав во огледалото и видов дека увото исчезнало, а на неговото место се појавила голема вдлабнатина со форма која се поклопуваше со формата на рамката од мојот кревет. **Ете, понекогаш и јас имам среќа!**

Ресторанот каде што се собравме беше чист и удобен. Гостите не беа повеќе од двесте. Музичарите веќе свиреа кога пристигнав и на повеќе наврати ѝ дозволуваа на мојата фантазија да ужива во отсвирените ноти. Првото зачудување се појави кога невестата ме запозна со својот двочасовен маж. Неговите раце и нозе на телото беа **измешани.** За да може да се ракува со гостите, **младоженецот** мораше да стои на своите нозе, а тоа правеше неговата глава да стои превртена однаопаку, на висина која се израмнуваше со висината на колковите. Од друга страна, пак, гостите се соочуваа со неговиот **фалус** кој беше откриен, тазе избричен, намирисан и украсен со светла вратоврска, која заради тенкиот „врат“ на младоженецот, беше невообичаено долга и допираше до неговата брада од лицето. **Скротумот** беше лежерно расположен од двете страни на фалусовиот корен и правеше минијатурни движења. На самиот врв од своите кожни ќесички, младоженецот оставил малку влакна кои претставуваа бедна копија на фризурата од мојот комшија **Петар.** Сега ви е јасно зошто ракувањето со него или, уште полошо, гушкањето со него предизвикуваше несигурност кај гостите. Се случуваше некој од гостите да не го забележи неговото вистинско лице, па **бакнежите** да ги подари на фалусот пред себе, кој се заблагодаруваше со нараснување од неколку сантиметри и поцрвенување заради притисокот кој се создаваше од цврсто стегнатата вратоврска. Се прашувам како оваа прекрасна жена која сега ме запознава со својот маж, успеала да се заљуби во него. Во што се заљубила?! Можеби во неговиот **интелект** (кој има шанси

да е неопишливо силен заради високата концентрираност на крв која се собира во превртената глава) кој успеал да го надмине чудниот изглед? Или била освоена од неговиот оригинален начин на **додворување**? Секогаш кога би стоела спроти него, а тој би зборувал, таа би почувствувала како нејзиното тело почнува да **губи контрола**, за на крај да кулминира со ерупција! Овие **оргазмични разговори** девојката би ги искусувала секогаш, без разлика што е темата на разговорот. Тој чудак би можел да ѝ зборува за досадните статистички анализи од неговото работно место, а таа сепак би стигнувала до преграткиге на **хедонизмот**. Можеби колку подосадни теми зборувал чудакот, толку повеќе ја возбудувал! Таа би се искачувала на планината на задоволството повторно и повторно, секогаш стигнувајќи задишана до врвот и уживајќи во неговата „**спиритуалност**“. Сепак, прашањето „како се запознавте“, мачно го избегнував цела вечер.

Атмосферата стана препознатлива. Повеќето од гостите го играа „**Пајдушко**“, а останатите се налеваа со алкохол. Јас одлучив да останам на масата правдајќи се со „болки во коленото“. Лево од мене седеше една стара баба која си ги заборавила вилиците, па така не можев да ја разберам што зборува. А не престануваше да зборува! Единствено можев да го препознаам јадењето кое со исклучителна прецизност го пласираше на моето лице. Знаеше да ме бомбардира со комбинација како: недоџвакано цвекло, ориз, потоа сос од свински кременадли и да заврши со комбинација од недоволно сварен компир и изветреано вино. Ќе се изненадите, но мојата учтивост успеваше да ја издржи оваа канонада од невнимателно приготвени јадења. Што ли правел шефот на кујната? Можеби некое од младите пилиња му прегорело, а тоа лошо влијаело на неговата концентрација. Како и да е, бабата во еден момент се пожали на болка во градите, се извини одејќи во тоалетот, и јас повеќе не ја видов.



Музичарите повеќе не беа на својата бина. Вртеа околу масите, водени од виолинистот кој го собираше бакшишот помеѓу жиците од својот инструмент. Беше следен од испотениот хармоникаш кој служеше како резервна банка за парите кои виолината не можеше да ги прими. Виолината повеќе и не можеше да произведи никаков звук, освен шкрипење, но тоа не му сметаше на виолинистот да продолжи да ја собира својата „заслужена“ дневница. Баш ме интересира **која би била реакцијата на Страдивариус кога би ја видел оваа антропоморфна дамка кал на виолината!?** Веројатно би ја истружил за да добие подобра акустика!

Кога свадбата тргна надолу? Еден од гостите, од страна на невестата, кој беше дојден од странство само за оваа пригода, очигледно не ги знаеше овдешните обичаи. Место да извади **книжни пари**, тој ја извади својата **кредитна картичка** и со неа помина помеѓу ребрата од стомакот на хармониката. Бидејќи хармониката сè уште не беше навикната на дигитален трансфер на пари, не можејќи да си ја оправда својата слабост, се поду во мевот и се распарчи, летајќи низ целата сала. Едно парче од телото на хармоникашот ја турна свеќата од масата. Свеќата го запали белиот чаршав, но никој ова не го забележа, веројатно поради претераната алкохолизираност и лошата храна. Ако некој знае што точно се случуваше во овие моменти! Контрабасистот и тапанарот беа единствените музичари кои ја преживеаја експлозијата на хармониката. Вратот од контрабасот лежеше во рацете на неговиот сопственик, кој сега го удираше де од едната маса, де од другата, поминувајќи помеѓу нив. Од обесениот барабан на вратот од тапанарот беше останат само металниот обрач, бидејќи кожата беше тотално уништена кога тапанарот своите палки случајно ги заменил со **прибор за јадење**. Еден од гостите кој сè уште не ја преболел невестата, со солзи во очите се обидуваше да одржи здравица за младоженците цитирајќи го **Ерих Фром**: љубовта е вис-

тинска во царството на слободата, но и слободата е вистинска во царството на љубовта... Во тој момент, фустанот на една средовечна жена случајно се зафати на **вентилаторот** од плафонот. И сега таа жена вртеше со огромна брзина, вриштејќи со главата надолу и загрозувајќи го животот на сите присутни. Нејзиното атерирање би било фатално за секој од присутните заради тежината на оваа жена. За несреќа, или можеби за среќа, настрада несреќно вљубениот во нашата невеста, кој говорот го заврши сплескан, на источниот ѕид од салата, во форма на **палачинка**. Пожарот почна да ги зема првите жртви. Луѓето гореа, но не знам дали воопшто беа свесни за тоа. Една млада жена во мини сукња, која играше качена на расплamтената маса, веројатно беше најсвесна за ситуацијата во која се наоѓаше бидејќи ја слушнав како ја пее „**Огин и пламен**". Сепак, не превзеде ништо за да си го спаси животот. Ја испи последната чаша виски и оганот кој сега излегуваше од нејзиното грло ја собори долу. Мајка, преполовена од една струполена потпорна греда викаше по своето гологазо синче кое трчаше околу неа „не трчај по кошула!" За синчето да врати „не трчам по кошула мамо, трчам по смоки". Секој следен пример би бил апсолутно несфатлив, па затоа ќе прекинам.

Ова секако успеав да го напишам откако го фатив мојот црв, односно мојот психоаналитички дел од мозокот, го вратив на местото од каде што излезе, а дупките на главата ги затворив со живо тесто. Денес, во пладневните вести, во делот „**црна хроника**", ги видов телата на младоженците. По сè изгледа и не завршиле премногу трагично бидејќи снимката јасно ги откриваше нивните последни мигови. Беа цврсто прегрнати и бакнати, или поточно, жената ја голтнала „**главата**" од својот сопруг, а овој веројатно и изјавувал љубов, шетпејќи ѝ во обласна на нејзиниот **перинеум.** И двајцата сè уште стоеја на своите нозе.

Ех, што е љубовта, ако не смртна прегратка?



## ДОЗГУЛПМУС: ПТИЦИ

Сите го фалат сексот, а јас сè уште не сум сигурен дали лажат. Со девојките немам никакви проблеми сè додека не ги донесам во мојот стан. Кога соблекувањето ќе почне, сите птици се собираат на прозорецот и колваат по него со острите клунови, гребат, пискаат и гракаат. Ова ги плаши девојките, и тие си ги собираат парталите бегајќи од станот, врескајќи на начин кој во тие моменти совршено се вклопува со пискотот птичји. Слушам „манијак", место „довидување", слушам „планински човек", „перверзник", „болен птичар", место „прекрасен љубовник мој..." Се обидувам да ги одвратам од нивната намера објаснувајќи им дека птиците всушност ја слават нашата љубов, танцуваат и пеат за нашето телесно спојување, а тогаш некое од стаклата ќе пукне, ќе се распарчи на подот, и птиците ќе почнат да јурат по нас кубејќи ни коса и откинувајќи ни парчиња месо. „Девојки, ајде не се будалете", им велам, „па ова не е ништо". Во тие моменти ниедна од нив не верува во моите зборови.

## ДОЗГУЛПМУС: SUB ROSA

Ако некогаш бидам убиен, сите тетоважи на телото би сакал да ми се довршени. Кога ќе решат да ме убијат, сакам тоа да биде дебел калибар кој ќе ми ја распрсне главата, отстранувајќи ми го изразот од лицето. Заверата трае постојано, но нашите часовници вртат побавно од нивните. Совршена контрола. Не успевајќи да ги стигнеме, живееме во хармонија. Барем така ни кажуваат. Ги има насекаде: по лифтовите, гаражите, сите дупки, улици, мориња, во целата администрација, над сите згради. Набљудуваат. Знаат да ја препознаат ослободената душа пред да биде случена. Пушат со една и држат оружје со друга рака. Чадот менува правец и знаат дека некој почнал да се буди и разуздува. Окото им нараснува зад тие леќи кои им ги доближуваат околните души. Жртвите се секогаш лесни, менувајќи го (незабележително) дури и одот; некоја ситница за која и самите не се свесни. Телата ги скриваат, ја чистат крвта од земјата, дирижираат измислени проблеми кои ќе дозволат весниците да насловат „излезе по цигари и никогаш не се врати“, за во втората статија, откако веќе исчезнале сите надежи, да се појави ексклузивното интервју со жената која се разголува пред јавноста, раскажувајќи за проблемите на нејзиниот маж со алкохолот, курвите, отсутноста од домот. Или ќе пишуваат за некој кондураџија кој оставил порака на својот дуќан „се враќам за пет минути“, за после извесен период да објават дека всушност бил уапсен од полицијата и транспортиран до властите во Турција за кривично дело што го сторил таму, негде, некогаш... и пресудата била затвор на пет години, но и после тие пет, слобода не барајте, туку мртовец или можеби број на неговиот грб во некоја заборавена ментална институција. Телото без глава понекогаш подобро проговорува од телото со неа. Се надевам на брзината на тој куршум и неговиот раздор, се надевам на кревкоста на мојата глава и вратот, за телото да успее да се задржи простум, да одолее на паѓањето полевајќи ги со крв, рамномерно, сите петокраки, ѕвезди, сонца, месечини, крстови, црвени и црни знамиња, гулаби, дрвени чевли, рози, свастики, српови, чекани, слонови, магариња, факели...

## ЕДИФОКС ИКС : ЦРКОВЕН ЗЕЈТИН

Еден човек пристигна во дворот на црквата. Влезе во малата продавница на влезот.

- Добар ден, еден литар зејтин ве молам.

- Повелете, 64 денари.

- Благодарам.

Човекот се прекрсти три пати и влезе во цркaта.

Го остави зејтинот под иконата на божјата мајка, остави сто денари и ја бакна иконата.

„Господе чувај ги нашите деца, помогни им на сиромашните и гладните, дари ни здравје и љубов, биди со нас и во нас, сега и секогаш во вечни векови, амин.“

Запали една свеќа за починатите, три за живите и пет за неродените.

„Чувај ги боже нивните души.“

Полека излезе од црквата, прекрстувајќи се три пати и замина онаму од каде дојде.

Клисарот помина покрај иконите. Ги собра шишињата зејтин и ги однесе во малата продавница покрај влезната капија.



Еден човек пристигна во дворот на црквата. Влезе во малата продавница на влезот.

- Добар ден, еден литар зејтин ве молам.

- Повелете, 64 денари.

- Благодарам.

Човекот се прекрсти три пати и влезе во цркaта.

Го остави зејтинот под иконата на божјата мајка, остави сто денари и ја бакна иконата.

„Господе чувај ги нашите деца, помогни им на сиромашните и гладните, дари ни здравје и љубов, биди со нас и во нас, сега и секогаш во вечни векови, амин.“

Запали една свеќа за починатите, три за живите и пет за неродените.

„Чувај ги боже нивните души.“

Полека излезе од црквата, прекрстувајќи се три пати и замина онаму од каде што дојде.

Клисарот помина покрај иконите. Ги собра шишињата зејтин и ги однесе во малата продавница покрај влезната капија.

Еден човек пристигна во дворот на црквата. Влезе во малата продавница на влезот.

- Добар ден, еден литар зејтин ве молам.

- Повелете, 64 денари.

- Благодарам.

Човекот се прекрсти три пати и влезе во цркaта.

Го остави зејтинот под иконата на божјата мајка, остави сто денари и ја бакна иконата.

„Господе чувај ги нашите деца, помогни им на сиромашните и гладните, дари ни здравје и љубов, биди со нас и во нас, сега и секогаш во вечни векови, амин.“

Запали една свеќа за починатите, три за живите и пет за нероденитe.

„Чувај ги боже нивните души“.

Полека излезе од црквата, прекрстувајќи се три пати и замина онаму од каде дојде.

Клисарот...

„Чувај ги боже нивните души.“



## КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: ЗАВЕРА

Речиси цело утро се обидував да го прислушкувам тивкиот разговор на моите родители во дневната соба. Потоа, тие тивко разговараа со сестра ми. Потоа, дојде нашето блиско семејство. По нив, се појавија и подалечните роднини.

Нашиот дом почна да се полни со соседи и пријатели кои загрижено разговараа меѓу себе и одвреме-навреме погледнуваа кон мене.

Не можев да го издржам тој притисок и, незабележан од никого, избегав од дома.

И еве, скитам по улиците на овој град без душа и се загледувам во лицето на секој случаен минувач. Се обидувам да дознам нешто ново од нивните рамнодушни изрази, но не успевам.

Понекогаш децата покажуваат со прст кон мене и ги слушам како шепотат зад мојот грб.

Знам дека нешто се подготвува против мене.

## КРСТЕВСКИЃОРГИ: НЕСОНИЦА



Уморни сме, но веќе цела вечер не можеме да заспиеме. Се обидовме неколкупати: безуспешно. Ни броењето на сите пријатели и непријатели не помогна. Шетаме низ станот во таа застрашувачка тишина и не знаеме што да правиме со себе. Им завидуваме на останатите; тие сега спијат и сонуваат, припаѓајќи му на еден сосем поинаков свет. А ние, заробени во стварноста, речиси полудуваме од желбата да побегнеме од неа, макар и за кратко. Ни се чини дека ноќта предолго трае. Гледаме во ѕидниот часовник, а стрелките како воопшто да не се движат. Се напиваме вода во кујната и се враќаме во постелата каде што лежиме, и во мрак го очекуваме доаѓањето на новиот ден. Помислата дека можеби никогаш нема ни да дојде нè вознемирува и не ни дава спокојство за да ги затвориме очите. Лежиме така, со отворени очи, и го слушаме сопственото дишење.

## КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: ЧУДОВИШТА



Кога бев мал, секогаш кога некој од моите родители ќе ми посакаше добра ноќ и ќе ја затвореше вратата, исклучувајќи го светлото, јас се пикав под ќебето за да се заштитам од чудовиштата кои се појавуваа во мракот. Некои од нив се криеја под мојот кревет и испуштаа чудни звуци. Сега, дваесетина години подоцна, веќе не се плашам од нив. Тие се остарени и уморни, вистински карикатури на она што некогаш биле; навечер често ги среќавам во собата додека се подготвувам да си легнам. Кога ќе ме видат, бавно се упатуваат кон некој темен агол за да се скријат од мојот поглед полн со сожалување. Понекогаш, додека спијам, можам да го слушнам нивното тивко липање.

## КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: СЛУЧАЈНА ПОВРЗАНОСТ



Играме шах. Правилата одамна ги знаеме, а останатото е едноставно: победникот ќе ликува во себе, поразениот чести пиво. Партијата трае долго. Размислуваме цела вечност пред да го повлечеме секој потег, бидејќи доколку сториме и најмала грешка нишките се прекинуваат и постои опасност од рушење на цел еден замислен свет во нашите умови. Ти си поискусен играч; тоа се гледа по твоите сигурни раце, додека фигурите трепереат во моите кога ги држам. Таблата постепено се празни од излишните ликови. Мојот крал одамна е нападнат и сè помалку средства ми остануваат за да го заштитам. Најпосле, веќе нема што да жртвувам и ти ме победуваш. За да го развеселиш моето мрачно лице, предлагаш ти да си тој што ќе чести пиво, а јас неволно прифаќам. Се обидуваш да ме зазборуваш за да ме оттргнеш од замисленоста. И додека го пиеме горчливиот пијалак во големи дебели кригли, разговарајќи за нешта кои сè помалку имаат некаква врска со партијата шах, на вестите што истовремено се прикажуваат на телевизорот во кафеаната известуваат дека таму некаде, во големиот и страшен свет, е урната една монархија, за на нејзино место меѓународната заедница да воведе наметната демократија.

## КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: КРУГ



Се будиш едно утро. Стануваш од постелата, се протегнуваш, одиш во бањата каде што се олеснуваш; додека ги миеш забите се присетуваш на сонот што го сонуваше ноќта и сфаќаш дека го сонуваше и претходната ноќ. Наеднаш ти се присторува дека твојот одраз ти намигнува. Трепнуваш. Ја плакнеш устата со вода и излегуваш од бањата. Ги соблекуваш пижамите и ја облекуваш истата облека што ја носеше и вчера. Влегуваш во кујната за да појадуваш пченкарни житарки потопени во млеко: истото што го појадуваше и вчера. Како сè да се повторува. Веќе знаеш дека некој ќе заѕвони на влезната врата, а кога ќе отвориш неколку мига подоцна – тој ќе биде заминат. Се обидуваш да не се повторуваш, но не можеш; и тие обиди се повторувања од претходниот ден. Точно знаеш што ќе ти се случува. Знаеш дека си немоќен да промениш нешто, и рамнодушно ја прифаќаш својата судбина. Вечерта, кога ќе заспиеш изморен од бескрајните повторувања, ќе го сонуваш истиот сон: се будиш едно утро, и додека ги миеш забите во бањата, се присетуваш дека веќе си го сонувал тоа. Ете го и одразот што ти намигнува, како да сака да ти каже нешто.

## КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: СОН

Колку чудно: сонувам дека се наоѓам во некоја претстава. Всушност, на почетокот не знам дека и јас учествувам во неа. Сонот се одвива во преполна театарска сала. Почетокот на претставата доцни; посетителите стануваат нестрпливи и сѐ почесто гледаат во своите часовници. Најпосле, по неколку часа чекање, повеќето од нив стануваат за да си одат. Нивното изненадување е огромно кога тие откриваат дека салата нема врати за излез; тие се заробени во неа. Силна вознемиреност прострујува низ толпата што гласно негодува. И тогаш, некој се досетува дека сето тоа, можеби, е само сон; впрочем, ваквите бесмислености се својствени за таа состојба на умот. Се појавуваат предлози дека треба да се најде сонувачот и да се разбуди за сите да можат да си одат дома кај своите семејства. Ама како? Одеднаш, сите стануваат сомничави, меѓусебно се гледаат со недоверба, со испитувачки погледи. Поради својата безбедност се обидувам да се скријам меѓу безимените членови на раздразнетата толпа, но ме издаваат затворените очи. Веднаш ми се нафрлуваат. Ме тресат со сета сила, но не можат да ме разбудат. Некоја жена вели дека треба да ме убијат. Но со што? Никој нема оружје. Еден маж го вади ременот од своите панталони, вели дека ќе ме задави доколку тоа е потребно за сите останати да се спасат. Станува опасно, дури и за еден сон. Додека го чувствувам стегањето на ременот околу мојот врат, борејќи се за здив, во еден миг се прашувам што ли ќе ми се случи доколку навистина не успеам да се разбудам.

## КРСТЕВСКИ ЃОРЃИ: ЦРНА ДУПКА

Најпрвин улицата ни се виде долга.

Како да се протегаше до бескрај.

Потоа, возилата почнаа бавно да се движат по неа, а на едно комби што помина можеше сосем јасно да се прочита рекламата за еден дневен весник, напишана со мали и тенки букви.



Потоа, луѓето што ни доаѓаа во пресрет изгледаа како воопшто да не се движат кон нас, туку како да стојат во место.

Потоа, ни застанаа стрелките на часовниците.

Сè се забави до точка на запирање.

Ете, оттогаш се немаме вратено дома, а излеговме на обична вечерна прошетка како двајца вљубени кои се држат за рака.

## QUEEN ADREENA: СТРАВ

Се плашам. Не знам од што точно, знам дека не е од глобалното затоплување. Знам дека не е од сенките кои вибрираат низ собата кога спијам. Не ми е гајле, ако утре дознаеме дека ќе умреме задутре, од некоја огромна диско топка што ќе падне на земјата и ќе ги убие сите. Можеби ќе се распадне на милион мали огледала, и сите на светот ќе добијат по едно, на некои ќе им заврши во врат и ќе искрварат среќно до крајот на животот, а некои ќе се погледнат и ќе се разочараат од својата Космичка грдост, па ќе умрат малку потажно. Зошто диско топката знае сè. Ја чува светлината на билион ѕвезди. И доаѓа да се распадне на својата хоум планет.



Ама не можам да дозволам тоа утре да се случи. Уште не сум го направила мераков, да дојдам дома кај тебе, да те консумирам на кровот, на тревата, на секој можен ѕид од собите, на бирото, на подот пред телевизорот додека гледаме фудбал, на секоја површина која крцка, на кујнската маса, а потоа да те однесам кај мене во школо, и да бидам твојата Мала ученичка. Гушни ме. Штипни ме малку, за да знам дека не сонувам и дека утре ќе искрвариме до смрт. Кажи ми го најглупавиот виц на светот.

Се плашам. Ако ти не бидеш таму. Се плашам. Ако сум сама. Со моите ноти и моите букви и моите бои. Се плашам. Од себеси. Од своите страшни соништа. Од својата недоискажаност. Од својата грозна несигурност и немање муда. Знам дека сум женско, ама не е фер. Ќе си трансплантирам муда, ако тоа помага.

Трипувам.

Клупите на станицата каде што чекам ми се омиленото место кога сум надрогирана. Можеби некој ме силувал вечер, можеби јас некој сум силувала, којзнае, ама тоа не е воопшто битно. Не се гледа небото, немам поим дали е 5 саат сабајле или 5 саат попладне, не се слушаат колите и автобусите, го нема градскиот дим. Не се нервирам зошто црешовите цветчиња на булеварот очајно пробуваат да се пробијат низ маглата, ни зошто луѓето кенкаат и стенкаат, и плачат и корнат, и не менуваат ништо. Мојата омилена положба, нозете опуштени и испружени напред, рацете омлитавени, главата благо накривена, усните подотворени а сѐ уште залепени и суви, и погледот сив - тап - глупав - мртов. Наркоманиште одвратно, а? Не ми е страв од себеси. Страв ми е од она во кое се претварам.



## QUEEN ADREENA : Б(ЛУД) У(СНИ) С(ЕКС)

Моето љубено Место. Мојот подвижен, полчасовен Рај. Чини 3 хартивчиња и едно парче метал. Преполн е... со ангели, со демони, со сенки и искри. Преполн е, со Стари, Изгорени лисја и одвратни мисли осветлени со Неонски светла. Потонувам... некаде, каде што нема реалност, каде што нема само смрт и ништо друго... Некаде каде што нема празни лица или празни ветувања. Нема темни денови, нема gloomy предмети со прекршени сенки кои паѓаат врз мене и тежат колку целиот свет... Ме има мене, и само мене - има некакво ехо, од нечии крици; но толку се далечни и неразјаснети што воопшто не допираат до мене. Има неколку безвезни седишта, скршени, полускршени, излупени. Има прозорци на кои постојано се менуваат сликите... има врата низ која циркулираат крвта и солзите. И малку провев.

Небото се крши, од него излегуваат милион грозни лигави пипала, се подаваат накај мојот врат и го зграпчуваат со сета сила... влечат, влечат... и одеднаш сум на проклетата автобуска. Пак. Здрвена, измрзната...

Двата бунари, ме зјапаат низ прозорците... се прекршуваат милион рефлексии, умираат милион соништа. И готово. Будна сум. Полека зачекорувам по мокриот тротоар.

„Return to see, everything looks the same
I don't know if the change made was grave
Cause the craving remains the same."

Проклети автобуси.



## QUEEN ADREENA: JAC.

Абе да. Сигурно...

Ѕверштина тешка по сексуалност. Мислам, не баш замрсен карактер за проучувањата на обичната интелектуална мрцина, ама ипак, време си е време. Ништо особено по професија. Седечки набљудувач. Лежач каде што условите поддржуваат. Ангел пред авторитетите, демон пред остатокот од светот. Или, не... чудовиште за сите нив. Некои сакаат да изигруваат дресери. Е, нацки.

Ноќи поминати во проучување на Париз низ екранот, ноќи поминати во бладање... нечујно, се разбира. Мислев дека постои надеж? Е па се заебав. Најслатки ми се оние кога развивам фантазии за пробивање на игла низ окото. Едното, па другото... Сонување мрак, и чад, и лулки, и безздивни приспивни песнички... проследени со пневмонично кашлање.

- Оди, легни си.

- Чекај, уште малку. Неколку реченици до крајот на Големото Дело.

И понатаму... и понатаму... и понатаму...

А знаете како Големото Дело ќе заврши? Јас знам! Со три точки. Бедни, грозни три точки. Како некоја глупава реклама...

Утро. Крај на полноќното бладание. Чист, изострен ум и досада.

Игла... остра и тенка... метална. Прекрасна. Мазна. Совршена...



## QUEEN ADREENA: КОЛЕКТИВНО РАСПАЃАЊЕ

Добредојдовте во Скопје!

Куќа на мртвите. Некрополис.

Преполно со црни врани и розови машнички.

Преполно со лоши коњаци и дреч кармини.

Преполно со заспани убавици и разбудени грдосии.

Ги навлекувам патиките, го префрлам капутот преку мене, ги закопувам очите длабоко во лицето, и излегувам на полу-дождот. Не ми пречат различно издлабените лица кои ме одминуваат... ме прободуваат со фузија од мириси. Цветни, потни, човечни и нечовечни, брзаат покрај мене, брзаат да се закопаат себеси во свежиот гроб.

Гробарот стои со едната нога на гробот, со лопатата на рамо, со цигара помеѓу сувите усни и распаднатите заби, и со полу-замижан поглед го очекува сопственикот на гробот.

- Ајде бе, до кога ќе те чекам! Најдобро да одам на спиење па да луташ низ маглата цела вечер...

И мртвиот дотрчува, гробот е отворен, тој влегува внатре и почнува весело да цврцори со остатокот од своите

мртви другарчиња. Тоа е ноќта на неговиот (не)живот, иста како и сите други, и тој заспива во својот обезсонет сон, со најслатката насмевка на лицето.

Кастрација на животот. Поволно. Отсекување на каков било ентузијазам и иницијатива. Ќе ви остане едно големо мртво парченце месо, висејќи за спомен, направено од сивило и есенски дождови.

Скопје. Хомогено соединение составено од кладилници. Америка се претвара во огромен Старбакс? Балканот се претвара во огромна, селска, кладилница. Преполна со избезумени луѓе, неколку зелени екрани, замајани погледи и еден голем шалтер со мрсна тетка позади, зафатена со броењето пари. И постојана циркулација на бес.

И вие сте исти. Дури и јас. Мртва, но незакопана. Бирам да лутам. Да не се враќам во својот гроб. Бирам да мрчам за сè што претставува рефлексија на болка и празнина, замаскирана со насмевка и шарена реклама. Бирам да сонувам. Бирам да направам избор кој не постои. Не е проблем, го измислувам. Врз моето издлабено име на надгробната плоча небото плаче, се распарува, лисјата паѓаат и ме чекаат, но јас не се враќам. Талкам со засушени солзи на лицето.



Јас одбрав... одбрав да живеам. Но не сум месија. Не знам како да ве спасам. Не знам како да воскреснам. А ако научам, ќе талкам сама. Можеби жива, но осамена - ќе талкам низ бескрајните гробишта, ќе го слушам цврцорењето од земјата, и сепак ништо нема да се смени. Соништата се исти, изборите се исти.

Само времето се менува.

Најчесто врне. А тогаш уличките на градот се најубави. Светат портокалово. Сте забележале?

## МАРКОСКА МАРТА: ШТО СЕ СЛУЧУВА КОГА ГО ЧИТАТЕ ФРЕЈЗЕР

Просто неверојатно. После едно чудо лоши, долги, кратки, испрекинати и неповрзани соништа и лошо свареното утринско кафе кое ми го дозагорчи почетокот на денот, тргнав на работа. Излегов порано од вообичаено, бидејќи мајка ми, свесно или несвесно, ме избрка од дома со смрдеата на запршка од кромид што ја подготвуваше уште од рано изутрина (МРФФФГГРРРЈЈММРРГГ, ова беше пцовката што успеа да се процеди во тој момент, сега преведена на книжевен јазик). Откако пред нос ми избегаа трите автобуса, по дваесетминутно чекање на следниот автобус, сепак задоцнив на работа и покрај тоа што бев тргнала порано. Крајно изреволтирана, подготвена на кавга дури и за најмала ситница, влегувам во автобусот и замислете куриозитет – шоферот ја пуштил „The Unforgiven“ од Металика и тоа ја рокнал до даска. Во тој момент злобно ги протрив дланките, бидејќи знаев дека на уште многу луѓе денот од рано сабајле ќе им тргне со нервоза. Не бре, не ве лажам јас, прво навистина почувствував наслада кога ми светна дека увцата навикнати на: „Неко вози мотор, неко вози трактор, ја и моја мала мотокултиватор“, или „Куче лаје, а ја мислим ти си, отишо си, сарму пробао ниси“, денот ќе го започнат со „The Unforgiven“ и навистина нема никогаш да му го простат ова на шоферот, а богами и на себеси што порано не слегле од тој автобус. Ма не, да не ме сфатите погрешно, јас не сум љубител на

хеви металот, ама, па зошто само јас да сум денес лошо расположена?

И така, откако ги погодив сите раскопани сегменти на асфалтот (бидејќи, знаете, во Скопје не се градеше олку ни после земјотресот, и не, не ми беше намерата со ова да го пофалам сегашниот градоначалник), по синдромот на Кнез Мишкин, кога внимавате нешто да не нагазите, неизбежно го нагазувате, или да ја преформулирам реченицава за да звучи пооптимистички: И така, испречувајќи им се на патот на неколку веќе постоечки вирчиња со вода или можеби беше масло од автомобили, не знам, кои одамна си беа заземале место на паркингот пред канцеларијата, конечно, стигнав на работа.



Влегувам во канцеларијата и притоа го извршувам сето она рутинско „добро утро“: ги палам светлата, разгледувам дали има пропуштено повици, си подготвувам кафе (со помалку грижа на совест за типичниот македонски почеток на работниот ден), а потоа со часови се нурнувам во компјутерот и се препуштам на долго, бескрупулозно, бескорисно, безидејно, безпотребно, без исав сурфање на интернет, кое во последнава година само ми го дооослабна и онака слабиот вид. Сигурно и вам ви е познат оној став што секогаш го користиме како изговор кога не знаеме што точно да правиме со себе и велиме „само малку, колку да утепам време“, а го кажуваме со длабоко потсвесно сознание дека времето нѐ утепува нас.

И така поразена од длабоко всадените егзистенцијалистички манири на веков, станувам да си ги протегнам нозете, кога гледам нешто светка во мојата ногавица. Претпазливо ја посегам раката, бидејќи предметот наликува на запалка, zippo или копија на zippo. Просто бев шокирана. Од каде запалка во мојата ногавица, кога јас дури и не сум пушач. Најлогично беше да помислам дека се наоѓала на работното биро, од кое без да сетам сум го турнала, а тоа бесшумно паднало токму во мојата ногавица... Набрзо ме напушти логичното расудување, па си велам, можеби ќе бидам малку неразумна, ама мора да признаете дека приказните за магии сѐ уште постојат, особено во нашава бајковидна земјичка. Претпоставувате, мора да станува збор за некоја современа магија која секако има за цел да ми наштети, знаете кога ќе тргнете од анализа на симболот на огнот и бла, бла, бла...Сето тоа поврзано со до пред неколку часа сонуваните кошмари, дефинитивно ме наведе да поверувам во тоа, па дури и толку да се убедам што потоа ми беше шубе да го фатам предметот со рацете. Со морничаво чувство го фаќам предметот, зашто сигурно немаше да се шетам со предметот во ногавицата и да ги привлекувам сите љубопитни погледи врз себе, кои беа потенцијално урокливи.



Го вадам светкавиот, метален предмет од ногавицата и гледам дека тоа е memory stick, ама со скинато синџирче. Е, дури сега пребледев, душата ми слезе во петиците. Па зарем е можно, ај кажете вие, овие фрлачиве на магии толку многу да се модернизирале? Не можеле да најдат некое обично синџирче, ако веќе тоа им требало за правење магии? Ете, си реков, некој сака да ѝ наштети на мојата четиригодишна сериозна љубовна врска, преку симболот на скинатото синџирче, ама што е пак сега симболиката на memory stick-от? Па си реков добро, штом на некого му се давале толку пари за мене да ми направи магија, ќе соберам барем храброст да го удостојам и видам што има на него. Можеби некакви застрашувачки и заканувачки фотографии кои ја пророкуваат мојата судбина? Го приклучувам на компјутерот и кога ќе видам: голо бебешко газе, едно слатко мало буце со шеширче за сонце, како се капе во мало гумено базенче и кога ми светна... половина час не можев да престанам да се смеам... Па

тоа беше малото на колешката од соседната канцеларија, која утрото ме повика заедно да испиеме по едно кафе. Како не ми текна порано дека можеби е тоа, дека можеби паднало во мојата ногавица од нејзиното работно биро.

Туку како сега да ѝ го вратам? Што ќе си помисли, пак, таа? Дека сум ѝ го украла? Дека сакам да ѝ навлегувам во интимата, во приватниот живот? Дека сум некаков болен воајер? Дека можеби јас нејзе ѝ правам магии?



## MORPHINE: ГРАДОТ НА ИДНИНАТА

Влеговме во една чудна, полу-осветлена просторија во којашто имаше минимум, запурничав воздух. Луѓето беа испоседнати во круг на подот и тивко разговараа. Постојано бев разбудуван од здодевната старица и нејзиниот липтеж предизвикан од сонот за нејзината младост. Сега од ова временска дистанца звучи сосема неверојатно како дури успеав во тој мрак да ги забележам двајцата господини кои седеа спроти нас и кои се расправаа околу добивањето на подоброто место на патување, она до прозорецот. И двајцата на главите носеа долги шапки во вид на цилиндар. Претпоставував дека беа Англичани. Тоа засекогаш ќе ми остане тајна. Едниот од нив, оној постариот ги исправуваше рабовите на весникот додека другиот постојано фрлаше некаква паричка во воздухот и слободно ми ги читаше мислите. Смешно е тоа, кога знаете дека некој може да го предвиди секое ваше движење, секоја ваша реакција, во такви ситуации најмалку што може да очекувате е да бидете прекорени или пак охрабрени. Патувавме со денови. Од прозорецот се редеа безимени земји и безимени градови. Бели кадри на побегнатото сонце. Уште едно Индијанско лето беше пред нас. Боси луѓе кои растеа на сенчестите долини. Периоди на поројни дождови и месеци на целосна суша. Караванот продолжуваше понатаму во сивата и бескрајна ноќ. Звукот на тропотот кој се

создаваше од тешките тркала ме намамуваше кон пареата и примракот. Липтежот на старицата конечно стивнуваше. Ко да се приближувавме до некоја шума. Нивните очи во мракот изгледаа ко илјада светлечки запалки. Сите посакаа да го видат. Завесите се развлекуваа долж огромниот океан. Изгледаше прекрасно, удавен во целата своја утопичност. Еден од Англичаните (оној кој ми ги читаше мислите) беше станат и ми ја галеше косата. Некој го запали светлото. Моите очи гледаа длабоко во мене.



## MORPHINE: ПИСМА

Драг Господине,

Наоѓам писма од Бог испуштени на улица. Не знам но претпоставувам дека тоа е негов ракопис и се потпишани во Негово име. Имињата на кои овие писма се адресирани ми се сосема непознати. Секогаш завиткани во дебел превез и сместени во светкави сини коверти. Никогаш не ми се случило да прочитам некое туѓу писмо, дури и кога љубопитноста стануваше неиздржлива. Се плашам дека на тој начин ќе изменам значаен дел од нивниот живот. Ги чувам во внатрешниот џеб од моето палто верувајќи дека некогаш ќе ги сретнам овие луѓе и ќе им го вратам она коешто им припаѓа. Но, еве со години како ги добивам овие писма и сеуште не сум сретнал ниту еден човек за да си позборувам со него и да му кажам за нив. Изгледа дека на луѓето им здодеало да ги слушаат или пак едноставно не им се потребни Неговите зборови. Целиот стан ми е исполнет со нив, започнав да ги ставам во големи вреќи а за оние кои нема место во станот ги складирам во старите ковчези на таванот. Се надевам дека ова мое писмо ќе успее да стигне на вистинското место, зашто ти си единствениот на кој по толку изминати години му го пишувам ова. Можеби самиот во тие натрупани купишта ќе го пронајдеш своето писмо. На мене не ми преостанува ништо друго освен да чекорам низ улиците на овој сонлив град со надеж дека еден ден на едно од писмата ќе го прочитам сопственото име.

## МУЦКО: МОЈОТ ЦИМЕР ЕСКОБАР

Кога првпат дојдов овде, во вечниот град Рим, веднаш бев пленет од неговата убавина, и посакував таму да останам вечно. Дојдов со образовна намера – да студирам докторски студии по математика на римскиот универзитет Сапиенца, кој со над 400.000 студенти е најголемиот европски универзитет. Првиот ден не успеав да најдам преноќувалиште, па затоа ноќта ја поминав под ведро небо, на малиот плоштад во близина на легендарниот Пантеон – храмот на сите антички-римски богови. На плоштадот има една фонтана со обелиск во средината, која е на повисоко ниво од плоштадот до кое водат три скалила, на кои обично седат млади луѓе. Јас прилегнав на второто скалило, што ми послужи како кревет, а за добра атмосфера се погрижи живата виолинска музика од класичните италијански ресторанчиња околу плоштадот.



Наредниот ден бев на факултет, та се распрашував меѓу колегите, дали има некој на кој не му е решено станбеното прашање во Рим – заедно да побараме стан, или да му требам како цимер во веќе вселен стан? Тогаш ми пријде еден латиноамерикански мулат велејќи ми:

– Мене ми треба цимер! Изнајмив куќа со две соби во блиската населба Сан Лоренцо, на само 5 минути пешачење од факултетов! Киријата ќе те кошта 250€ месечно + околу 50€ за сметки!

– Може, ми одговара! – му одговорив без да се двоумам, оти не сакав уште една ноќ да спијам под ведро небо. – Јас сум Никола, доаѓам од Македонија! А ти?

– Јас сум Игнасио Ескобар, од Колумбија!

Неговото презиме Ескобар ми беше од некаде познато, ама дали беше од некој политичар, или уметник, не ми текнуваше! Дури по неколку месеци сложен цимерски живот, се осмелив да го прашам:

– Во ушиве ми одѕвонува познатото име „Пабло Ескобар“ од Колумбија... Кој бил тој? И да не си ти во роднински односи со него?

– Пабло Ескобар беше сопственик на кокаинскиот картел во колумбискиот град Меделин – ми одговори цимерот, без да се возбудува. – И јас потекнувам од Меделин, веќе ти кажав; само не сум во никакви роднински односи со него, ниту сум член на мафијата! Во животов не сум ни пробал кокаин! Едноставно, презимето Ескобар е доста често во нашата област!



*

Животот со мојот цимер Ескобар ми беше доста пријатен; дури и цигарите што ги пушеше не ми пречеа, како на непушач! Исто така, и утринското кафето што го вареше за двајцата многу ме расположуваше, од што добивав поголема желба за учење.

Ескобар често навечер беше отсутен од станот, што ми даваше доста време за да му се посветам на учењето. Заедно одевме и на журки, но само кога не спремав испит.

Една вечер, нешто по полноќ, како „ѓаволот да ме натера“ да го потпрашам за неговиот став за дрогата:

– Што мислиш, како би било дрогата да се легализира, оти зависниците и онака ќе најдат начин да дојдат до неа? И притоа дебело да се оданочи, па наместо профитот да оди за нарко-босовите, да остане во државата за капитални инвестиции, здравство, наука и култура?

– Супер ти е идејава! – ми одговори цимерот. – Со парите од легализираната дрога би ти се помогнало и тебе, како научник, да напредуваш во кариерата!

Не помина ни минута, на вратата од нашата куќа силно тропнаа непознати вулгарни луѓе:

– Отворете, полиција!

Јас, непријатно изненаден, станав и отворив, а полицаецот ми се развика:



– Што тоа споменувате дрога, да не сте дилери? Земете документи за идентификација и појдете со нас во полициската станица! За неколку минути ќе обезбедиме и налог за претрес на вашиот стан!!

До раните утрински часови нè држеа во полициската станица во нашата населба Сан Лоренцо, испитувајќи нè што сè знаеме за дрогата, особено за колумбискиот кокаин. Јас ништо не знаев и немав што да признаам, ниту пак мојот цимер. Изутрината нè пуштија, кога стигна резултатот од направениот претрес:

– Овие навистина биле студенти на докторски студии! Не најдовме ни кокаин, ни некоја друга дрога, собите беа полни со математички книги и тетратки со решени задачи!

*

Ете така, си минуваа нашите цимерски години, без поголеми конфликти. Додека на Ескобар студиите му одеа послабо, јас своите четиригодишни докторски студии ги крунисав со докторат. После одбраната на докторатот направивме урнебесна журка во изнајмената куќа. Ми дојде времето да се разделам од мојот цимер Ескобар и да се вратам во Македонија; тогаш тој инсистираше да направи сериозен разговор со мене:

– Никола, сиве овие години прикривав, но сега кога се разделуваме после многубројните изминати убави заеднички моменти, треба да ти кажам кој сум навистина. Јас, Игнасио Ескобар, сум син на еден братучед на вистинскиот Пабло Ескобар! Во Рим сум дојден како амбасадор на нашиот кокаински картел, и ја контролирам дистрибуцијата на кокаинот што доаѓа во Европа. Тоа што овде наводно студирам докторски студии, е само параван, за да се прелаже полицијата!



– Зошто мораше да ми се откриеш? – прашав изненадено.

– Бидејќи ти веќе си станал зависник од кокаинот! Од микрограмските дози кокаин што ги вдишуваше од моите цигари, и од моето кафе... од него се чувствуваше така пријатно; од него дури и ти се зголеми интелигенцијата како и желбата за учење! Од друга страна, со фаќањето на половината тон кокаин и апсењето на Станислава, балканско крило на нашата мафија остана осакатено! Единствено во тебе имам доверба, оти од многуте балканци што ги знам, само ти никогаш не си ме излажал!

Така, од Рим се вратив дома не само како доктор на науки, ами и како мафиозо. Сепак, фрлив паричка во Фонтана ди Треви, за некогаш пак да се вратам во секогаш романтичниот Рим!

## МУЦКО: СПАСУВАЈЌИ ГО ТОШЕ

Исполнет со многу емоции, човекот во темносив костум полека се доближуваше до целната куќа во населбата Тафталиџе. Како што наближуваше, му навираа старите сеќавања на архитектурата на убавите куќи во овој дел на Скопје и на пејзажите на Водно, кои еве повторно оживуваат пред неговите очи после 20 години, исти онакви какви што ги паметеше. Кога пристигна, во дворот на куќата беше пречекан од лаеж на куче.

– Џеки, нели ме познаваш? – му се обрати на кучето, влегувајќи во дворот. Кучето и натаму беше изненадено од неговата надворешна појава, но неговиот беспрекорен нос ја препозна неговата миризба, па му возврати со весело мавтање на опашката.

– Да видам дали ќе пасува... – нестрпливо го извади ‘рѓосаниот клуч, со кој ја отклучи бравата. Не можеше ни сам да си поверува колку совршено пасуваше! Помина неколку минути во занесено разгледување на ентериерот на куќата, а потоа во дворот се зачу детски глас:

– Џеки, ај „бакни“ ме со јазикот! Добро куче си, добро... Еј, вратава е отклучена!! Кој влегол дома?!?

– Не плаши се, Дејан! – му се обрати човекот на детето. – Јас сум вујко ти Драган, од Америка... Дојдов да ве посетам!



– Мајка ми Сузана не ми кажала дека имам таков вујко! – се сомневаше единаесетгодишното дете.

– Можеби заборавила? Еве, види нѐ на заедничкава фотографија, сликана во 1993 година додека таа уште беше мома – му ја покажа вешто направената фотомонтажа со „Photoshop 2027“, на која меѓу ликовите на семејството на Сузана беше вметнат и ликот на „вујче Драган“. Детето поверува, па „вујкото“ продолжи да му покажува и други изненадувања:

– Еве ти донесов неколку големи чоколадо „Toblerone“, од оние скапите што секогаш си ги сакал!

– Како знаеше кои чоколада ги сакам? – се изненади Дејан. – Мама ли ти кажала?

– Да! Имам и уште нешто што отсекогаш си го посакувал; еве, ќе ти ја подарам оваа најнова играчка конзола, каква што има само во Америка! – подарувајќи му модел „Playstation 2036“ на кој беше маскирно префарбана годината на производство 2036.

– Имаш ли уште некое изненадување? – нестрпливо се интересираше детето Дејан, а „вујкото“ дури тогаш ја оствари главната цел заради која беше дојден:

– Ќе те научам на еден „трик“, од кој нема поголемо изненадување! Оди во WC-то, извади го курето исто како за мочање, дигни го и влечи го... Ете така, нели ти доаѓа убаво? Овој „трик“ се вика дркање, и сите деца што го прават се посреќни од оние што не го прават!

*

– Кој си ти што си провалил во нашава куќа, па дури си се осмелил да го „учиш„ нашиот син Дејан на бесрамни работи? – налутено му се развика таткото Никола, кога

се врати од работа заедно со мајката Сузана. Дејан објаснуваше дека непознатиот бил „вујче Драган“, но Сузана категорично негираше дека имала таков брат. Тогаш натрапникот им ја кажа вистината:

– Знам дека нема да ми верувате, но јас сум **вашиот син** Дејан, само 20 години постар! Дојдов од 2027-ма во 2007-ма година со времеплов! Еве погледнете, имам бенка на истото место на вратот!

– Тоа не е можно... Марш надвор натрапнику, и бегај побрзо, оти песов ќе те испокасапи! – му се развика таткото Никола и му свирна на кучето. Штом дојде кучето, 31-годишниот Дејан се наведна за да им го покаже на своите родители конечниот доказ:

– Џеки, „бакни“ ме со јазикот! – Лигавиот допир со својот миленик, кој не го имаше почувствувано цели 18 години, беше круцијалниот доказ кој ги убеди родителите дека тој навистина е нивниот син Дејан, дојден од едно друго време: 20 години во иднината.

*

– Дојдов 20 години наназад, со посебна мисија – објаснуваше Дејан. – **Дојдов да го спасам Тоше Проески**, нашиот пејач со неповторлив ангелски глас, кој според официјалната историја загина на 16-ти октомври 2007. Ние, мала група Македонски научници од иднината, знаејќи што, каде и кога ќе се случи, се вративме со времеплов во вашето време за да го спасиме. Го искористивме моментот кога тројката што патуваше со џипот во Хрватска правеше пауза кај една бензинска пумпа. Оригиналниот Тоше го „киднапиравме“ и со времепловот го префрливме во 2027 година, додека на неговото место во џипот поставивме клонирано тело кое само однадвор личи на него. Да, за



да не се измени текот на историјата, вие што живеете во 2007-мата мора да сте убедени дека Тоше загинал во сообраќајката... но вистинскиот Тоше Проески ќе си ја продолжи кариерата во 2027-мата година!

Родителите поверуваа дека Тоше е навистина жив, но Дејан ги задолжи никому да не кажуваат за ова, за да не се сменел текот на историјата.

– Спасувајќи го Тоше, одлучив да дојдам дома оти сакав да ви се пожалам дека имав трауматична младост! Баш онаква како што испеа Тоше: „А мојот живот, игри без граници, уморна приказна, скинати страници!“ Тато, знам дека си почнал љубовна врска со колешката Тодорка, за која мама Сузана сѐ уште не знае... ама наскоро ќе дознае, и во јуни 2008-ма ќе се разведете, па така ќе почнат неволјите за мене!

– Сузана, прости ми... – ѝ се извини сопругот. – Досега со Тодорка имаме разменето само неколку бакнежи на крајот на работното време... Ама, ако тоа можело да доведе до пропаст на нашиот брак, како што тврди нашиот син Дејан од иднината, веднаш ќе раскинам со неа!

– Исто така, сакав да се видам самиот со себеси, и да си пружам некои задоволства кои ги пропуштив... – објаснуваше 31-годишниот Дејан од иднината. – Особено беше голем пропуст тоа што почнав да дркам дури на 15 години, а да ебам дури на 24... Со оваа „интервенција“ дркањето ќе го усовршам на 11 години, па сигурно ќе имам и побогат сексуален живот во младоста!

## НИКОЛОВСКА МИЛЕНА: ПРЕСЛИКУВАЊЕ

Тој е уметник што пресликува. Во пресликувањето на реалноста, во нејзиното бавно и прецизно создавање на платното го наоѓа совршенството во уметноста. Не ја сака слободата на изразувањето, не ја сака фантазијата, не сака да го разубавува светот во своите дела, го сака онаков каков што го гледа и сака токму таков да се најде на неговото платно. И на некој необјаснив начин успева да го направи тоа. Ја доловувa секоја линија од предметот, секој пресек во просторот, секој нејасен премин меѓу предниината и задниината, ниту една ситница не успева да му побегне на неговото извежбано око. Тој е волшебник што на платното создава нов, а сепак постоечки свет, насликан, а повторно исто толку жив и толку убав и неубав како реалниот.

Но што се случува и до каде оди неговото совршенство во сликањето на светот денес? Стои покрај реката со платното пред себе и со четката и боите во своите раце, загледувајќи се одредено време во пејзажот пред себе и потем наведнувајќи се кон белото платно и влечејќи едноставни потези со четката, го пресликува она што на неговиот поглед му се нуди како слика. Најпрвин совршено небо се појавува на неговото платно, совршено сино, совршено бело, совршени облаци, кои се движат по платното, исто како и на небото пред него, потем совршено сонце, кое ја подало својата глава на хоризонтот и блеска жолто, црвено, портокалово...



Но, тој одново ја подигнува главата за да види што е следното што неговата четка треба да го пресоздаде на платното и занемува од изненадување. Го нема небото над него, го нема ниту сонцето, исчезнале којзнае како од просторот пред него. На нивното место останало само празнина, белина, како што до пред малку имаше на неговото платно. А таму, кога ќе погледне повторно, ете ги, постојат, живеаат, сосема исто како и до пред малку во реалноста. Му се присторува ли тоа, или навистина се случува?

И сепак, продолжува да слика. Ги слика ридовите, прегрнатите дрвја што опасно се навалнале надолу како да се држат едно со друго во страв да не се стркалаат во реката, змијулестата река и скршените гранки што пловат на нејзината површина, брегот обраснат со висока и пожолтена трева, а неговата четка успева да ги пронајде дури и задрема 
ните скакулци помеѓу густите ливчиња.

Но повторно, штом погледнува пред себе, сето тоа почнува да исчезнува; и дрвјата и реката и тревата и скакулците ги нема, ништо не останува од мирниот пејзаж пред него. Ново огромно бело платно стои пред неговите очи, како да чека да бидат истурени боите врз него. Го погледнува својот цртеж. Таму сета природа совршено се пресликала, исто онаква каква што навистина е. Или, каква што беше до пред малку. Дали ѝ го украде светот на реалноста и го оживеа на своето платно, дали е тоа она совршенство на неговото дело кон кое се стремеше? И кое, сега, можеби може да опстои само таму? И може ли четката истото одново да го наслика на новото бело платно пред него? И кој е сега всушност реалниот свет, оној што исчезна, или оној што го создаде?

Цврсто ја стегнува четката во раката и полека ја подигнува нанапред кон белината што го заслепува.

## НИКОЛОВСКА МИЛЕНА: РАЦЕ НА МОЈОТ ПРОЗОРЕЦ

Ноќва некакви раце се залепија за мојот прозорец. Од надворешната страна, се разбира. И тропаат по него. Се свиткале во тупаница и тропаат. Зошто ли се одделиле од телото, се прашувам. Можеби единствено тие преживеале некаква несреќа. Можеби немаат повеќе нечиј живот кај себе па дошле да го земат мојот. Гледам во рамката на прозорецот со залепени раце на стаклото и таквата слика ме плаши. Сакаат ли да им отворам? Или сакаат само да ме вознемират? Не го знам тоа, но од некоја нејасна причина чувствувам дека ми се закануваат. Тропаат полека и рамномерно. Едната, па другата. Троп едната, троп другата. И одново. Троп едната, троп другата. Почнува да ми смета тропањето. Не можам да заспијам. Ми одзива во ушите, иако е тивко. Но постепено станува сè погласно и ритамот сè повеќе се забрзува. Како да се обидуваат да искомпонираат некаква диско музика со своето тропање. Со зголемувањето на нивната упорност, расте и мојот страв. И сè повеќе звукот од нивното тропање ми продира во ушите и сè повеќе ми одзвонува и ми се чини оти ќе ми пукнат ушите.

Ја пикам главата под перница, но залудно. Јачината на звукот останува иста. Посакувам да станам и да ги избркам, но се плашам. И останувам да се мачам така цела ноќ.



Утрото одеднаш тропањето престанува. Ја вадам главата од под перница и погледнувам кон прозорецот. Таму рацете ги нема веќе. Воздивнувам со олеснување и станувам да го отворам прозорецот, бидејќи ми треба воздух. Но штом се доближувам до него сфаќам дека немам со што.

## НИКОЛОВСКА МИЛЕНА: СЛУЧАЕН МИНУВАЧ

Се среќавам секој ден со неа на станицата. Секогаш го водиме истиот разговор. Таа се претставува како случаен минувач низ мојот живот. Ми зборува дека животот е патување во кое секогаш си некаде упатен, секогаш целта е една станица. Другите, оние попатните станици на моменти се згуснуваат, на моменти се, пак, премногу ретки и нејасни, понекогаш дури се прашуваш дали навистина ги има. Но како и да е, на ваквите станици се задржуваш само кратко и само површно ги набљудуваш местата. Но можеби тие и не се важни за нашето постоење, вели таа. Она што е важно, според неа, се местата помеѓу станиците. Нив, вели таа, секогаш неоправдано ги одминуваш. Треба, треба, вели, некогаш да се симнеш помеѓу станиците.

И откако ќе го каже тоа се качува во возот и додека тој станува сѐ помал и помал во далечината, јас гледам како скокнува од него во просторот меѓу оваа и следната станица. И исчезнува веднаш штом ќе ја допре земјата. Од страв да не ме повлече и мене никогаш не се качувам со неа. Секогаш останувам на станицата. Заради неа се плашам да патувам. И затоа секогаш сум овде.



## ПАВЛОВА СЛОБОДАНКА: ЧИРОВИ

Ми изгледаат како да ги извадиле од нечиј желудник и заборавиле да ги фрлат заедно со другиот органски отпад. Или не заборавиле, ги фрлиле во отпадот, но на овој му се слошило кога ги видел, а кога ги слушнал ги исфрлил надвор од контејнерот и се запалил од страв дека ќе се вратат. Барем нашол некој свој вид внатрешен мир, знаејќи дека се сега полутврда материја, а не во гасовита како негова-та, па не можат да го стигнат, претешки се. Си имал среќа отпадот, а јас не, па ме стигнаа. Сега ги знам дваесет години и ќе се обидам да ги опишам почнувајќи од најзабележливите карактеристики, па сѐ до најситните детали, онака како што за мене се видливи и достапни.

Најголемиот чир има истуткана кожа, нема коса и заби и носи два пара наочари. Со едните чита весници и се замислува како би изгледал помеѓу некролошките огласи, а другите ги става само кога зјапа во непознатите минувачи низ прозорецот. Го замислувам и јас најголемиот чир помеѓу огласите, но само на тоа и останувам, на неисполнети фантазии. Многу често почнува да тоне, како што вели тој, а тогаш 5 мл гликоза го враќаат на површината. За жал, сѐ уште не е потонат. Понекогаш помислувам дека овој има некаква телепатска врска со моите мочни канали, па кога и да трчам накај тоалетот, внатре е и чекам

по 20 минути да излезе, сѐ додека прстите не ме здоболат од тропање на вратата да побрза. Многу ретко разговарам со него, а и она што ќе му го кажам, или погрешно ќе го разбере, или нема воопшто да го слушне сѐ додека не го повторам три пати. Најголемиот чир е чист доказ дека цигарите не се штетни за здравјето, ниту пак се причина за повеќето неизлечиви болести. Има осумдесет и три години, а на девет години почнал да витка листови тутун во обична хартија, да ги пали и да ги вдишува. Разликата од седумдесет и четири години ги побива слоганите на сите пропаганди за борба против пушењето и ракот. Толку е неподвижен што може да стигне само до скалите во дворот, па морам или да трчам до продавницата кога најголемиот чир ќе остане баз цигари, или непрекинато да слушам ЦИГАРИ, ЦИГАРИ, ЦИГАРИ! Парите од пенСијата, како што тој ја нарекува пензијата, ги троши на диазепами, наклофени, бруфени.... или му ги „позајмува" на вториот чир, кој се разбира никогаш не ги враќа. Ж ивотното мото на вториот чир е секс, џоинт и турбо-фолк. Лесно му е да паразитира на сметка на другите два чира, па или спие или јаде, или седи пред компјутерот и мирца. Живее во соба што наликува на контејнерот од кој и самиот беше претходно избркан, со една мала разлика, контејнерот одвреме-навреме го празнат. Интелигенцијата му е развиена до тој степен што му се потребни три часа да ги запомни првите два стиха од „Тешкото", едноставен опис во кратки црти би бил – МОРОН. Под поимот апстрактна именка подразбира книга, театар, изложба.... а под поимот задолжително – концертите на Zvezde Granda во Downtown. Има некој уништувачки талент кој го изразува преку прегорување на процесорот, распаѓање на глувчето и на фотоапартот, давење на мобилниот во јавниот тоалет, а најчесто преку уништување на елементи од мојата соба, како кршење на масата или аквариумот. Многу често, не знаејќи како поинаку да се изрази, неспособен



да смисли нешто со сопствениот ум, одговара на прашањата со неколку улични изрази кои ги смета за најмудар и најсоодветен коментар. За разлика од психичкиот развој, физички е далеку поразвиен од своите врсници, па комбинацијата од вишок мускули и недостаток на мисловна способност честопати резултира во улични тепачки, тужби, судски покани, што доведува до излитување на нервите на третиот чир... Понекогаш заборава колку време поминало откога се родил, па знае да вреска и да плаче како двегодишно дете за да добие нешто од третиот чир, кој на почетокот се противи да му ги исполни барањата, но по долгото лигавење и молење секогаш попушта. Вториот чир се замислува како „милионер" по завршување на средното образование, но нема ниеден конкретен план за исполнување на замислите. Без идеи, поттикнат од приказните на „градежниците" за брзото заработување пари во странство, единствениот збор поврзан со неговата иднина како „милионер" е – Америка.

...Можеби тоа што се толку различни од мене ме тера да ги игнорирам.

Дијалозите што со нив ги воспоставувам се кратки, ретко смирени и пријателски искрени, а најчесто остри и бучни. Чировите ме сметаат за намќор кој го поминува времето пред компјутерскиот речник или со книгите, бел лист хартија без чувства, единствениот што нема да се насмее на најоткачениот виц. Не ме познаваат. Ниту јас им дозволив да ме запознаат, се затворив во сопствениот свет до кој немаат пристап. Имам чувства, само ги кријам под оклопот од груби зборови и невкусни коментари. Барем за третиот чир сум сигурна дека го сакам. Ми недостига кога заминувам, а кога се враќам дури имам и потреба од неговата прегратка. Тој безусловно ни ги исполнува барањата, не сака и понекогаш го покажува тоа. Кога само би добивала љубов колку што добивам пари од него... Често е незадоволен од

она што го правам и бара повеќе, бара совршенство кое не можам да го постигнам. Кутриот трет чир, има извонредна способност да не забележи ништо сè додека солзите не ти стигнат до вратот, не се ни обидува да ја прочита пораката на магливото лице. Седиме едно до друго на седмоседот и пиеме кафе, разговараме за новиот тепих десетина минути, а ниту јас, ниту тој не знаеме како другиот ги поминува останатите дваеет и три часа од денот, ниту пак сме доволно заинтересирани за да прашаме.

Се плашам. Секогаш кога ќе влезам во таа куќа полека ми запира дишењето, а пулсот ми забрзува. И тогаш кога долго време не сум влегла, неколку минути се доволни да се појави одбивноста, чувството на непожелност помеѓу тие ѕидови, желбата побрзо да заминам. Некогаш е лесно, заминувам уште наредниот ден, но некогаш останувам и по цел месец. Секоја дамка на ѕидот ме потсетува на викотниците и тие одвратни гласови. Посакувам да исчезнат засекогаш, заедно со грлата од кои излегуваат. Зависам од нив, ги сакам и ги мразам, потребни ми се и не сакам да им се доближам. Не знам кого да обвинам. Дел од вината префрлам и врз себе. Не е доволен само еден икс хромозом да те обврзе да ги сакаш. А тука има четири негативно наелектризирани честички создадени една од друга, но меѓусебно се одбиваат поради еднаквиот електронски полнеж. Уште повеќе се плашам. Наликувам на нив, но успевам да се воздржам и да не го пренесам мојот страв надвор од ѕидовите. Многу често се прашувам што би било кога би било... што би било кога во нивните очи би престанала да гледам чирови, што би било кога барем еден мал дел од овие дваесет години го потрошев за запознавање на нивниот вистински облик. Не се ни обидов. Не ги познавам. Ќе заминам, морам да заминам и тоа што поскоро, но овојпат засекогаш.



## ПЕТАР ПАН: МОЈАТА СЕКСУАЛНА ЕВОЛУЦИЈА

Собата што ја отвори Ана беше мала, со скршена табуретка поставена над весници на голите штици на кои лежеше душекот.Имаше едно столче, една маса, висеше гола светилка и немаше ништо друго. Ана се соблекуваше постапно.Тоа за мене беше премногу.Одвај уживав во чинот. Не потраа ниту секунда и за мене сè беше завршено, по цел викенд планирање, после сиот тој трошок, јас не знаев што да кажам. Ана, оставајќи ја мојата глава да лежи врз нејзините тврди гради рече: "Една моја пријателка вели дека тоа често им се случува на мажите, тоа е поради долготрајна апстиненција. Мажите не ни помислуваат дека ќе мораат да се помачат малку". Тогаш се сетив на татко ми, кој кажуваше како му велел неговиот татко: „Прво задоволи ја жената. Потоа мисли на себе." Јас реков. „Ана пушти ме да се обидам повторно." Се обидов повторно. Сега траеше подолго, но Ана не рече ништо. И тогаш како и претходно, чинот заврши. Тоалетот беше на крајот од поцрнетиот ходник. Пајажини, како рибарски мрежи од што беа начичкани со прашина, го прекриваа високото, рѓосано казанче и висеа како некакво перде над малиот прозорец горе. Кога се врати Ана се облече многу внимателно. Јас не ја гледав. Се симнавме по скалите без да си проговориме. Никојпат повеќе не се видовме заедно во истата соба.

Подоцна отидов кај чичко ми и во неговата домашна библиотека погледнав едно издание со тврд повез на „Младинска книга, Љубљана“, СЀ ЗА ЉУБОВТА И СЕ КСОТ. Тој ја имаше оваа книга долго време, а јас никојпат не добивав желба да ја отворам. Насловот ме срамеше и ме одбиваше, се плашев чичко ми да не влета во собата и да не види што читам. Големото издание со тврди корици беше така вкоричено и толку стегнато што наместа беше тешко да се видат почетоците на редовите. Бев присилен да ги тегнам страниците и да ја држам книгата под разни агли. Најпосле го најдов тоа што го барав. Прочитав дека просечен човек може да додржи десет до петнаесет минути. Тоа значеше лоша вест за мене. Еден или два реда понатака станувашe уште полошо. Прочитав дека еден сексуален атлет лесно може да одложи до половина час. Тоа ми дојде како удар. Го отфрлив тоа што го прочитав и престанав да читам.Следниот пат кога го видов чичко ми го прашав:

„Чичо како научи за сексот?“ Тој рече:

„Треба да почнеш уште од мал да учиш, ние сите почнавме од мали.“

„Тешкотијата со тебе е што ти си премногу уреден и педантен. Луѓето те гледаат и не те забележуваат.“

„Ти си поуреден од мене. Секогаш си во костум и убава кошула.“

„Да ама јас ги нервирам жените. Тие се плашат од мене. Со тебе не е таков случајот; сексот е брутална работа. Ти мораш да бидеш брутален.“

„Дали и стрина Кети се плаши од тебе?“

„Таа не се плаши туку се вкочанува од мене. Прашај ја.“



Никојпат не ја прашав, ама решив и јас како чичо да вежбам од мал да бидам брутален во сексот и љубовта. И го достигнав врвот. Години потоа шетав и застанав во златната уличка пред една продавница за златен накит, толку сјајна што блешти во сечие око. Ги посматрав сите тие убави изработки од злато кога го слушнав трговецот со злато како се лигави покажувајќи ѝ на една убава и стројна жена еден прекрасен златен прстен со мал дијамант. Трговецот зборуваше:

„Вам ќе ви го дадам госпоѓо за само илјада евра, толку и мене ме чини. Од секој друг би барал илјада и петстотини, но за вас правам исклучок.“

Таа долго време се мислеше. Прстенот и нејзините очи имаа ист сјај. После подолга душевна борба и болно колебање рече: „Не премногу е скапо за мене.“

Трговецот стана уште по речит.

„О госпоѓо, па тоа вреди најмалку две илјади; јас Ви го давам за илјада.“

„Не викам дека не вреди, но за мене е прескап.“

Тогаш решив јас да стапам на сцена и да покажам што сум научил.

„Извинитe господине а колку чини овој прстен за мене?“

Изненаден трговецот одговори. „Илјада и петстотини господине.“

„Ќе го купам.“

До тогаш госпоѓата не ме ни приметуваше, а потоа нагло се сврте па ме изгледа од глава до петици. Беше убава жена. Пламтеше целата, а посебно прстенот во нејзините очи.

Излегов надвор со прстенот и брзав да ја стигнам убавата госпоѓа.

„Извинете госпоѓо, овој прстен го купив затоа што Вам ви се допаѓа.“

Тоа очигледно ѝ годеше, се насмевна и ме праша: „а од каде ме познавате.“

„Не Ве познавам, реков, но ги познавам жените кои знаат што е убаво.“

Тоа ја опи целосно, а јас се осеќав како војсководец пред почеток на фронтовска битка. Отпрвин го одбиваше поклонот, а јас реков дека ќе биде нејзин доколку ми дозволи да погодам што прави секој ден во ова време. Ѝ се допаѓаше таква игра. Таа се насмевна и јас бев готов да погодувам, „пиете кафе“, реков



„Да.“

„Па одиме тогаш.“

Отидовме во една блиска кафетерија во која стално навраќав и каде ги сретнав своите колеги. Ја запознав со сите. Таа беше луда од радост. Времето поминуваше, а тогаш реков, „сега сигурно вечерате. Така ли е?“ „Да“, одговори таа.

„Тогаш одиме на вечера.“

Кога излегувавме решив да ја скратам играта не можев да чекам повеќе ѝ реков: „Се предавам; не знам што правите после вечерата.“

Таа се насмевна и рече: „па понекогаш одам на кино или во театар, ама само понекогаш, а најчесто сум дома и спијам.“

„Па убаво тогаш“, ѝ реков „одиме кај вас дома на спиење“.

Веќе ништо не проговоривме. Нејзе од време на време ја фаќаше силна возбуда, целата трепереше, час изгледаше како да сака да побегне час како да сака да остане, но по сѐ изгледа длабоко во душата сакаше да остане и решена беше да истрае до крај. Штом влеговме во нејзината соба, таа набрзина се соблече, па се вовлече во постелата, не кажувајќи ниту еден збор, ме чекаше целата стуткана во миризливиот чаршав. Но јас бев неискусен каков што може да биде човек кој својата сексуална наобразба ја добива од книгите заедно со својот евергрин чичко, а таа беше поискусна од мене и бараше многу повеќе. Начинот на кој го живеев својот живот не нудеше можност за поинакво искуство. Не се разбиравме многу во сексуалната игра, нималку не се разбиравме. Слабо ја следев, се вртеше околу мене како јагула а јас бев премногу спор и бавен. Килаво се качував по планината.



Ноќта поминуваше, заспавме.

Конечно утрото зазори и продре малку светло меѓу спуштените завеси. Станав, се измолкнав од креветот и бесшумно се облеков, а вратата беше скоро отворена кога од чкрипењето на кваката таа се разбуди и почна да ги трие очите.

„Значи си одиш“, ги протегна рацете а градите ѝ изрипаа како зајачки уши од под чаршавот.

„Па, си одам; веќе е утро.“

„Добро, дај да те прашам сега нешто. Ти ѓаволски ме заведе вчера и ме одвлечка во кревет, кога очекував финиш кој ќе ме одведе во ѕвездите ти се покажа многу лошо. Биди искрен и кажи ми зошто го правеше сето ова, со парите со кои ми го купи прстенот можеше да имаш петнаесет жени ден за ден.“

Тогаш се завртев и гордо ѝ реков.

„Сакав да дознаам... сакав да дознаам... дали чичко ми е во право!“

Тоа уште повеќе ја збуни и ме праша кој ми е чичко.

„Не е битно“, реков „ионака не е во право.“

Побегнав по скалите и истрчав на улицата.Чистачите го збираа ѓубрето од контејнерите и ги метеа улиците. Осеќав дека и јас сум исчистил нешто, ја фрлив книгата на чичко ми, ги згазив сеќавањата за Ана, ги фрлив сите свои премногу бујни соништа за сексот. ЕВОЛУИРАВ.



## ПЕТРЕСКА ИРЕНА: ГРЕВ

Монахот Калис клечеше и мрмореше тивки молитви, со безизразно лице на чија површина пламенот од свеќата создаваше ремек-дела во својот творечки занес. Имаше 27 години. Не си го знаеше роденденот, никој (барем никој што го познаваше) не го знаеше: монасите го нашле во дворот на манастирот како врзопче од валкани пелени и излигавено, мрсулаво лице. Манастирот беше сѐ што знаеше и имаше. Израсна предаден на верата. Светот надвор од манастирските ѕидови го плашеше (иако понекогаш се измолкнуваше од одајата и седеше припиен како сенка до масивната порта, слушајќи ги гласовите на децата што си играа или се тепаа, таму, од другата страна на ѕидот); ја сакаше сигурноста на своето темно одајче, каде со чувството дека просторот се стиска околу него и се заканува да го згмечи, се раѓаше надежта дека конечно ќе почувствува цврста, истоштувачка, можеби и фатална (па и да е таква, кому ќе му недостига, тој, Калис, оставениот, заборавениот), но сепак, прегратка... Да, еден ден ѕидовите ќе се срушат врз него и ќе го прегрнат силно, силно, а тој ќе се предаде на тоа ново и непознато чувство и ќе заспие мирно во мртовечки сон.

Поминаа дваесет години. Калис ја изгуби надежта. Но не ја изгуби вербата. Ја прифати божјата волја.

„Така требало да биде“, одговараше на сите сожалувачки погледи и зборови од селаните кои доаѓаа во манастирот да оставаат масло или да запалат свеќа во малото црквиче, па попатно секогаш застануваа да поразговараат со него.

Последните две години сам го одржуваше манастирскиот имот.

- Запусте манастирскиот живот, синко - тегнеше еден беззаб старец - Еее, помнам колку монаси имаше тука... Оној Тимотеј, па Дионисиј, па оној... како го викаа... а и игуменот арен чо’к беше... Кај се бе тие синко? Што направија? Сам ми те оставиле...



- Умреа татко, умреа.

Татко... колку чуден збор. Секогаш го изговараше студено, механички. Тој имаше само еден татко: „Бог ме создал, ме чува и се грижи за мене... чудни се патиштата Негови, го одам патот Он што го води; јас сум ластунката - Он лозарот, јас сум изгубената овца а Он пастирот што тргна да ја бара и ја врати во стадото Свое, јас сум Јона што сакаше да се откаже од судбината своја, па се најде во утробата на китот, но Он ме избави, зашто снажни беа молитвите мои и горко беше каењето мое, а Он е бескраен и такво е и простувањето Негово... Оче наш кој Си на Небесата ... не воведуј нѐ во искушение и избави нѐ од Лукавиот зашто Твоја е силата на Отецот, Синот и Светиот Дух... Амин.“

Оваа молитва ја повторуваше секој ден, секој час ... Се чинеше дека и ништо друго не прави, неговата појава стана непотполна без мрморењето што како тенка маглеста пајажина се надвиваше над неговата глава, губејќи се во длабочината на Адамовото јаболко. Откако го закопа и последниот монах во делот од дворот прошаран со крстови, како да му олесна: можеше непрестајно да се губи во своите зборови, без притоа да мора да го прекинува внатрешниот транс со тривијални одговори.

„Ги измолзе ли козите, синко? Го измете ли дворот? Слава е, ќе дојде народ... срамота е...“, и неговото речиси безгласно „Да татко, сѐ е сторено“.

Татко... Таткоооо...

Калис се сепна. Се исправи полека, трудејќи се да не ја забележува болката во вкочанетите коленици. Се доближи до прозорецот, но не виде ништо освен сопствениот деформиран одраз врз студената нерамна површина. Со свеќата во рака тргна низ мрачниот ходник низ кој оваа вечер неговите чекори по напукнатите греди, одекнуваа уште појако и поморничаво од обично. Студен воздушен бран му се зари во ткивото, телото затрепери. Тешка тишина, ниту вообичаеното лаење на селските кучиња од далечината не продираше низ неа. Стотина чекори низ замрзнатиот снег, токму пред манастирската порта; беше затворена, како и што ја остави претпладнето. Но тој можеше да се заколне дека пред малку го слушна добро познатиот звук на мачното одделување на дрвото од металот и чкрипењето на дотраените клинови.



Ја закатанчи вратата зад себе, безживотно се вовлече во студениот кревет, се покри преку глава и се помоли за брзо стигнување на сонот. „Господе, биди со мене, не оставај ме сам...“

Допир на кожа. Како свила. Можеше да ја опипа секоја пора, секое влакненце, беше нежна, речиси детска. Раката автоматски направи благо движење, вкочанетите прсти се раздвижија. Телото се припи до неговото, морници го полазија. „Не, ова мора да е сон“, прошепоти. Стисокот на другата рака врз неговата го разубеди. Се доближи

до вратните мускули и неколку мига ја вдишуваше сладникавата миризба што извираше од нив, дискретна, но посилна од мирисот на темјан и восок... а кога усните се сретнаа со кожата, тој почувствува моќно пулсирање во препоните. Ја чувствуваше под своите прсти, го осозна Нејзиниот ‘рбет - секое испакнување од Нејзините пршлени беше скалило погоре во неговата екстаза, ги галеше Нејзините меки бутови, чувствувајќи како станува цврст и огромен... „Дојдов, Калис... Не веруваше, но дојдов... Не те заборавив... Никогаш...“, шепотеше Таа, додека го триеше својот задник од неговиот еректиран орган, му ги бакнуваше ковчестите раце и ги топлеше со својот влажен здив. Нејзиното тело се најде врз неговото и тој за малку не рикна кога го почувствува стисокот на Нејзините усни врз својот пенис. Вешто го земаше и оставаше, играјќи си со сите негови точки, масирајќи му ги тестисисте ... „Земи ме“, допре до него звукот на Нејзините зборови, „целата...“ Ја зграпчи и ја потисна со својата тежина, продирајќи длабоко во Нејзината внатрешност. Бревташе како диво животно - за прв пат така и се почувствува; ги гризеше Нејзините гради, врат, раце; ги гмечеше Нејзините бутови и задник; сакаше да откине дел од Неа (ако не и неколку - од секој дел од Нејзиното тело), сакаше да ја сочува таква мека и топла засекогаш, да ја има сега и секогаш и во век и веков... додека смртта не ги раздели. „Моја си... само моја, мојааа...“ достигнувајќи го врвот, ја истури насобраната семена течност во Нејзината внатрешност и папсано се струполи покрај Неа. Ги затвори очите, чувствувајќи ги допирите на Нејзината рака врз неговото лице.

- Не ме оставај, не пак... - голтна.

- Спиј Калис - гугаше Таа - знаеш дека морам. Но ќе дојдам пак... Наскоро. Чекај ме.



Зрак светлина му ги прободе зениците. Мирис на сперма и пот. Свртен кон исток, клекна на подот, ја наведна главата и ги склопи рацете.

„Оче наш кој Си на Небесата... прости ни ги гревовите... зашто Твоја е силата на Отецот, Синот и Светиот Дух... Амин.“

## ПЕШЕВСКА ИНА: НЕДЕЛА, СЛАТКА НЕДЕЛА

Зима со криза на идентитетот. Се однесува како пролет.

Мирис на запршка, скара, риба и други делиции за станарите од зградата со фасада што исчезнува. Жени во фустани со цветен дезен, замастен од зејтинот што умира на огнот, и мажи со олабавени стомаци и раце, но цврсти маши, заедно креираат. Создаваат кулинарска уметност во своите ателјеа, т.е тераси, кои од пред неколку години почнаа масовно да се претвораат во кујни.

Нивните деца си играат на малото тревно квадратче. Родителите се задоволни поради здравиот начин на социјализација. Иако, рака на срце, малечкиве не знаат баш најдобро да играат. Но затоа совршено добро се плукаат.

Недалеку од нив, на клупите, седат старци и уживаат во сонцето. Без разлика што неговото зрачење ги заморува нивните веќе уморни органи. Го анализираат светското уредување од Балканските војни па наваму, и сѐ уште посакуваат нешто да се промени. А, адолесцентите, кои минатата ноќ пушеа трева на истите клупи, не чувствуваа потреба да сменат што било.

И единствено маалската кучка, со својот лаеж, внесува дисторзија во совршено хармоничниот тек на настаните.



Создава бука поради својата несигурност и искомплексираност, која е разултат на тоа што еден дел од станарите ја хранат и галат, а останатите ја гаѓаат со камења.

Но, сеедно. Таа е само искомплексирана кучка која не треба и не смее да го наруши мирот. Овој попладневен, неделен мир кој ја опкружува зградата со фасада што исчезнува.

## СЕРАФИМОВСКИ ОЛИВЕР: УБИСТВЕНА УБАВИНА

Седеше на столот, завален на шанкот. Ја испиваше којзнае која по ред текила. Очите му светеа како канделабри, а понекогаш ќе икнеше како знак дека се препил. Немаше намера да престане бидејќи од шанкерот побара уште една тура. Не можеше ништо да изусти, само покажа со раката. Келнерот го погледна и неколку пати сврте со главата во знак на неодобрување. Но, баш го беше заболе што овој коњов на шанкот е дрво пијан, битно е дека остава пари. Размислуваше како гнил капиталист, но таквите како дунстеров му носеа пари. Наточи од текилата и се тргна настрана. Ја пружи раката кон чашата и почувствува како некој му ја зема чашата од пред нос. Со тешка мака ја придвижи главата кон сѐ уште за него неидентификуваниот објект, но кога го виде алкохолот како да му испари во еден миг. Стоеше до него вајано дело природе, што би рекол Миладинов „божествена ја хубавина“. Се исклешти со својот крезав осмех, а Божицата со палецот помина по неговата излигавена уста на која сѐ уште имаше капки од текилата. Палецот така добро го исцица што во моментот помисли дека ќе експлодира од најразлични чувства, како новогодишен огномет. Не можеше да си ја види својата дебилна реакција, подзината уста и спуштен јазик до колена.



„Текила, а? Има супер вкус, а и ти не си лош!“, и помина со раката низ густата коса која ѝ паѓаше преку рамениците. Почна да се разместува на столот бидејќи не можеше да го издржи притисокот кој го чувствуваше во тенките панталони. Цурата дискретно примети дека попалениов со раката си игра џебен билијард, но го остави да ја заврши партијата. Тргна со тоа лигавата уста да ја пољуби, но Божицата се повлече назад и кратко искоментира:

„Каде, бе, златен!“, а овој поцрвене ко морски рак. Ја наведна главата и со брз потег на раката ја избриша устата. Од срам се вртеше околу да види дали некој го гледа и откако се увери дека секој си ја гледа својата работа тивко изусти:

„Не ми беше тоа намерата, извни ако те навреди мојата реакција!“, и отпи од чашата. Нејзиното височество се насмевна и го баци во образот.

„Не очекував толку брза реакција...“, е на ова му одеше да се изблува, кое одвратно клише, си помисли. По ова се осили, доби сила турбо инџекшн и силно ја стисна за задникот. Таа не реагираше, отпиваше најладнокрвно од коктелот. Неколку секунди ја држеше раката како да се укочи и да не добиваше команда да пушти. Како питбул кога ќе стисне и не пушта. Чувствуваше како раката му шета лево-десно, цурата не се бранеше, напротив, ѝ се допаѓаше. Ја тргна раката. Ја забриша потта од челото и стана. Девојката изненадено го погледна. Извади неколку банкноти, ги стави на шанкот и тргна да си оди. Излезе од барот и тргна со бавни чекори по темната улица. Беше ладно, па го закопча капутот. Сврте во првата уличка и застана да се испразни. Погледна наоколу дали има некој и набрзина ја заврши работата. Го закопча патентот и кога го направи првиот чекор се стаписа. Божицата стоеше пред него. Го грабна за реверот, го доближи до себе и

почна незапирливо да шета со јазикот по неговата шуплина. Беше изненаден, со ококорени очи, но не се бранеше. Ја прифати играта.

*  *
*

Ја отклучуваше бравата набрзина. Влегоа во темната соба во евтиниот хотел. Мирисаше на просторија неизветреана со месеци. Беа залепени како пијавица на раскрварено месо. Темнината не им дозволуваше да се видат еден со друг. Но тоа не им претставуваше никаков проблем. Нему му беше во глава само како да ја плесне, ама онака крвнички како обична машка шовинистичка свиња. Ја фрли на креветот, а тој почна незапирливо да се соблекува, небаре негде ќе му побегне. Се соблече угол гол и ѝ се фрли на Божицата, милувајќи ѝ ги бутините. Наеднаш срипа ко попарен. Го обли ладна пот. Како избезумен и блед како крпа стоеше исправен пред креветот. Со брзи чекори отиде до прозорецот, го отвори за да земе чист воздух, бидејќи почувствува дека го губи. Неколку пати вдиша длабоко, но нешто го притискаше во градите. Се сврте и почна да се дере:

„Излегувај пред да те убијам, те убив тука, маму ти јебем у пичка!!!", и повторно главата ја извади надвор од прозорецот да вдише воздух. Божицата срипа од креветот и како да не ѝ беше многу јасна неговата реакција. Со треперлив глас промрморе:

„Не ја разбирам твојава реакција?", а тој збесна и се стрча кон неа. Почна незапирливо и крвнички да ја удира по целото тело. Не гледаше каде удира. Неколку пати главата на божицата се поместуваше напред назад од неговите



удари. Пцуеше како никогаш, но и удираше исто така. Босата нога веќе му беше крвава. Ги слушаше само придушените офкања, но тие до него не допираа за да престане. Само слушна тивко и болно:

„Зошто...?", кога престана со веќе неконтролираните удари. Тргна кон прозорецот и погледна во градските светилки кои полека згаснуваа. Беше зазорено и немаше никој по улицата пред хотелот. Колку што го држеше гласот почна да вика, да ја исфрла сета негативна енергија и шокот кој го доживеа. Нервозно се врати до неа и клекна:

„Ме прашуваш зошто, а? Еве зошто, ти го ебам племето болно, мамути ебам у пичка, изроду болен...!!!", и почна да го кине фустанот кој ѝ беше припиен покрај телото. Крвнички го кинеше. Во тие моменти не беше при себе. Кога го искина и последното делче од фустанот одеднаш се покажа „гордоста" на Божицата. Тоа беше трансвестит, ликом и делом, желен за забава. Се исправи и почна да се облекува набрзина колку што имаше сила после такво крвничко тепање, а истовремено беше исцрпен од шокот. Ја подотвори вратата и ладно дофрли:

„Имаше среќа што не те убив....!", и ја тресна вратата.

*  *
*

Седеше на столот, завален на шанкот. Ја испиваше којзнае која по ред текила. Очите му светеа како канделабри, а понекогаш ќе икнеше како знак дека се препил. Немаше намера да престане бидејќи од шанкерот побара уште една тура. Не можеше ништо да изусти само покажа со раката. Ја испи на екс како што секогаш го правеше

тоа. Одеднаш забележа дека до него седи убавица. Му се стори дека халуцинира, па ги протри очите за подобро да види. Да, до него стоеше убавица која слатко му се насмевнуваше. Очите му се ококорија, престана на момент да дише и го изби ладна пот. Молскавично стана, ги извади парите од џеб, му ги остави на шанкерот и со трчање го напушти барот. Излезе на чист воздух и дишеше како да бил неколку минути длабоко под водената површина. Градите го стегаа. Продолжи со брзи чекори да оди по темната улица. Брзаше без да погледне околу себе. Наеднаш, во дел од секундата се најде струполен на улицата. Лежеше облеан во крв. Полека дишеше. Ги испушташе последните знаци на живот. Околу него се собраа луѓе кои на секој начин се обидуваа да му помогнат. Знаеше дека му се ближи крајот. Слушна како луѓето коментираат:

„Полека испушта душа, но гледајте како се смее...!“, и само ги затвори очите.



## СТАНОЕВСКА ЖАНЕТА: ЖЕНАТА НА НОЌТА

Кога се доселивме во ново маало, ние децата брзо ги научивме сите интересни ќошиња, децата од соседството и нивните родители. Но, беше зима, а школската година во тек, па не можевме да остануваме надвор колку што сакавме. Бидејќи телевизискиот апарат сè уште не беше пристигнал во нашиот дом, во долгите зимски вечери јас и сестра ми седевме крај прозорецот и ја гледавме улицата со набиениот и извалкан снег, недопрените снежни435 тантели на овошките во нашиот двор. Една вечер, во дворот на соседната куќа, близу до оградата, забележавме мрачна женска фигура како стои и гледа право пред себе. Бевме збунети зашто сфативме дека станува збор за жена што дотогаш не сме ја виделе. Имено, госпоѓата од таа куќа ние добро ја познававме, бидејќи се друживме со нејзината ќерка, Маја. Непознатата жена беше ниска, во темни алишта, а рамната контура на нејзината глава покажуваше дека носи шамија. Таа стоеше неподвижно околу половина час, одненадеж се заврте и се изгуби низ дрвјата во дворот. Бидејќи ова се повторуваше секоја ноќ речиси во истото време, еднаш додека игравме ја прашав Маја дали имаат гостинка. Кога таа одречно ми одговори, не можев да ја совладам љубопитноста, па ја прашав дали знае која е жената што стои секоја ноќ во нивниот двор. Таа рамнодушно ми одговори дека во задниот дел на дворот имаат две стари собички за издавање и дека во нив живеат Вера

и нејзината стара мајка. На крајот додаде дека Вера никогаш не излегува. Навистина, наскоро ја забележавме суватa, малку подгрбавена бабичка која иако изгледаше доста истрошено, брзо се движеше со полните кошници храна. Но, Вера се појавуваше само ноќе, секогаш на истиот начин и на истото место. Заради слабото улично светло, дворот каде што таа стоеше беше речиси во апсолутен мрак, па од перспективата на нашиот прозорец нејзината силуета беше темна, таинствена и застрашувачка. Често, пред да заспијам се обидував да ја замислам во боја, ама никако не ми успеваше. Таа за мене беше отелотворение на самата ноќ, и тоа не на ноќта што значи починка и спокој, ами на онаа кошмарна и тегобна ноќ што ни влева страв. Кога се осмелив да ја споменам и пред некои други деца, тие сфатија колку сум опседната со неа, па ме застрашуваа со прикаски за грозотијата на нејзиниот изглед. Бидејќи притисокот на мистеријата почна да станува неподнослив, едно попладне убедив две другарчиња, но не и сестра ми, да тропнеме на нејзината врата и да се соочиме со нејзинот лик, каков и да е. За таа цел, откачивме една од разлабавените тараби на нашата ограда и се најдовме во задниот дел на соседниот двор. Таму, како грдо крпче на ново палто, прилепена на големата куќа, сета потоната во осој, стоеше трошната ниска градба што ја криеше за мене толку големата тајна. Тажниот изглед на нивното живеалиште ме поколеба, но знаев дека ако се повлечам ќе се изложам на подбивот на другарчињата. Така, навидум решително ја стиснав раката во тупаница и силно затропав на вратата на која на места се беше подизлупила белата мрсна боја. Кога ги слушнав меките чекори како се приближуваат до вратата, срцето толку силно ми биеше што клекнав за да не паднам. На вратата се појави испиеното лице на бабичката во кое немо зјапавме неколку мачни секунди. Потоа панично летнавме да бегаме, но не по патот по кој дојдовме, ами избезумено го претрчавме дворот, прелетавме крај збунетиот татко на Маја и низ портата се најдовме на улица. Посрамени од оваа залудна дрскост, никогаш повеќе ниту ја спомнавме ни ја повторивме. Јас и сестра ми продолживме да ја гледавме Вера како здрвено гледа пред себе во ноќта, но стравот од нејзината појава полека го губеше интензитетот. Кога дојде летото со долгите и исцрпувачки игри, нејзиното ноќно стоење во дворот престана толку силно да нè окупира, но морничавата загатка остана нерешена.



И, во раното утро на 26 јули се случи несреќата која го подели помнењето на нашиот град на времето пред и по земјотресот. Избезумени од жестокото тресење на земјата, уште неосвестени од сонот, низ правот од малтер и тресокот на куќните предмети, со молскавична брзина ги претрчавме десетината скали и дворот и се најдовме на улица. Таму веќе беа повеќето од нашите соседи, во иста состојба како ние, во пижами и ноќници, престрашени од оваа неискусена стравотија. За среќа, целото наше поблиско соседство беше на улица што не беше случај со голем број наши сограѓани кои останаа во урнатините. Одеднаш, во сета таа панична раздвиженост, ја забележав мајката на Вера како стои прибрано до една млада жена седната на троножно столче. Ми стана јасно дека тоа беше таинствената ќерка. Сметајќи на општата окупираност со ситуацијата, безобразно зјапав во неа. Кожата ѝ беше неприродно бела и бебешки нежна, црн пласт од коса ѝ паѓаше на рамената, а дискретна насмевка ѝ го красеше лицето. Со очи на палаво дете таа расположено и отворено се обѕрнуваше околу себе набљудувајќи ги луѓето.

Изгледаше како убаво да се забавува. Истиот тој ден, ние го напуштивме градот за да се вратиме дури по цела една година. Но, затскриените сопчиња на нашите соседи повеќе не постоеја. Сакам да верувам дека онаа јулска катастрофа донесе барем едно добро, дека засекогаш ја изгони нежната Вера на светлината на денот за да заплива во реката од луѓе.

## СТАНОЕВСКА ЖАНЕТА: ПРИЈАТЕЛИ

Во топлите сезони, секое попладне, најчесто на истата клупа, во маалското паркче седеа двајца старци, очигледно пријатели. Тие живееја во стари, паралелно поставени згради разделени со оќелавен тревник и најчесто без да го договорат времето се среќаваа на патот до паркчето кое се наоѓаше преку улица, само стотина метри од нивните домови. Целото нивно дружење се одвиваше во паркот. Таму, долгите летни дни и старечката осаменост го зачнаа и го негуваа тоа необично пријателство. Никогаш не се посетуваа дома, плашејќи се дека воведувањето на сопругите ќе донесе промени, а тие сакаа нивното пријателство да остане такво какво што беше. Во текот на зимските месеци ретко се среќаваа по околните дуќани каде што купуваа храна. Во тие прилики одвај ќе разменеа по некоја реченица. Така, нивното пријателство во доцната есен, зимата и раната пролет беше во состојба на некаква хибернација, но со доаѓањето на топлото време тоа продолжуваше како да немало никаков прекин.

Владимир беше тенок и висок, со интелигентно ковчесто лице, со исправен грб и достоинствено држење, секогаш облечен во чисти и педантно испеглани алишта. Како бивш професор по литература, секогаш сметаше дека неговото мислење има поголема тежина, или барем дека е поубаво образложено. Понекогаш упадливо го китеше својот речник за да остави посилен впечаток, што ја хранеше неговата по малку сенилна суета. Другиот, Благоја, беше речиси во секој поглед токму спротивното – дебеличок, со тркалезно меслесто лице, со неуредна облека, а на клупата седеше како недополнета вреќа. Никаде не одеше без својата одамна деформирана и не многу чиста шапка. Како некогашен водоинсталатер, немаше мегдан да се покаше со начитаност, но имаше богато искуство со луѓе, па веруваше дека неговата предност е доброто познавање на човечките нарави. Нивните разговори најчесто беа поплаки за сиромашките пензии, критики на владејачката гарнитура, а некогаш западнаа и во долги препирки за настани од подалечното минато. Овие дискусии некогаш извлекуваа нежни спомени за младоста, а некогаш, пак, ги провоцираа на по некој груб збор.

Тоа августовско попладне Владимир не го сретна пријателот на патот до паркчето и седна сам на клупата. Времето беше непријатно - небото прекриено со ниски темни облаци, а воздухот топол и тежок. Во еден миг му прелета мисла дека Благоја може да не дојде заради страв од дожд, но се утеши дека тој не би знаел што да прави со себе до почетокот на главните телевизиски вести. Поминаа повеќе од петнаесет минути кога ја здогледа познатата фигура како тромо гази преку улицата, упатувајќи се кон паркот. Дали заради чекањето или поради депресивното време, Владимир со нервоза го следеше старечкото паткање на пријателот. Кога стигна до клупата, Благоја без збор клапна до Владимир и ја заседе вообичаената расторбешена поза.

- Се вели добар ден, нервозно забележа Владимир.

- Шо е, нешто си нервозен?

- Не знаеш добар ден ден даречеш, Благоја, не станува збор за нервирање.

- А за шо станува збор? Уше не сум седнал, ме напаѓаш, ебаго.

- Не те напаѓам, те опоменувам дека не се седнува тукутака до некого.

- Ти не си некојси, со години седиме овде, рече Благоја речиси патетично. Потоа ја крена главата и се загледа во намуртеното небо. Старечките очи му засолзија од неудобната положба на главата, а тој си ги збриша со рака и гласно шмркна.

- Ти си како невоспитано дете, не носиш шамиче и не знаеш да поздравиш, рече Владимир несвесен за инфантилноста на сопствениот коментар.

- Шо си запнал за тој добар ден! Можи не ми е добар! И не можи да ми биди добар ко сум седнал овде да ме нервираш!



- Не е важно каков ти е тебе денот, Благоја, така ми пожелуваш мене да ми биде добар.

- Ами оти да ти пожелам, ко тебе не ти е гајле како ми е мене?!

- Па, таков е редот, продолжи Владимир со истиот педагошки тон, не мора да си доктор на наука за да го знаеш тоа.

- Е, значи... секој ден мора да ми спуштиш дека си поучен од мене!

- Да, ама ти без многу наука си вадел подобри пари од мене, го боцна Владимир.

- Уф, големи богатства имам, нема шо, одврати Благоја со нападна иронија во гласот.

- Јас едно знам! Ти како водоводџија подобро ги имаш обезбедено децата од мене!

- Е, така и треба! Поважно е некому да му ја поправиш чешмата, отколку да му раскажуваш прикаски.

- Така се тешат сите неписмени, зајадливо дофрли Владимир.

- Шо имам да се тешам? И не сум неписмен, ебаго! Владимир се обѕрна наоколу за да види да не ги слуша некој. Но, во паркот немаше никој. Само еден голем уличен пес кој лежеше на десетина чекори од нив заинтересирано ги гледаше.

- Кога имам право, секогаш се браниш со викање, рече Владимир со лажна смиреност.

- Немам шо да се бранам! Викам оти ми го качи притисоко!

- Не ти го качив јас, ами многу лапаш, Благоја, од тоа ти е.

- Барем не локам скришно ракија ко тебе!



- Ех, сум локал...Некогаш ќе пивнам по една чашка, колку од мерак.

- Аман, Владимире, не сме деца! Од една чашка чоек не мириса толку!

- Моја работа е колку пијам, тебе отчет не ти давам!

- Кому ако не мене или на бабата? Децата не те сајкалат.

- Не ги мешај нив во муабетов, - низ заби рече Владимир, пребледен од лутина. - Што знаеш ти за нив?

- Знам дека одамна не ти дошле на гости!

- Син ми е многу зафатен на работа, ќерка ми живее далеку, а немаат кола.

- Море, не ти идат оти само памет им солиш, злобно заклучи Благоја.

- Јас барем имам што да кажам, а ти можеш само да ги советуваш како да не ги расипат чешмите.

- Аман, доста веќе со чешмите! Да го имав алатот овде, ќе те акнев по глава!

- А што мислиш, јас ќе стојам со скрстени раце?

- Ајде, бе, не стој, мавни да те видам, избезумено викаше Благоја, пркосно приближувајќи го своето вцрвенето лице.

- Сум бил будала, со години седам на клупава и терам муабети со еден силеџија, рече Владимир резигнирано.

- Ем силеџија, ем водоводџија! Е, многу ниско си паднал, Владимире! Зато, бегај од мене шо подалеку!

Благоја нагло стана од клупата и се затетерави, но не заборави да си ја земе шапката што во жарот на кавгата ја извади од главата и ја плесна на клупата до себе. Потоа, со брз и решителен чекор, толку несвојствен за него, се упати кон својата зграда. Веднаш по него стана и Владимир, но одеше побавно за да не го види дека е зад него. Се штрекна кога виде дека Благоја ита да ја мине улицата без да забележи дека наидува автомобил. Од страв, застана. Му олесна кога виде дека возачот лесно и прибрано го одбегна Благоја кој и не забележа дека беше во некаква опасност, туку продолжи брзо да се движи кон дома. Наскоро се изгуби во темнината на својот влез.

Владимир застана пред својата зграда за да земе здив. Почувствува како му избива пот и силна слабост во нозете. Сепак, постои само минута-две и продолжи кон влезот. Кога зачекори во бајатиот воздух на скалиштето, матно, како низ солзи, тој во себе уште еднаш го виде Благоја како бесно ја натолчува мрсната шапка на глава. Тргна кон лифтот, но не успеа да дојде до него. Додека паѓаше, ја испружи раката иако немаше за што да се фати.



## СТАНОЕВСКА ЖАНЕТА: РАДМИЛА

Радмила често доаѓаше кај нас иако не ми беше сосем јасно која беше таа сила што ја тераше да седи со часови за да размени за тоа време само неколку реченици. Мајка ми ќе ја прашаше за нејзините татко и брат, таа по правило ќе одговореше дека се добро, а сето друго време го минуваше набљудувајќи нѐ како влегуваме, излегуваме, пишуваме домашна или разговараме меѓу себе. Се чинеше дека доаѓа само да ја впие во себе атмосферата на секојдневието на едно семејство многу поинакво од нејзиното. Беше ќерка на најдобриот пријател на дедо ми и ние ја сакавме. Радмила имаше широко и речиси сосем тркалезно лице, модри весели очи, чпртест меслест нос и бескрајно добродушна, невина насмевка типична за луѓето со ментален статус меѓу возрасен и дете. Беше ниска по раст и дебелка, па заради ваквата телесна градба и карактеристичното лице, личеше на некакво човеколико прасенце. Имаше нежни раце, со тенки и долги прсти што речиси иронично сугерираа префинетост и интелигенција. Не беше необразована, иако најголем дел од школувањето го беше добила од приватни наставници. Беше девојка, веќе не многу млада, длабоко религиозна. Таа речиси секојдневно одеше в црква и пееше во црквениот хор. Беше од семејство духовно опустошено од болести и прерани умирачки, а материјално крајно пропаднато во времето на конфискациите на имотите на некогашните богаташи.

Минатото на нејзиното семејство го знаев од раскажувањата на мајка ми, па затоа во оние ретки случаи кога бев кај нив, можев да ги забележам малкуте скапоцени предмети кои жално и неподобно стрчеа во куќата со толку скромна покуќнина. Честите молчеливи и долги посети на Радмила траеја со години. За тоа време ние децата пораснавме, а таа подостаре, русата коса ѝ се прошара со сребрени влакна, рацете ја изгубија нежноста. Нејзината насмевка стана ретка, а заради брчките околу устата, детската добродушност во неа исчезна и доби израз на воздржана тага.

Окупирани со своите животи, дури откако помина доста време забележавме дека Радмила долго време не дошла кај нас. Не вознемири помислата дека можеби нешто лошо се случило во семејството, па бидејќи немаа телефон, јас и мајка ми решивме да одиме кај нив и да видиме за што станува збор. Го најдовме сам дома нејзиниот татко, убав модроок старец со интелегентно лице и фини манири. Иако одамна беше станал сиромав, по начинот на којшто ракуваше со предметите, по отменото пиење на чајот, по исправеното, речиси горделиво седење, се гледаше дека бил навикнат на многу поубави нешта. Во почетокот беше воздржан иако се гледаше дека има нешто да каже, но, нагло се премисли и почна да кажува што се случило. Рече дека пред повеќе од еден месец Радмила излегла да купи кафе и не се вратила дома. По долга потрага во која освен синот Дамјан и некои блиски роднини била вклучена и полицијата, се открило дека е жива и здрава, но дека се вљубила во маж кој е тежок инвалид, а освен тоа оженет. Но, и покрај многуте обиди да ја разуверат да се врати, таа упорно тврдела дека таму живее многу посреќно и поубаво. Со наведната глава и глас полн со очај тој заклучи дека таа сега живее во некаква шупа на периферијата, во понижувачка и неприродна заедница со



маж и со неговата законска жена. Мајка ми очигледно не знаеше што да каже и тројцата упорно молчевме кога се огласи ѕвончето. Отворив јас и за малку ќе се онесвестев... пред мене стоеше Радмила, дотерана во црвен фустан, со кармин на устата, сета натопена во евтин парфем.

Таа само површно ме погледна и брзо помина покрај мене упатувајќи се кон дневната соба. Едвај беше влезена внатре кога почна да зборува со висок тон каков што никогаш не бевме чуле од неа.

- Што е оваа потера по мене?! Зошто не ме оставите да живеам како што сакам? Имам ли и јас право да бидам жена? Никогаш не помисливте дека и јас сакам некој да ме погали! Не сум веќе дете! Одамна не сум дете, ама вие не знаевте... Јас имам право... имам право и мене некој да ме сака! Имам право...

Тогаш гласот ѝ се изгуби во поплавата од солзи. Ние занемевме пред зрелоста на нејзините зборови и гледавме во подот неколку тешки минути. Тогаш мајка ми стана, набрзина се поздравивме и заминавме. Цел пат до дома мајка ми молчеше, а јас го почитував тоа.

Неколку месеци подоцна, едно попладне Радмила ненадејно ни дојде на посета. Малку личеше на себе заради многуте загубени килограми. Тркалезното лице се беше издолжило и спуштило надолу, косата ѝ беше сосем посивена и изветвена. Но, иако телесно опадната, беше поразговорлива, духовно позрела и вешто ја одбегнуваше темата за нејзината очигледно завршена романса. Мислевме дека на ова ќе заврши нејзиниот излет во светот на возрасните, но се излажавме. По кусо време, Радмила одново исчезна од својот дом. Во следните години таа во различни интервали бегаше од дома и се враќаше, секој пат во полоша состојба. По смртта на татко ѝ, немаше кој да

посредува во нејзините расправии со братот кој со гадење гледаше на нејзините „вљубувања“, па по едно такво отсуство, тој повеќе не ја прими дома. Така, Радмила остана и без засолништето на татковиот дом, а ние изгубивме секаков контакт со неа. Неколкупати ја видов оддалеку на улица, но изгледаше толку пропаднато и изгубено, што немав храброст да ѝ пријдам. Беше јасно дека го загуби здравјето по недостојните живеалишта на нејзините „пријатели“ . Последниот пат кога ја сретнав изгледаше многу стара за својата возраст и видливо болна, со огромни отоци на нозете. Мирисаше непријатно, а очите што постојано ѝ солзеа ги бришеше со растрперените, испукани и од студот вцрвенети раце. Ме изненади што воопшто ме препозна, а уште повеќе тоа што се распраша посебно за сите членови на моето семејство. Кога ѝ реков дека е секогаш добредојдена во домот на мајка ми, таа неуверливо ми вети дека ќе оди да ја посети. Не помина долго време кога чувме дека умрела.



## СТАНОЕВСКА ЖАНЕТА: СЛАДОЛЕД

Беше убава летна квечерина со сите оние нишани на македонското поднебје – спарна, силно обоена со топлите бои на зајдисонцето, со воздухот заситен од миризби. Јас бев дете, имав речиси шест години и живеев во тесна уличка во еден мал град, па летото го минував во бескрајни игри со маалските деца. Тој ден помина како и сите други денови на тоа последно лето во мојот роден град и со ништо не навестуваше дека ќе стане едно од оние неизбришливи горчливи сеќавања. Бидејќи конечно завршија игрите, малку малаксана од трчање, решив да си купам сладолед и да се честам со уште едно задоволство пред конечно да се приберам дома. Дедо ми кој секогаш имаше разбирање за детските страсти, уште утрината ми беше дал убава жолта паричка, токму колку за еден сладолед, а јас цел ден проверував дали ми стои во џепчето. И, ете, конечно тргнав кон најблиската слаткарница која заради белите плочки на ѕидовите повеќе личеше на болничка соба, но за мене беше едно од најубавите места на светот. Додека радосно чекорев во пресрет на тоа ѓаволски вкусно доживување, од зад мене дотрча Љуба весело мавтајќи со тенка прачка во раката. Таа видно се израдува, како одамна да не сме се виделе, иако тоа претпладне долго игравме во нејзиниот двор. Љуба беше на истата возраст како мене, со апсолутно права, многу светло руса коса истрижена во

облик на шлем, со речиси невидливи веѓи, со долги бели трепки и големи сини очи. Таа едноставно ме обожаваше. Иако играв и со другите деца од маалото, најмногу време минував со неа бидејќи таа постојано изнаоѓаше начини да ме придобие, канејќи ме во својот дом за да ми покаже некои куклички или крпчиња, да ме послужи со слатко. Убаво се сеќавам на нејзината куќа. Беше малечка, со голем двор, претерано чиста и уредна, веројатно за да се додаде колку толку достоинство на сиромашната покуќнина. Но, ние најмногу време минувавме на тремот каде што ги дотерувавме куклите и им подготвувавме јадења од цветни ливчиња што ги сервиравме во празни кутивчиња од боја за чевли. Навистина е чудно што воопшто не си ја спомнувам нејзината мајка. Таа беше фабричка работничка и одеше на работа во смени, па веројатно Љуба ме канеше тогаш кога таа не беше дома. Но, јасно се сеќавам на нејзиниот татко. Тој беше висок, убав рус човек кој постојано работеше нешто во бавчата. Иако Љуба ме даруваше со премногу внимание и јас тоа го прифаќав, сепак во мене тлееше некаков отпор спрема неа. Можеби ми се чинеше дека ми краде од играта со другите деца  често успевајќи да ме намами кај себе, па јас несвесно ја казнував со тоа што не ја сакав онолку колку што таа навистина заслужуваше. Како и да е, таа квечерина почувствував силна лутина кога Љуба потрча по мене, бидејќи знаев дека нема лесно да ме пушти. Како што претпоставив, таа веднаш реши да ми прави друштво игнорирајќи го моето кисело лице. Се јадосав што не ми дозволува да бидам сама со своето задоволство, што не забележа дека не го сакам нејзиното друштво. Додека одевме по сокакот, лутината во мене растеше, па кога влегов во слаткарницата и го здогледав својот лик во големото огледало, се изненадив од сопственото бледило. Додека дебелката и весела продавачка ми го подготвуваше корнетот, уште еднаш



погледнав низ излогот, глупаво надевајќи се дека Љуба заминала. Но, таа трпеливо чекаше пред вратата, а јас сосем ја загубив желбата за сладолед.  Кога излегов, знаев дека е ред да ѝ понудам да го проба, прва да се почести од него, но јас ниту ја понудив неа, ниту, пак, самата го пробав сладоледот. Се враќавме дома молкум, со грдиот гнев во мене, со нејзиното немо разочарување и сладоледот кој полека се топеше и капеше на мојата рака. Така стигнавме до нашата уличка и штом Љуба влезе во својата порта, бесно го фрлив раскашавениот сладолед на земја и трчајќи влегов во нашиот двор. Веќе од наредниот ден, нашето дружење продолжи да се одвива како ништо да не се случило и тоа траеше уште неколку месеци додека јас и моето семејство не се преселивме во друг град.

Десетина години подоцна, дојде да нè посети Марија, сосетка од старото маало, која по некоја своја работа дошла во големиот град и распрашувајќи се кај роднини и пријатели успеала да ја најде нашата адреса за да нè изненади. Изненадувањето беше навистина пријатно, особено за мајка ми која ја искористи приликата да се распраша за некои драги соседи од родниот град. Марија со задоволство накратко ни опиша неколку свадби и крштевки, еден закоп, а се осврна и на неволјите на едно несложно семејство. Тогаш и јас посакав да прашам за моите стари другарчиња, но првото име што ми падна на ум беше она на Љуба. Тогаш, жената се вомјази, погледот неколкупати брзо ѝ прелета од мене до мајка ми, како да се двоуми, а потоа тапо се загледа пред себе во филџанот од испиеното кафе. Зборувајќи бавно и тивко, речиси со шепот, со нелагодност на човек што открива срамна тајна, таа ни кажа дека пред неколку години Љуба ја напаствувал татко ѝ и дека оттогаш тој го троши животот во затвор, а таа во душевна болница. Веста ме удри како шлаканица, ме прикова за столот, ми го затапи умот. Не знам дали мајка

ми и гостинката продолжија да зборуваат. Јас не слушав ништо, се чувствував како да ме поклопил бран од врела вода. Мојот внатрешен глас замре и не знам колку време траеше таа страотна тишина што врескаше во мојата глава. Кога конечно се прибрав, првото нешто што ми исплива во свеста беше срамниот спомен на неизедениот сладолед. И, додека грлото ме печеше од неисплаканите солзи, знаев дека онаа летна квечерина во мојата совест засекогаш се втиснала грдата лузна на гревот.



## СТАНОЈЕСКИ ДАНАИЛ: ВОШКАР

Градска градинка, два попладне, една загрижена мајка и една воспитувачка во единствената канцеларија.

- Детето е за никаде... Ова, не е на добро, не е добра ситуацијата... Не ме сфаќајте погрешно, јас сакам деца и секогаш има некои проблематични, ама тоа е сè до родителска грижа. Ако не ги гледаат многу дома се забележува тука... Ние еве трет пат се гледаме госпоѓо. Али малиов продолжува да не држи никаква хигиена.

- Дома арен е. Јас не ве сфаќам. Не слуша стално, ама добар е. Сигурно не полош од другите деца.

- Но, имаше вошки.

- Добро, се дешава.

- Да има еднаш во ред е. Но, не да има па да ги пренесе на пола други деца, да му се исчитат, пак да ги добие, да се крие од учителките при проверка и да продолжи да си игра со сите и да раширува. Цела година беше расадник на вошки.

- Ма немојте вака. Син ми сигурно не кова заговор за ширење на вошки.

- Малиот си игра и со мрсулите.

- Молам!?

- Па, нели беше настинат долго време?

- Беше. И е уште... Малце.

- Го фативме како си игра со мрсулите. Не ги вртеше само со прстите или слично. Не, не. Си праеше како градби. Ги собираше, ставаше и вода да не се исушат скроз и си имаше комплекс. Од мрсули.

- Ви се молам!

- Што да праам?

- Ќ... Ќе го викнам маж ми. Во колата е.

Се врати жената со сопругот.



- Рече дека праел кули од своите... остатоци. Од носот - му објаснуваше таа.

- Што!?

- Да, господине, малце е грозно ама тоа е тоа.

- Какви кули?

- За волја на вистината, беа повеќе како блокови – продолжи воспитувачката.

- Добро, не е важно тоа. Горан, што да правиме? - прекина жена му.

- Има психолози, може да се прати малиот таму, јас не знам што му е, сме се обиделе сите и не знаеме веќе што.

- А немирен е во останатото време?

- Не. Редовно си спие кога треба, јаде и сѐ тоа. Ама вошкиве и мрсуливе и хигиената не му се силна страна. Ги погледна таа убаво родителите, фино облечени, чисти и средени. Се праша од каде навистина детето е такво.

- А може да го викнете сега. Што прават? Би сакал да го видам.

- Сега се подготвуваат за попладневна дремка.

- И јас сакам да го видам.

- Ќе го викнам.

Се врати држејќи за рака едно петгодишно детенце. Облечено во небесно сини пижами, разбушавен во косата гледаше зачудено де во родителите де во својата воспитувачка.

- Сине - рече таткото - ја знаеш важноста на чистотата?



- Мхм - тивко одговори детето.

- Знаеш зошто се капеме, миеме рачиња, внимаваме каде газиме кога шеткаме?

- Да.

- Сине - почна и мајката - знаеш како вошките се лоши, така? Памтиш колку ѝ беше тешко на мама да ги извади сите? Зошто си трчал да ги префатиш од другите? Зошто правиш тоа што правиш? – ѝ се насолзија очите.

- Не... Треба да спијам сега мамо.

- Ама важно е ова. Зошто правиш кули од мрсули? - го растресе таткото со своите раце детето.

- Сакам да спијам!

- Најдобро ќе биде да спие. Сите сега ќе спијат.

Жената го одведе. Една минута потоа се врати со растревожен лик.

- Си имате проблем. Дефинитвно. Еве, ни децата не сакаат да спијат во близина на неговото креветче.

- Што? - моментално се фрли мајката во збор.

- Па се плашат од вошки.

- Бегаат од мојот син? - повторно ѝ се насолзија очите.

- Ништо страшно. Се дешава во групата да има црна овца.

- Црна овца!? Ох, моето дете! Мојот син! Црна овца. Зар тоа да биде нашето дете Горан? - се сврте кон мажот.

- Не... Не. Секако не. Ќе го однесеме кај професионалци. Да добие навики некои, како што треба. Јас не знам зошто дома не е ваков. Ја стварно не знам.

- Ни јас! Ништо не ми е јасно.

Ги испрати воспитувачката родителите од својата канцеларија и потоа со готвачката седнаа во дворот да пијат кафе. Децата дремеа во Големата соба. Вошкарот беше барем на метар од сите.



## СТАНОЈЕСКИ ДАНАИЛ: СУВИ СЕ РАЦЕТЕ НА МИХАИЛ

Михаил работеше во фабрика за куки. Ги одржуваше машините што ги правеа куките. Добиваше добра плата и со парите жена му знаеше да се занесе купувајќи многу работи, трупајќи го домот со мебел и украси. Михаил знаеше дека куките стоеја во кланиците и во месарниците, а во посиромашни времиња на нив висеше помалку мртво месо.

На дваесет и седми, само што го заштрафи А22 во периферниот дел Ц30, доби повик на мобилниот. Токму тука клиновите се виткаат во куки. Го бараше жена му.

- Купи млеко кога ќе доаѓаш.

- Добро.

- Ама обезмастено!

- Да. Добро. Еј, морам да одам. Чао.

Потајно чекаше вест за масовно труење, некоја кука во некоја месара била лошо излиена, пуштила олово во месото. Умреле дваесет сираци. Или така нешто. Загарантираниот квалитет на парчињата вешто направена легура го направи своето и таква вест не стигна. Сираците беа живи, но затоа пладневниот ручек во блиското ресторанче со колегите беше интересен од слични причини.

Разбра дека еден друг негов колега, кој веќе отсуствуваше со месеци, има Алцхајмерова болест. Не смееше да се насмее на умирањето на нечии спомени. Колегите очекуваа да каже нешто, но тој им врати едноставно, покривајќи си ја устата со дланката, а погледот го дефокусираше од нив, кон ѕидот со понудата на денот. Ох, имало гулаш. Забележа уште нешто. Рацете му беа посуви од порано. Чудно колку работи осознаваш кога ти е непријатно. Во вакви ситуации, Михаил претпоставуваше, луѓето оставаат поголем бакшиш, но беше крај на месецот, плата ќе имаше дури од следната недела, па убавата келнерка со црвениот кармин остана без напојница.

Паузата денес беше скратена и сите работници се собраа на паркингот на фабриката каде што фин климатизиран автобус ќе ги носи во градот. Во големата овална сала во зградата на компанијата имаше презентација. Тука важните заедно одлучиле дека е дојдено време да се спојат со друга одредена компанија која произведува ладилници за месо. Денес сè ќе им се објасни на вработените.



Ревносниот презентер, најверојатно најмен посебно за пригодата со големата насмевка и своите навистина бели заби кажуваше колку овој потег е значаен. Розовата вратоврска задоцнето ги бркаше неговите кратки, брзи движења. Можеби сето ова ќе станеше значајно и за Михаил, доколку не беше толку фасциниран од суводијата на своите предвреме остарени раце, од нивните брчки и бајатиот мирис што го попримиле од којзнае зошто парфимираните лубриканти за машините. Еден човек, кој седеше четири реда пред него, дигна рака иако сè уште не беше ред за прашања.

- А која е поентата?

- На што? – се насмевна презентерот. – Ладилниците се идни...

- На презентацијата. Поентата. Знаеме дека ќе има спојување веќе цела година.

- Ах, поентата, поентата! Па, да се запознаат сите подеднакво со планираното спојување и... Гледај на тоа како... Знаеш, мотивирање! И фокусирање!

- Мотивирање и фокусирање. Супер. Ме одвлечкавте од ручек за мотивирање и фокусирање – незадоволно промрморе човекот додека седнуваше.

Михаил ќе се насмевнеше, ама имаше едно гадно чуство и слики во главата на оган, пламења кои не можат да ги изедат ладните бетонски ѕидови од истава зграда. Му се виде непобедливо. Ништо не гореше. Тука кајшто седеше, во задниот крај на салата, ги триеше предвреме осушените дланки и чекаше човекот со голема насмевка и навистина бели заби да заврши. Сонцето го биеше во тилот.



Една убава девојка се качи на подиумот да го открие постерот со новото лого на компанијата. Михаил ја навали главата, за прв пат забележувајќи го тупето на расклештениот презентер. Слушна шепотење до себе.

- До мене е или презентацијава е досадна?

Следеше поткашлување и ја сврте главата.

- Јас сум Петар од маркетинг. Вие? – кажа истиот човек кој беше дебел со мустаќи.

- Михаил..

- Мило ми е.

Се ракуваа.

- Сакаш да одиме да земеме кафе? Има апарат пред салата.

Во лобито, до машината за кафе, Петар продолжи.

- Извини за таму, не мислев дека презентацијата е лоша. Туку, знаеш де? Инаку, што работиш ти тука? – кафето го држеше бизарно, колку што може бизарно да се држи пластична чашка. – Нема да пиеш кафе?

- Не. Грдо е... Работам во фабриката, подмачкувам машини.

- Аха.

Обајцата погледнаа во подот. Михаил го примети грдиот, црвен, синтетички тепих. Во канцелариите во фабриката имаше ист ваков, грд, црвен синтетички тепих.

Михаил сам почна. Чуствуваше притисок во главата и сакаше да го замолчи зборувајќи.



- Кажи ми, Петар, како планирате да ја рекламирате нашата гордост следната година? Со новото лого сигурно ќе има и некој слоган.

- Па добро, знаеш не се куките за вакво де. Купувачите сакаат претежно да ги знаат техничките спецификации, мислам куки се де, нема некоја потреба, разбираш? Куки, се става месо на нив – малку збунето, но низ смеа го заврши образложението.

Луѓето почнаа да излегуваат од салата. Иднината е сега. Куките и фрижидерите заедно.

- Те разбирам – кисело се насмевна Михаил. – Петар, јас одам.

Сакаше да излезе од зградата, но не издржа. Влезе во тоалетот до излезот. Години отрови, потиснат гнев и сѐ останато побрзаа од устата и завршија во чистата, репрезентативна шолја, која го потсетуваше на чистото репрезентативно лице на човекот со навистина бела насмевка, розова вратоврска и тупе. Престана да биде горко. Избистрен, исчистен од сиво-жолтата маса, остана гнев.

## СТОЈАНОСКА ГАБРИЕЛА: ОТВОРЕНИ ВРАТИ

По начинот на кој Петра влезе во собата, полека и без да ја лупне силно вратата, Марко знаеше дека завршила: ги светнала сите соби и го изгаснала светлото насекаде, па ги свитка испружените нозе правејќи ѝ место да се прибере покрај него, на троседот, пред телевизорот. Дотогаш можеби едно дваесетина пати брзо, со тупотење, влегуваше и излегуваше, де од едната врата, де од другата, де од балконската... Тој не беше сигурен што му пречеше повеќе, дали тресканјето на вратите или провевот кога ги заборавaше отворени, веројатно мислејќи да се врати брзо. Но, не ѝ префрлаше. По навика, без да стане, само ќе ја испружеше раката и ја затвораше со удар вратата зад него, барем да не му дува во грбот. Секоја неделна вечер Петра беше таква. Ќе ги испратеше до таксито Ива и Ева и уште качувајќи се по скали почнуваше да ги центрира изместените патеки, да ги реди расфрланите влечки и да собира сѐ што не е на место. И нему му застануваше во грло како нешто што не може да се проголта нивното заминување во Големиот град, но тоа е тоа, кукличкитеблизначки пораснаа, сега студираат, утре којзнае каде ќе се омажат, и туку ќе се накашлаше. Но, повеќе му беше за неа. Знаеше дека сега, откако го среди хаосот кој го оста-

ваа девојчињата зад себе кога ќе заминеа, нејзиното лошо расположение повторно ќе ја налегне.

- Што велиш, душо, да ти направам една добра масажа, а? Да те опуштам малку? - слушна Петра додека се сеќаваше со каква сласт децата ја искркаа супата и по малку се лутеше на нив што се мрзливи и не си варат почесто супа во станот, па јадат што ќе најдат и она ѓубре од сендвичарите.

- Масажа? Мм... не. Не ми е до масажа – му одговори и го искрцка вратот на сите страни. Потоа стана и ја отвори ширум балконската врата.

- Ај, нека постои уште малку балконскава отворена. Смрди на цигари! Еден куп ги испушија со другарките. Ќе се иструјат. И нема ни три дена откако ги исправ завесиве...



И додека излегуваше на терасата тој ѝ дофрли: - А добро би било ти да ме измасираш малку? Целиот сум здрвен од климана во автобусот. Ме разболе.

- Другпат - рече Петра и седна на столчето.

Ведро е. И ладничко. А крај на јуни е. Блиски единаесет, децава сега излегуваат по кафулиња. Види ги голи. Ќе се сетат кога ќе ги боли. Масажа. Ммм. Требаше да прифатам. Сè ме боли. Сите коски и мускули. Уф. Но, тој ќе се разнежни... А мене главава ужасно ме влече наназад, како да пропаѓам. И после, ќе треба да му вртам грб, или да правам атер... Не можам. Не сакам масажа. Мразам масажа. Ооо, сакам масажа. Сакам масажа, но само масажа. Ништо друго во пакет. Еби му мајката, после толку години јас сум... небаре дете. Глупости! Знам од каде иде, и смешно ми е, глупаво... го имам надрастено, ехеј прерастено... Но ете, сè уште без радост ја прифаќам масажата место предигра. И мислам „место предигра", кога можам да речам „како предигра". Годините си врват... Колку да имав тогаш? Надица беше тукушто мажена. Се вери на дваесет и седум, а од мене е постара дванаесет. Пет-шеснаесет. Лето беше. Задушлива вечер. Отворени врати и луѓе по балкони. Се вратив брзо. Многу предвреме. Се бевме скарале нешто со Ирена... за што ли се скаравме?... детски работи, нешто неважно. Но, ѝ бев многу лута, ха, зашто постојано се лутеше без причина ха, ха. Којзнае зошто заминав директно во мојата спална соба? Дали затоа што бев разочарана и ми се плачеше?... Ќе требаше да објаснувам... а не ми се зборуваше... ги собув патиките и ќе се пласнував на перница да лежам и плачам во темница... Не знам. Ѕирнав низ завесата на вратата во стакло, колку да видам што прават. Мајка ми лежеше на креветот. Татко ми стоеше до масата. Тој зеде нешто, некое кутиче, сигурно салото со црн бибер и почна, се наведна над неа да ја масира. Ме чекале да излезам, па да се масираат. Редовно се мачкаат со сало кога се настинати. Оф, требаше да им се јавам кога дојдов. Ништо од моето самување. Ќе излезам тивко и ќе влезам повторно, како првпат. Дали претходно ја масираше на грбот? Не се сеќавам, но ја гледам кајшто лежи на грб, а татко ми ја масира некаде напред. Не се гледа каде зашто телото ѝ е пониско од страницата на креветот. Само темето на главата, коса над перницата, и ништо друго. Но, можам да ги претпоставам нејзините две огромни гради распослани на дебелиот стомак. Татко ми масира. Што? Како? Дали нив? Не знам. Мене ми изгледа како да не ги ни допира. Господе Боже. За срамота! Што правам? Колку незгодно. Морам да излезам. Што потивко! Ќе биде непријатно ако сетат дека сум ги видела во ваков интимен момент. Оф леле, ќе им скрцка вратава. Внимателно ги обув патиките, и пред да заминам ѕирнав уште еднаш. А не требаше. Татко ми ги спушти

панталоните, старски, вреќести, широки гаќи... и се качи врз неа. Почна да турка. Ужас. Заминувај! Полека излегов, и сосем тивко ја затворив надворешната врата од станот. Седнав на скалите. Срцето никогаш посилно не ми чукало. Господе боже! Што ми требаше ова? Каква слика! Татко ми и мајка ми! Од сите луѓе на светот токму нив да ги видам. Вака ли ме направиле? Господе боже! Во девет часот! Со незаклучена врата, еј! Сосетката може секој миг да влезе! Запалени светла, разотворени врати, прозорци, телевизорот ечи... Уште вие ми требавте: Мите и Дарко, внучињата на сосетката. Не знам што бараат, но засилени се да влезат внатре... веројатно татко ми кој редовно ги игра... Претрчуваа таму-ваму преку цел ден... И ете ме мене како ги сопирам, како избезумена, а тие се зачудени и лути... Не сфаќаат зошто и се борат... па морам да ги заиграм и да им го насочам вниманието кон нивниот дом. Зборувам брзо, тресам глупости, но добро, конечно заминуваат... Што ако влезеа? Што ако не бев тука? Кој ќе ги спречеше? Лута бев. Ако дојдат пак? Се вратив во станот, овојпат тропајќи силно со патиките. Ќе ги прекинам. Не сум фер, барем нека завршат. Бувнав во кујната. Ги поткренав и ги отпуштив сите капаци на тенџерињата кои стоеја на шпоретот. Што ако ги закочам еден во друг, како што кажуваат дека некои се заглавиле па морале да ги носат така до болница за да ги одделат? Ја отворив, подржав и затворив вратата на фрижидерот. Ѕирнав и во рерната. Им давав време да се приберат. Кога помислив дека е доволно за да изгледа вообичаено, се фатив за кваката на дневната соба. Одеднаш притисок. „Почекај малку!“ – мајка ми со цела тежина запнала и ја држи вратата затворена. Не навалувам. „Татко ти се преслекува“. За срамота! Господе Боже што им приредувам. Па таа знае дека јас сум голема и ќе се сетам што прават. Сигурно татко ми преминува во спалната соба за да се



досреди. Се мразам. Влегувам во собата. Него го нема. Се задржува подолго. Веројатно во бањата. Или пуши цигара на скали како обично. После доаѓа и седнува на неговото место да гледа телевизија. Јас сум гладна и ѝ барам на мајка ми јадење. Ми минува мисла со кои раце сега ќе ми мачка мармалад. Друга слика. Седам на масата и сосила голтам. Нешто не ми е погодено јадењето... или не ми се јаде воопшто. Долго се молчи таа вечер. Татко ми вцрвенет и здрвен гледа телевизија. Мајка ми нешто плете. Но нејзиното лице издава дека притисокот сигурно ѝ е покачен или главата премногу ја боли. Таа не се жали, но јас гледам колку многу ѝ е криво и ми е жал за неа. Ми е жал за двајцата. Сигурно и тие жалат за мене. Неколку денови живеам со мојата тајна. А после ете ме со сестра ми Надица, пак во мојата соба како ѝ се доверувам готова да се расплачам. Таа се засмејува како на најслатка шега: „А мори Петра што си видела, што мене дваесет и седум години додека живеев во овие две соби не ми се случило, ха, ха, ха..." „Што зборувате вие две? Што ви се случило?“ - ја отвора вратата мајка ми и знае дека ѝ кажувам. Сестра ми се смее, и мајка ми иако како да не ѝ е некако сеедно, се насмевнува... а мене малку ми е полесно. Неколку години подоцна дури и ги зафркавав на оваа тема. Татко ми под мустаќ се смееше. Убаво е смеењето. Здраво е. Посебно смеењето на сестра ми, ме оздрави. И понекогаш кога ќе се потсетиме со неа се смееме. Но, ова со масажава, некако ми остана. И покрај сето разбирање што го имам денес. Можам да набројам десетина причини и оправдувања. А тогаш беше: добро, каде се бакнежите? Каде е нежноста? Каде е ЉУБОВТА? Многу суво... грубо... некако животински... невозвишено... ми се распарчи замислата за водењето љубов. Не беше така ни во книгите што ги имав прочитано, ни во романтичните комедии што ги гледавме, ни во разговорите со „искусни-

те“ другарки, најмалку во мечтаењата за иднината. ТОА не требаше да изгледа така. Зошто никој не ме предупредил?

- Слушај: или влези внатре или затвори ја вратата, те молам. Доста ми е од чист воздух вечерва.



## SHE : НЕДЕЛА

Таква беше рутината - секоја Недела попладне како по таен договор, тој доаѓаше кај неа. Јадеа индиска храна, гледаа филм на пиратско ДВД, имаа секс, па таа го бркаше да си оди пред да дојде 2 еј-ем. Преку цела седмица повремено се слушаа, се гледаа овде-онде, но знаеја дека ништо не испуштаат и дека следната Недела како и сите останати ќе биде само нивна.

Таа Недела тој отиде до ресторанот за индиска храна, потоа купи филм од некоја дива тезга, и за прв пат сврати до цвеќарница за неа. Ѝ купи еден голем убав Сончоглед, за кој одамна знаеше дека е нејзино омилено цвеќе, но знаеше и дека таа мрази подароци колку што ги мрази ружите. Се наоружа со храброст, со Сончогледот во одбранбени редови, и заѕвони на вратата. Беше изненаден од пријатното заблагодарување, и таа веднаш го стави цвеќето во шарената вазна на трпезариската маса.

Оваа Недела беше нешто поинаква од другите, ни самиот не знаеше зошто. Го изгледаа лигавиот романтичен филм додека јадеа од книжните чинивчиња со отпакувана алуминиумска фолија од страните. „Чудно“, си помисли тој, но таа како да беше разнежнета од филмот. Или од Сончогледот, можеби.

Миг по почетокот на одјавната шпица, алиштата се влечеа по подот околу троседот, а тие се најдоа во таква прегратка од каква што никој никогаш не би можел да ги оддели. Се движеа во ритамот на звуците што заедно со раната пролет доаѓаа низ отворениот прозорец. Неа за прв пат во мислите не ѝ се мотаа прашања дали е доволно убава, дали косата ѝ е доволно сјајна, дали кожата ѝ мириса на лаванда или дали тој нема да забележи дека ѝ потпораснале влакната на нозете. Таа Недела, за прв пат заедно се искачија до сите врвови натрупани од енергија што двајца може да ја чувствуваат еден за друг. Сè уште задишана од брзиот ритам на срцето, како да се струполи врз него и го затскри нејзиното лице во неговата прегратка, а тој почувствува солзи на неговиот образ. Таа Недела, таа целосно му се препушти и тој тоа го знаеше. Облеана во солзи, со потечено лице и црвен нос, таа сè уште му изгледаше како најубавата жена на светот. Ја сакаше повеќе од сè, сега, кога знаеше дека конечно е негова. Таа се поттргна колку да го гледа во очи. „Глеј повреди ме... ќе ти ги исечам јајцата", низ солзи и смеа му рече. Тој се насмеа и цврсто ја гушна, преплетувајќи ја едната рака во нејзината коса како што во тој момент беа испреплетени нивните тела.

Таа посебна Недела, во 2 еј-ем, за прв пат таа не го избрка да си оди.



## SHE: КРОЈАЧ НА СУДБИНАТА

Пребледе во моментот кога ги виде резултатите од тестот, рипна од кауч от и на цел глас почна да вика „Иди у пичку матер пичко курвинска!!!", ги стутка хартиите што штотуку ги прочита и ги фрли во аголот на собата. „Матер ти ебам кучко една", промрмори откако со рацете силно си го протри лицето додека не му поцрвене, а потоа се потсмири.

Седна и почна тивко да си зборува на себеси: „Не ми се верува што ми направи курвиште едно, ќе те убиев да не умреше сама смрдло една запуштена... пичка ти матер да ти ебам... Ебате кучката што ова намерно ми го направи", и почна со иронија да имитира женски глас: „Фрли го кондомот, боље ќе ни биде... бахxх! Курво една, ѓаволот да те растура секој ебан ден, воздух да не можеш да земеш... барем него не можеш да го заразиш пичко една продадена... ти ебам матер ти ебам", продолжи да си зборува самиот со себе и да ја пцуе на сите можни начини, а солзи почнаа да му течат по вцрвенетото лице додека ја гледаше стуткана хартијата во аголот.

Со денови се мислеше што да прави. Мислеше дека животот му е завршен, дека ако дознаат ќе се случи истото како со човекот што јавно побара помош, оној кој сите го одбегнуваа, а и фамилијата ја изгуби. Зошто,

по ѓаволите, никој не ги објавуваше заразените? Така ќе знаеше дека таа кучка е болна и сѐ ќе беше поинаку. Мило му беше што ја најдоа мртва во нејзиниот стан, но криво му беше што не ја уби самиот со свои раце. Се мислеше ако дознае неговата фамилија што му се случило, дека ќе го отфрлат, а мајка му дека ќе умре од мака. „Зошто кучко една глупава? Зошто ме повлече и мене, гнасо една? Како можеше ТИ да ми ја кроиш мојата судбина? Да ти ебам... сѐ да ти ебам!“

Си рече дека е подобро да излезе, му беше страв да не им го пренесе вирусот на другарите, па излезе сам. Најде некој од маалските дилери и купи некоја доза, заедно со шприц. „Сега ништо нема да ми штети“, си помисли, „може само добро да ми дојде.“ Живна малку и не сакаше да мисли на она што му се случи, сакаше малку да се журкааа!!! Шприцот го чуваше во ракавот од кошулата и го придржуваше со до-малиот прст. Влезе во една од дискотеките и расположен почна да игра на некоја од популарните електронско компонирани песни, мавтајќи ги рацете на сите страни.

Му се причини дека ја виде неа и нагло се сврте за да види поубаво. Таа како да исчезна, на тоа место немаше никој. Се сврте на другата страна и ја виде повторно како се турка во гужвата. „Ааа... сега нема да ми избегаш, курво една!“, си рече и тргна по неа туркајќи се. Повторно му исчезна од видот, се креваше на прсти за да види поубаво, но никако не можеше да ја најде. Отиде до бањата да се освежи. „Полудувам, сигурен сум дека ја најдоа мртва...“, тогаш се погледна во огледалото за момент, „...а ако го испланирала и тоа? Што ако стварно беше таа?“, си помисли. Зашеметен отиде до една од кабините и седна на шолјата од која за малку ќе паднеше. Го извади шприцот и од набрекнатата вена извади крв за да го наполни речиси



цел шприц. Не ја чувстваше иглата како претходно, сега веќе не мислеше на него, туку како неа да ѝ се одмазди за тоа што го осуди на смрт.

Излезе надвор со несигурен од полн со гнев, а таа беше токму пред него, играше бесрамно со некој дечко смеејќи се. Како ништо да не ѝ беше гајле. Полн со омраза отиде блиску зад неа, доволно блиску за да го помириса познатиот мирис на нејзината коса и застана за момент вдишувајќи го. Помисли на времето кога беа заедно и тогаш решително ја боцна во голата половина. Се сврте за да си оди и ја виде и на другата страна... таа иста заводлива руса коса! Отиде до неа и ја боцна во рамото, но веднаш ја виде и на друго место, па отиде и до таму и ја боцна во вратот. Таа почна да вришти на цел глас, но никој не ја слушна од гласната музика. Тој испаничи и почна да трча кон излезот туркајќи се и секој пат кога ќе ја видеше по патот ја боцкаше кај и да стигне. Кај излезот го фрли празниот шприц во некој од аглите и не престана да трча надвор кон паркот.

Кога веќе немаше сила, застана задишан и се наведна без сила. Се држеше за колената и се обидуваше да земе воздух. Го гледаше езерцето пред него и зраците од полната месечина кои се одбиваа од површината, а сликата му мрдаше, се дуплираше, се триплираше. „Така... те уништив! Како ти мене, кучко глупава...“, бладаше додека целиот свет се вртеше околу него како на вртелешка. Одвај зборуваше нешто што ни самиот не го разбираше и во еден момент падна изнемоштен на косата падина од езерото. Од залетот и сопствената тежина, се стркала во него.

## SHE: МАНЧ-МЕЛОУ

Долго време се туркав низ темницата за конечно да го почувствувам мирисот на мојот дом, кој и покрај сѐ не ми беше толку важен како неговиот мирис кога ме држеше во прегратка. И штотуку го видов, мојот јазик се рашири покажувајќи ги сите заби во мојата уста, но неговото смирено лице уште во моментот ми најави дека прегратката ќе биде кратка, на што не обрнав многу внимание, сѐ додека навистина немав време ниту да го почувствувам допирот на неговата маица под моите пазуви. Додека стоев збунета, но сѐ уште среќна од помислата дека сум до него, го видов како се поздравува со неа. Долго. И ја бакна во средното око, а потоа во десниот образ. Таа што ја нарекував мојата најдобра другарка.

„Па, добро“, си реков, „се зближиле поради мене, додека јас не бев тука“, иако знаев дека не е само тоа, не сакав да помислам на ништо друго и уште во следниот момент отидов до стаклената табла на која на една реклама цртаа заситени органски соединенија и каде фотографот Цуки редеше колачи во форма на пирамида. Веднаш штом ја заврши, со договор без ниту еден кажан збор, двајцата почнавме лакомо да ги јадеме манч-мелоуата од пирамидата, секој од својата страна. Со аголот на левото око можев да



ги видам нив, како се гушкаат и тој ја бакнува во окото, па во образот. Сепак, во моментот поважно ми беше да се дојаде кулата од манч-мелоуа кои лакомо ги пикав во устата оставајќи чоколадо по целото лице и раце.

Внатре не прекина да врне дожд.

## SHE: НИМФА

Дријада беше една обична нимфа која беше заробена во тело на стаорец поради клетва фрлена за некој грев на нејзините родители. Откако знаеше за себе живееше во едно дабово дрво во средината на централниот градски парк и не се дружеше многу со другите стаорци бидејќи знаеше дека е подобра од нив. Останатите нимфи го мислеа истото за неа како таа за стаорците, така што таа не се вклопуваше во ниту еден од двата круга.



Секоја вечер излегуваше на ливадата покрај езерото и се дружеше со Месечината, уживаше во нејзиниот отсјај во водата и се капеше во нејзините зраци додека чепкаше по ѓубрињата што ги фрлиле туристите во текот на денот. Тоа го правеше целиот нејзин живот и никогаш не се надеваше дека некој ќе ја препознае нејзината вистинска душа, токму поради тоа што уживаше во друштвото на Месечината. Покрај неа се чувствуваше среќна и сигурна, нејзините ноќи беа исполнети со љубов бидејќи знаеше дека Месечината сјае токму за неа и за никој друг.

Една ноќ, после нејзиниот дваесет и некој роденден, толку многу се заигра со Месечината што не ни почувствува кога заспа на брегот наместо да се врати во својот даб како и секоја ноќ пред муграта. И тогаш, за прв пат се запозна со полниот сјај на Сонцето, изворот на делумната светлина што ѝ ја посветуваше Месечината. Беше вчудоневидена како некој може толку да ја сака за да може толку да ја грее, да ја милува толку убаво по нејзиниот грб, како да не забележува дека нејзиното крзно е толку грдо. Го помина целиот ден покрај езерото капејќи се без грижа, трчајќи меѓу луѓето и трошките кои ги фрлаа и за кои гулабите се тепаа. Не ѝ беше грижа за ништо, беше воодушевена од новиот свет кој го запозна благодарение на Сонцето. Вечерта не можеше а да не ѝ се придружи повторно на Месечината, која отсекогаш била толку нежна кон неа. Но, овој пат додека Месечината ја допираше со нежните зраци, Дријада мислеше на Сонцето и неговата силна топлина. Во муграта наместо да се повлече во својот даб, остана покрај езерото и со нетрпение го чекаше него, додека Месечината полека заоѓаше зад дабовата шума.



Ја љубеше Месечината, а се заљуби во Сонцето. Со денови не спиеше, ги сакаше тие два вечни извори на светлост, толку блиски и толку различни. Но набрзо почна да чувствува умор. Нејзината љубов беше бескрајна, но нејзиното тело не беше бесмртно. Знаеше дека не може да продолжи без сон. Не сакаше да си признае, но знаеше дека мора да избира. Со солзи на очите во муграта реши да не го чека повеќе Сонцето и отиде во својот даб. Но, наместо да ја стигне сонот кој ја бркаше толку долго време, таа продолжи да плаче слушајќи го веселиот џагор што се слушаше од паркот. Плачеше од дното на душата, плачеше за Сонцето, за Месечината, плачеше за неа и својата судбина. Откако надвор сѐ стивна, полека се извлече од нејзиното дрво. Знаеше дека Месечината нема да се појави уште некое време, па полека се одвлечка до езерото и се погледна во него. Водата беше необично мирна, и таа зачекори во неа, полека. Плачеше како да ѝ се одзема животот, губеше здив по здив.

Сфати дека Месечината е дел од Сонцето, а дека за неа и Сонцето некогаш ќе стане Месечина. После долго време поминато под вода, таа реши никогаш повеќе да не излезе на површината... за никогаш да не мора да избира меѓу нив. Солзите се сврзуваа со капките, како што почна да се сврзува нејзиното тело со езерото... и таа повторно се претвори во нимфа! Клетвата на Дријада беше конечно скршена. Оттогаш беше позната како Лимнада - езерската нимфа која се заколна никогаш повеќе да не љуби.



## УГУРОВСКА АНАСТАСИЈА: СТРАВ

Баба ми била вештерка... Така викаат сосетките што доаѓаат да им гледа на кафе. Ама тие не гледаат дека ми намигнува додека тие седнуваат на дрвениот стол.

„Ќе ти го одбијат чекот во банка“ – ѝ кажува баба ми на Велевица. Таа забезекната ѝ враќа:

„Леле, како ми погоди! Сабајлево се случи тоа.“ И возбудена им го прераскажува моментот на другите стари жени што нестрпливо чекаат на моментот. „Што ли ќе ни каже денес“, се прашуваат.

„Доста е за денес“, вели баба ми. „Ајде ти седнувај“, ми се обраќа мене... Јас па си викам: "Од каде да ги најдам вистинските зборови...“

„Пјевај! Што те мачи?“, гледа баба ми дека не ми се овците на број денес...

„Ми е страв“, ѝ велам. „Ми е страв дека ако отидам во шумана ќе се изгубам. Дека ќе биде темно и дека од толку многу дрва нема да можам да го најдам магичното.“

Баба ми се смее...

„Магичното дрво е таму каде што сакаш ти да биде... а што е тоа магично дрво?“

„Бабо бре! Како не знаеш! Па магично дрво е дрво со златни лисја. Дрво што има очи, уста и нос, и што ти ја кажува иднината. Ама секогаш ти кажува две иднини и ти ќе си одбереш после дали ја сакаш првата или втората. И ако го најдам, се плашам дека ќе ја одберам погрешната судбина.“

Баба ми дента е запрепастена од моето размислување. Обично пеам и вакви суштински прашања не поставувам многу... Таа се чуди што ми станало на 25 години да зборувам за магични дрва... како да имам 6 години.

„Слушај, на 25 години не можеш да ги продадеш своите соништата за да купиш туѓи. Соништа не се продаваат. Ќе си ги чуваш... ќе те водат некаде далеку...“

Може треба на кафе да ми гледа... Може ќе ми види дека никој не гледа што ме мачи... Ме мачи тоа што разговарам со баба ми што умре кога имав 4 години... Дали и другите баби знаат дека баба ми е умрена ? Дали знаат дека мртва баба им гледа на кафе??? Или јас гледам мртви баби? Или и јас сум мртва??? И куќава каде што седиме... па ја срушија кога се роди брат ми. Сестра ми тогаш 5 години имаше...

Чудно е што постојано истите баби чекаат пред врата... и секогаш Велевица има проблем со банка, а Перевица има швалер. Ама баба ми ги видела позади поштата како делат бакнежи. Затоа на кафе и гледа дека некој знае... Не кажува кој. Не кажува дека ги видела. Таа со сукња била па швалерот ѝ ја дигал полека сукњата. Сакал кожата да ѝ ја осети...

И постојано кога баба ми ми кажува каде ќе ме носи животов, се будам препотена... а мајка ми ме прашува:

„Не те вика со неа, нели?“

Ме вика, ама јас не сакам да одам. Постојано сум договорена со некој друг. Може ќе одам еден ден. Ако некој друг не ме викне на друго место... некое место со дедовци што играат кошарка... и се расправаат за фаул, а не за Тито...